ПРОСПЕКТ

ЗА

ЗАДОЛЖИТЕЛНА КОТАЦИЈА

АДИНГ АД Скопје

Адреса: Новоселски пат бб Скопје
Датум на изработка: април 2013 година

Покровител на котацијата
ПОШТЕЛ-БРОКЕР АД
ул. Никола Кљусев бр.6
Скопје

1.2. Изјавата од Органот на управување за податоците во проспектот е во прилог на истиот.

1.3.Банки на издавачот:

1.3.1-Комерцијална банка АД Скопје, Кеј „Димитар Влахов“ 4, П.Фах 563, 1000 Скопје, Р.Македонија
1.3.2-НЛБ Тутунска банка АД Скопје**,** Водњанска 1, 1000 Скопје, Р.Македонија
1.3.3-ТТК банка АД Скопје**,** ул. Народен фронт 19а, 1000 Скопје, Р.Македонија

Советници:
1.3.6-SGS Bulgaria Ltd**,** 115G, Tsariigradsko shouse Sofia 1784, BULGARIA-
ISO 9001:2008-систем за менаџмент со квалитет
ISO 14001:2004-систем за менаџмент со животна средина
1.3.7-Технолаб ДОО Скопје**,** бул. К.Ј. Питу 28/3 лок.24, 1000 Скопје, Р.Македонија-безбедност и здравје при работа

1.4. Назив и адреса на друштвото за ревизија кое извршило ревизија на годишните сметки на издавачот за периодот определен во условите за котација на посебните пазарни подсегменти:

1.4.1-Грант Торнтон ДОО Скопје**,** ул. Мито Хаџивасилев Јасмин 52 в-1/7, 1000 Скопје, Р.Македонија

1.5.Нема квалификации на ревидираните годишни финансиски извештаи, нема одбивање на ревизорот да даде мислење на извештаите, а нема и негативно мислење на извештаите.

1.6. Издавачот нема добиено мислење од надворешен експерт за делови од Проспектот.

1.7. До Македонската Берза на долгорочни хартии од вредност АД Скопје е доставено барање за котација на акциите на Официјалниот пазар на АДИНГ АД Скопје**.** Барањето за котација се однесува на 386.400 акции со номинална вредност од 9,983 евра по акција

2.ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЧОТ И КАПИТАЛОТ НА ИЗДАВАЧОТ

2.1. Назив и седиште на издавачот:

Фирма:
Деловен систем **АДИНГ АД** за производство, примена и пласман на хемиски материјали за градежништво и инженеринг работи, Скопје.

Скратен назив:

АДИНГ АД Скопје

Седиште: Новоселски пат бб, Скопје.

2.3.Основната главнина на друштвото изнесува 3.857.636 €.
Основната главнина ја сочинуваат вкупно 386.400 обични акции.
Номиналната вредност на една акција изнесува 9,983 €.

2.4. Одредби од статутот кои ги регулираат промените во капиталот на издавачот и правата што произлегуваат од различните родови на акции:

Член 7

(1) Одлука за издавање акции донесува собранието на друштвото со мнозинство гласови коешто не може да изнесува помалку од две третини од акциите со право на глас, претставени на собранието.

Член 8

(1) Друштвото може да ја зголеми или намали основната главнина на начин и во постапка утврдена со закон.

2.5.Во периодот определен во условите за котација на посебните подсегменти нема промени во структурата на капиталот и бројот и родовите на акции кои го сочинуваат вкупниот капитал на издавачот.

2.6.Издавачот нема должнички конвертибилни хартии од вредност, па поради тоа не може да се даде опис за правилата и процедурите на конверзија.

2.7. Имињата односно називите на акционерите што поседуваат над 5% од акциите со право на глас

Состојба 01.03.2013

#	Име/назив на имателот	Презиме	Процент
1	Зоран	Петровски	8,32%
2	Љупчо	Атанасовски	7,94%
3	Благој	Дончев	6,07%
4	БИРО ПРОЕКТ ДОО СКОПЈЕ		5,45%

2.8.Издавачот поседува мнозинско учество во други друштва, следи опис на меѓусебната поврзаност:

#	Земја	Правно лице	Процент на учество	Правна форма	Се консолидира? (ДА/НЕ)
1	Бугарија	АДИНГ Бугарија	100%	ДОО	ДА
2	Србија	АДИНГ Белград	100%	ДОО	ДА
3	Казахстан	АДИНГ филијала Алма Ата, Казахстан	100%	Подружн	
	Македонија				
4		БИЗНИС ЦЕНТАР АДИНГ Скопје	100%	ДООЕЛ	ДА
5		ИНВЕСТ А Скопје	100%	ДООЕЛ	ДА
6		БИРО ПРОЕКТ Скопје	65,82%	ДОО	ДА

Издавачот поседува малцинско учество во други друштва, следи опис на меѓусебната поврзаност:

7	Македонија	ЛА - Хемија Скопје	40%	ДОО	ДА (equity method)
8	Иран	ADING CHIMI PARS	49%	ДОО	НЕ,пресметковна година во Иран трае до 20 март

2.9.Во прилог на Проспектот се доставени ревидирани финансиски извештаи на издавачот за периодот определен во условите за котација на посебните пазарни подсегменти за 2011 и 2012 година.

2.10.Издавачот не е во постапка на издавање на акции заради спојувања, поделби или понуди за преземање други друштва.

3.ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ НА ИЗДАВАЧОТ

3.1.Опис на основните дејности на издавачот, наведувајќи ги главните производи и услуги:

АДИНГ е водечка компанија во Југоисточна Европа за производство и пласман на хемиски материјали за градежништвото, основана на 30.05.1969 година.

Седиштето на матичната компанија и најголемата фабрика се наоѓаат во Скопје, Р.Македонија, а преку свои претставништва и дистрибутери, АДИНГ ги пласира производите на повеќе од 13 пазари од регионот на Југоисточна Европа, Блискиот Исток и Азија. Компанијата е присутна со свое производство и во Р.Бугарија и Р.Иран, а во

Казахстан и Русија има организирано доработка во производствените капацитети на дистрибутерите за тие подрачја.

Производствената програма ја сочинуваат повеќе од 100 производи кои нудат решенија за најспецифични проблеми со кои се соочува модерното градежништво, а се поделени во 12 групи:

- Адитиви за бетони и малтери
- Смеси за залевање
- Материјали за репарација на бетони
- Индустриски и спортски подови
- Градежни китови
- Хидроизолации
- Заштитни антикорозивни премази за бетон и челик
- Противпожарни премази и китови за челик и електрични инсталации
- Градежни лепила
- Смеси за израмнување
- Декоративни премази и малтери
- Останати градежни производи

Околу 50% од производството на компанијата денес се пласира на надворешните пазари, па оттука и големиот број на референтни објекти на овие пазари каде се вградени производите и технологиите на АДИНГ.

Како потврда на својот квалитет, производите ги задоволуваат EN стандардите и поседуваат ЕС сертификат, а дел од нив поседуваат и сертификат по ГОСТ стандард.

Адинг е лидер во регионот по производство и пласман на адитиви за бетони и малтери, а како бренд производи на македонскиот пазар се: ХИДРОМАЛ ФЛЕКС, ВРСКА-У, ХИДРОФОБ-Т, ХИДРОЗИМ-Т, СУПЕРФЛУИД и ЕКСМАЛ.

Компанијата е една од првите сертифицирани компании со ISO 9001:2000 во Р.Македонија и менаџментот на компанијата има преземено професионална обврска за постојаното подобрување на квалитетот на производите и услугите, грижата кон клиентите и вработените. Поседувањето на сертификатот ISO 14001:2004 ја докажува грижата и активната политика на АДИНГ кон животната средина и вниманието кон неа. Токму некои од овие квалитети се многупати препознати од заедницата во која работиме и кои ја потврдуваат нашата позиција како општествено одговорна компанија.

Целата групација АДИНГ, денес има повеќе од 150 вработени од кои околу 90 вработени се во матичната компанија, а останатите во компаниите членки на групацијата во Р.Македонија и светот. АДИНГ е инженерска компанија со повеќе од 40% градежни инженери, архитекти, хемиски инженери, технолози и други високостручни профили кои работат во секторите: Производство, Техничка примена и пласман, Истражување и развој, Контрола на квалитет итн.

Со постојано вложување во вработените и нивните знаења, прераснавме во компанија која освен по квалитетот и перформансот на производите, клиентите ја препознаваат и по технологиите и знаењето со кое располагаат инженерските кадри. Ова се главните конкурентски предности и квалитети на АДИНГ. Инженерите на АДИНГ се секогаш подготвени да понудат техничко решение, технологија и производ каде било и во кое

било време, во рок од 48 часа. Визијата на АДИНГ секогаш била и е да се биде чекор пред останатите и очекуваното, притоа кршејќи ги стереотипите и вообичаените практики. Всушност, мотото и целта да се биде „состојка на секоја градба“ ја покажува насоката кон која се стремиме, го покажува нашиот градителски дух и потребата од нови предизвици.

3.2 Значајни нови производи:

1. **РЕОАДИНГ 21** - Адитив за одржување на обработливоста (конзистенцијата) на транспортните бетони, без дополнителни ефекти на ретардација односно на забавување на почетокот на врзувањето на бетонот. Дополнително, РЕОАДИНГ 21 овозможува оптимизација на својствата на свежиот бетон во зависност од должината на транспортот и временските услови.

2. **ХИДРОФОБ ФЛУИД** - Комплексен додаток за водонепропустливост на бетони со пластифицирачко дејство. Се применува при изработка на фундаменти, базени, резервоари, брани, пристаништа, канали за иригациони системи, каптажи, шахти.

3. **ХИДРОФОБ 21** - Адитив за бетони и малтери наменет за спречување на капиларната апсорпција и формирање на водо-одбојни површини.

4. **СУПЕРФЛУИД - 21М ЕКО** - Суперпластификатор наменет за производство на транспортни бетони кај кои се бара долготрајно задржување на обработливоста и реолошките карактеристики на свежиот бетон.

5. **СУПЕРФЛУИД - 21М1М ЕКО** - Суперпластификатор наменет за производство на транспортни бетони кај кои се бара екстремно долго задржување на обработливоста и реолошките карактеристики на свежиот бетон.

6. **ХИДРОКОЛ ФЛЕКС** - Еднокомпонентно пастозно лепило со двојна намена, кое се применува за едновремено лепење на плочки и изведба на хидроизолација. Исто така, може да служи и за порамнување на подни и ѕидни нерамнини и затворање на продори.

Нивното значење е од аспект што се единствени на пазарот и имаат одлични перформанси.

3.3. Приказ на приходите од продажба за периодот определен во условите за котација на посебните пазарни подсегменти:

3.3.1. **2011 година = 294.945.031,00**
(750) Приходи од продажба на поврзани претпријатија = 48.877.716,50
(751) Приходи од продажба = 82.260.395,50
(752) Приходи од продажба на странски пазар = 158.442.371,00
(753) Приходи од наемнина = 5.364.548,00

3.3.2. **2012 година = 250.091.396,50**
(730) Приходи од продажба на поврзани претпријатија = 50.269.332,50
(740) Приходи од продажба = 95.118.701,50
(741) Приходи од продажба на стоки = 3.304,00
(742) Приходи од продажба на странски пазар = 100.462.026,50
(747) Приходи од наемнина = 4.238.032,00

3.4.Не постои степен на зависност од патенти, лиценци, индустриски, комерцијални или финансиски договори или нови производствени постапки кои би биле од голема важност за работењето на издавачот.

3.5. Значајни информации за политиката на развојот и истражување на нови производи и постапки, во изминатите три години:

- Извршено е вработување на нови високообразовани кадри од инженерски струки како и нивна темелна обука. Значително е инвестирано во специјализација на кадарот во делот за развој и со што фирмата добива обучен кадар спремен да се справи со проблематики поврзани со различни типови на производи наменети за градежна индустрија.
- Во однос на областа на дејствување е задржан курсот на развој и инвестирање во примарната дејност, односно адитивите за бетони и малтери. Во овој дел е извршено значително унапредување на постоечките производи и проширување на палетата во таа област со нови видови кои ги следат актуелните светски трендови и барања на пазарот.
- Адинг од секогаш бил лидер во производство на висококвалитетни хидроизолациски производи. Одржувањето на тој тренд за развојниот дел претставуваше една од приоритетните задачи и резултираше во имплементирање на најсовремени материјали. Покрај тоа, развиени се низа нови производи, системи и концепти како решенија за хидроизолациски изведби применливи во градежништвото.
- Во делот на производите за специфична намена, како што се премази за антикорозивна заштита, противпожарна заштита, високо-перформансни цементни материјали, посебно е вложено знаење и труд со што се добиени производи кои максимално ги исполнуваат барањата според намената за која се декларираат.
- Епоксидните производи како материјали со единствени перформанси кои ја прават нивната употреба со тренд на пораст во градежништвото, и за нас претставуваат предизвик за истражување и развој. Палетата на епоксидни производи е релативно голема, што значи дека имаме развиено производи наменети за различни типови на намена. Во последните три години интензивно се работеше на проучување на различни типови на материјали за формулирање на епоксидни системи, како и на технологија на работа со епоксидни системи. Заради специфичноста при работа со епоксидни системи од клучно значење е доброто познавање на овој тип на производи, што ние како тим го поседуваме и сме спремни да излеземе во пресрет при решавање на сложени проблематики од таа област.
- Во последните три години, од аспект на развојните дејности на службата, посебно внимание е посветено на класификација и унапредување на производите за задоволување на барањата според европските норми, кои веќе се усвоени како македонски. Извршени се усогласувања и сертификација на голем број од производите, со што CE ознаката претставува пропратен дел на адинговиот производ.
- Од аспект на придонес во зачувување на животната средина има значителен напредок во смисла на користење на помалку штетни репроматеријали дозволени за употреба според европските регулативи. Исто така, извршени се промени во формулациите на одредени производи со цел на исфрлање или значително намалување на испарливите компоненти, што е од големо значење при апликација на истите. Голем број на производите се направени на тој начин што не содржат испарливи компоненти, што е од особена важност како при апликација на производите така и постапликативно заради не емитирање на штетни материи

во средината при експлоатација.

- Од особена важност за корисниците на нашите производи е да се спомене дека е извршена класификација и означување на готовите производи според најновата европска регулатива CLP 1272/2008 - класификација, етикетирање и пакување.

3.6. Информации за сите судски или арбитражни постапки, кои се во тек или ќе настанат, и кои можат да имаат значително влијание на финансиската состојба на издавачот:

1. Стопански/Трговски спорови со состојба 31.03.2013 година

А/ Стопански/Трговски спорови во РМ во кои АДИНГ е тужител:

- 5 судски предмети со вкупна вредност 4.014.701,00 денари

Б/ Стопански/Трговски спорови во странство во кои АДИНГ е тужител:

- 2 судски предмети со вкупна вредност 474.156 €

Б/ Стопански/Трговски спорови во кои АДИНГ е тужен нема

2. Други судски и арбитражни спорови нема

3.7. Бројот на вработени и квалификационата структура во изминатите три години:

3.7.1. Состојба 31.12.2010 година

ВСС..... 40
ВШС..... 2
ССС.....31
КВ.....14
НК..... 13

Вкупно: 100

3.7.2. Состојба 31.12.2011 година

ВСС..... 38
ВШС..... 2
ССС.....30
КВ.....14
НК..... 13

Вкупно: 97

3.7.3. Состојба 31.12.2012 година

ВСС..... 35
ВШС..... 2
ССС.....28
КВ.....14
НК..... 13

Вкупно: 92

3.8. Опис и вредност на значителните инвестиции во основни средства и вложувања во хартии од вредност на други трговски друштва, за периодот 2011 и 2012 година:

3.8.1. **Инвестиции во градежни објекти**

	2011	2012	Вкупно
ДЕЛОВЕН ЦЕНТАР АДИНГ	238.482	/	238.482
СУВИ МАЛТЕРИ	300.883	/	300.883
МАГ. ЗА ПРАШКАСТИ М-ЛИ	2.535.416	623.428	3.158.844
ОГРАДИ ВО КРУГ НА АДИНГ	208.990	199.159	408.149
АДАПТАЦИЈА НА УПР.ЗГРАДА	352.802	751.004	1.103.806
ЗАТВОРЕН СКЛАД СО ПРОД.	27.725	1.167.335	1.195.060
ХАЛА-БАЗНО П-ВО	2.891.025	/	2.891.025
ЛОКАЛ 6-АВТОКОМАНДА	/	255.951	255.951
СТАНОВИ-БОЖИДАР АЏИЈА	775.425	18.000	793.425
ПРОДАВНИЦА БЏА	/	2.598.997	2.598.997
ВКУПНО:	**7.330.748**	**5.613.874**	**12.944.622**

3.8.2. **Инвестиции во опрема**

	2011	2012	Вкупно
ВКУПНО:	**2.560.979**	**126.949**	**2.687.928**

3.9. Место и позиција на издавачот во гранката

АДИНГ АД Скопје е компанија за производство, продажба и примена на хемиски производи во градежништвото. Иако многу помала од трите мултинационални компании кои доминираат на светскиот пазар со слични производи, АДИНГ АД низ годините успева да создаде забележлива листа на производи. Тие се ”tailor made“ за да ги задоволат специфичните барања на купувачите. Адинговите производи најчесто се применуваат при изградба на брани, патишта, аеродроми, резервоари за вода, индустриски објекти, високоградби, во секој дел од градежната индустрија. Техничката компетентност во примената и креирањето на производите, како и односот со клиентите се движечки фактори во обезбедувањето и одржувањето на бизнисот.
АДИНГ АД е маркет лидер во Македонија со одредена конкуренција во дел од производствената палета од мултинационалните компании SIKA и BASF. Со оглед на тоа што пазарот во Македонија не може да го апсорбира полниот капацитет на адинговото производство, АДИНГ АД има тенденција на проширување на своите деловни активности надвор од граници на Македонија. Низ годините, адинговите производи се продаваа низ целиот свет: Унгарија, Бугарија, Романија, Грција, Албанија, Русија, Украина, Казахстан, Киргистан, Ирак, Иран, Арапски Емирати, Кувајт Либија, Мароко, Куба. Денеска најзначајни пазари, покрај Македонија и сите бивши југословенски републики, се: Бугарија, Романија, Косово, Русија, Украина, Казахстан и Иран.
Производството се врши во капацитетите во седиштето на компанијата во Скопје, а дел е организирано во Бугарија и Иран, како и одредени производствени доработки во Казахстан и Русија, кои се прават кај дистрибутерите на АДИНГ за тие подрачја. Производството на АДИНГ го следат и стручни служби: примена, пласман и инженеринг, детална контрола на квалитетот на производите и развој на нови производи. Техничката и професионалната помош се извршуваат не само во просториите на компанијата, туку и на терен по барање на деловните партнери.

4. Финансиски податоци

Проспектот ги содржи следниве финансиски податоци:

во МКД			
АДИНГ	2012	2011	2010
4.1.1. вкупни средства	540.975.075	537.368.123	514.414.015
4.1.2. вкупни обврски	220.343.581	224.208.082	229.809.446
4.1.3. добивка пред оданочување	7.950.857	29.994.669	8.390.559
4.1.4. нето добивка по акција	19,5	76,45	20,55
4.1.5. коеф. цена/добивка	15,44	5,23	23,84
4.1.6. коеф. цена/книг. вредност на акција	0,49	0,65	0,8
4.1.7. износ на исплатена дивиденда по акција	/	/	/
4.1.8. дивиденден принос	/	/	/
одобрени акции = 386.400	добивка по	оданочување-2012=	7.471.453
сопствени акции = (3.342)	добивка по	оданочување-2011=	29.286.383
во оптек = 383.058	добивка по	оданочување-2010=	7.869.863
АДИНГ	2012	2011	2010
4.1.4. нето добивка по акција	7.471.453/383.058	29.286.383/383.058	7.869.863/383.058
максимална пазарна цена-2012 = 301			
максимална пазарна цена-2011 = 400			
максимална пазарна цена-2010 = 490			
АДИНГ	2012	2011	2010
4.1.5. коеф. цена/добивка	301/19,5	400/76,45	490/20,55
книговодствена вредност на акција-2012 = 614 =	9,983 еур X 61,50		
книговодствена вредност на акција-2011 = 614 =	9,983 еур X 61,5050		
книговодствена вредност на акција-2010 = 614 =	9,983 еур X 61,5050		
АДИНГ	2012	2011	2010
4.1.6. коеф. цена/книг. вредност на акција	301/614	400/614	490/614

4.2. Податоци за трговските друштва во кои издавачот има мнозинско учество, а кои може да имаат влијание на проценката на имотот и обврските на издавачот, финансиската состојба или добивката и загубата:

ИНВЕСТ А ДООЕЛ Скопје	2012
4.2.1. назив и адреса на трговското друштво	ул. Новоселски пат б.б. 1000 Скопје
4.2.2. дејност	завршни работи во градежништвото
4.2.3. удел на капиталот во сопственост на издавачот	100%
4.2.4. вкупен капитал	18.450.206
4.2.5. резерви	4.467.249
4.2.6. добивка или загуба по оданочување	-7.581.000
4.2.7. износ на дивиденда исплатен за последната година	/
4.2.8.1. износ на долг на издавачот	13.544
4.2.8.2. износ на долг спрема издавачот	43.656.240
БИЗНИС ЦЕНТАР АДИНГ ДООЕЛ Скопје	2012
4.2.1. назив и адреса на трговското друштво	ул. Кузман Шапкарев бр.5 1000 Скопје
4.2.2. дејност	трговија на големо со хемиски производи
4.2.3. удел на капиталот во сопственост на издавачот	100%
4.2.4. вкупен капитал	19.933.206
4.2.5. резерви	1.427.905
4.2.6. добивка или загуба по оданочување	148.982
4.2.7. износ на дивиденда исплатен за последната година	/
4.2.8.1. износ на долг на издавачот	3.676.505
4.2.8.2. износ на долг спрема издавачот	782.270
БИРО ПРОЕКТ ДОО Скопје	2012
4.2.1. назив и адреса на трговското друштво	ул. Васил Ѓоргов бр.21/2/8 1000 Скопје
4.2.2. дејност	проектирање,маркетинг и консалтинг услуги
4.2.3. удел на капиталот во сопственост на издавачот	65.82%
4.2.4. вкупен капитал	25.452.714
4.2.5. резерви	651.145
4.2.6. добивка или загуба по оданочување	450.979
4.2.7. износ на дивиденда исплатен за последната година	/
4.2.8.1. износ на долг на издавачот	8.066.434
4.2.8.2. износ на долг спрема издавачот	/
АДИНГ ДОО БЕОГРАД Београд	2012
4.2.1. назив и адреса на трговското друштво	ул. Нехруова бр.82, Нови Београд, Београд, Србија
4.2.2. дејност	трговија на големо со хемиски производи
4.2.3. удел на капиталот во сопственост на издавачот	100%
4.2.4. вкупен капитал	6.419.587
4.2.5. резерви	/
4.2.6. добивка или загуба по оданочување	-3.321.231
4.2.7. износ на дивиденда исплатен за последната година	/
4.2.8.1. износ на долг на издавачот	54.951
4.2.8.2. износ на долг спрема издавачот	34.982.552

АДИНГ-БУГАРИЈА ЕООД Софија	2012
4.2.1. назив и адреса на трговското друштво	бул. Тотлебен бр.89 А кат 2 стан 4, Софија, Бугарија
4.2.2. дејност	трговија на големо
4.2.3. удел на капиталот во сопственост на издавачот	100%
4.2.4. вкупен капитал	14.436.008
4.2.5. резерви	/
4.2.6. добивка или загуба по оданочување	154.056
4.2.7. износ на дивиденда исплатен за последната година	/
4.2.8.1. износ на долг на издавачот	/
4.2.8.2. износ на долг спрема издавачот	17.804.876

4.3. Издавачот има мнозинско учество во други трговски друштва (наведено во точка 2.8. од проспектот). Консолидирани финансиски извештаи се приложени со Проспектот.

4.4. Во консолидираните финансиски извештаи кои се приложени со Проспектот вклучени се друштвата во кои издавачот има учество, за да се добие поцелосен приказ на имотната состојба и добивката на друштвото.

4.5. Во консолидираниот финансиски извештај, кој е приложен со Проспектот е наведен и износот на консолидираната добивка по акција, по оданочувањето, за последните три години.

5. Податоци за акциите за кои се бара котација

5.1. Барањето се поднесува за 386.400 обични акции. Номинална вредност 9,983€.

5.2. Правата кои произлегуваат од сопственоста на акциите:

- Една акција – еден глас во собранието на друштвото
- Право на сразмерно учество во добивката (дивиденда) член 329
- Право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на друштвото

Статутот нема посебни одредби за учество во добивката, како и правата во случај на стечај односно ликвидација, се применуваат одредбите на член 278 од ЗТД.

5.3.Одредбите од Статутот кои се однесуваат на :

Собранието на акционери

Член 63

(1) Собранието одлучува само за прашањата изречно определени со закон и со овој статут, а особено за:
1) измена на статутот;
2) одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;
3) избор и отповикување на членовите на надзорниот одбор;
4) одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на управниот и на надзорниот одбор;

5) зголемување и намалување на основната главнина на друштвото;
6) издавање акции и други хартии од вредност;
7) назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи;
8) преобразба на друштвото во друга форма на друштво, како и за статусните промени на друштвото, и
10) престанување на друштвото.
(2) Собранието избира претседавач со седницата на собранието, записничар и двајца акционери - заверувачи на записникот, освен ако записникот не го води нотар. Собранието избира и двајца бројачи на гласови кои ги пребројуваат гласовите при јавно гласање и ја спроведуваат целата постапка на тајно гласање.
(3) Ако собранието одлучува за измена на податок кој во согласност со закон се запишува во трговскиот регистар, записникот го води нотар.
(4) Собранието не може да одлучува за прашања од областа на управувањето, односно од областа на водењето на работењето на друштвото, што се надлежност на органите на управување, освен ако тоа со закон поинаку не е определено.

Член 66

(1) Собранието се свикува со објавување јавен повик до акционерите.
(2) Јавниот повик се објавува најмалку во еден дневен весник и на огласна табла во седиштето на друштвото.
(3) Рокот што тече од денот на објавувањето на јавниот повик во дневен весник до денот на одржувањето на собранието не може да биде подолг од 50 дена ниту пократок од 21 ден до денот на одржувањето на собранието.
(4) Материјалите мораат да бидат достапни до акционерите од денот на објавувањето на јавниот повик.

Член 67

(1) Собранието може да одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред.
(2) Собранието може да расправа, без право на одлучување, и за прашања кои не се уредно ставени на дневен ред.
(3) Секој акционер има право во кое било време да поднесува иницијатива за вклучување точки во дневниот ред на собранието што ќе биде свикано.
(4) Акционери кои заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акциите со право на глас можат по писмен пат да бараат дополнување на дневниот ред со вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на собранието што веќе е свикано.
(5) Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собранието што е свикано се испраќа до свикувачот на собранието, и тоа во рок од осум дена од денот кога е објавен јавниот повик за учество на собранието.
(6) Барањето за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на собранието што е свикано не може да се одбие, освен во случаите:
1) ако акционерот, односно акционерите го пропуштиле рокот од ставот (5) на овој член;
2) ако акционерот, односно акционерите не поседуваат доволен број акции со право на глас во друштвото, во согласност со ставот (4) од овој член;
3) ако предлогот не ги исполнува другите услови предвидени со закон и
4) ако точката, односно точките што се бара да бидат вклучени во дневниот ред на собранието не спаѓаат во надлежност на собранието или не се во согласност со закон и со статутот.
(7) Ако барањето од ставот (5) на овој член не е ставено на дневен ред, освен во случаите од ставот (6) на овој член, конечна одлука по барањето донесува собранието при усвојувањето на дневниот ред.

(8) Барањето за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на свикано собрание, органот што го свикал собранието, го испраќа до сите акционери, односно го објавува на ист начин на кој го објавил јавниот повик за учество на свиканото собрание, најдоцна осум дена пред денот на неговото одржување.

Член 68

(1) Секој акционер кој има намера да учествува на свикано собрание е должен да го пријави своето учество на собранието (пријава за учество на собранието) најдоцна пред почетокот на седницата на закажанато собрание. Списокот на пријавените акционери го подготвува управниот одбор, односно лицето овластено за свикување на собранието.
(2) Списокот на пријавените акционери од ставот (1) на овој член се става на увид во седиштето на друштвото.
(3) Пред почетокот на одржувањето на собранието, управниот одбор, односно лицето овластено за свикување на собранието го споредува списокот на пријавените акционери според состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржувањето на седницата на собранието.
(4) Пред почетокот на одржувањето на собранието, списокот од ставот (3) на овој член го потпишува секој присутен акционер, односно полномошник на акционер со што го верификува своето присуство на собранието (верификуван учесник на собранието). Потпишаниот список, со свој потпис, го заверуваат претседавачот со собранието и записничарот. По заверката на списокот претседавачот со собранието го констатира кворумот за работа.
(5) Завериот список од ставот (4) на овој член им се дава на увид на сите учесници на собранието пред првото гласање. Секој верификуван учесник на собранието може да бара копија на потпишаниот список, на свој трошок, којшто не може да биде поголем од вистинскиот трошок.

Член 69

(1) Секој акционер може да овласти, со полномошно, свој полномошник на собранието (во натамошниот текст: полномошник).
(2) Овластувањето на полномошникот од ставот (1) на овој член се дава со потпишување на писмено полномошно заверено кај нотар.
(3) За полномошник не може да биде определен:
1) член на управниот одбор на друштвото, односно на надзорниот одбор или член на неговото потесно семејство;
2) раководно лице во друштвото или член на неговото потесно семејство;
3) член на органот на управување, односно на надзорниот одбор од поврзани или зависни друштва со друштвото и
4) застапник по закон или друго овластено физичко лице од друштво или од друго правно лице што е во сопственост на друштвото.
(4) Полномошното може да се откаже едностранo, без наведување на причините, од акционерот или од полномошникот, со доставување писмено известување до другата страна. Ако акционерот лично го евидентира своето присуство на собранието се смета дека полномошното за тоа собрание на полномошникот му е откажано и акционерот може своето право на глас да го остварува без ограничување, лично.

Соопштенија за акционерите

– статутот нема посебни одредби

Право на глас

Член 74

(1) На собранието акционер не може да гласа за одлука што го ослободува
лично од обврска, од некое побарување коешто друштвото го има спрема него или од одговорност или кога му се признава некаква предност или привилегија на сметка на друштвото, односно кога се гласа за одлука да се поведе судска или друга постапка против него, освен ако со овој закон поинаку не е определено. Во овие случаи, акционерот не може да го остварува правото на глас, ниту лично ниту преку полномошник.
(2) Ако акционерот постапи спротивно на ставот (1) од овој член, одговара за штета којашто друштвото ќе ја претрпи, освен ако докаже дека мнозинството би било постигнато и без неговиот глас.

Член 75

(1) Ако со законот и со овој статут поинаку не е определено, собранието одлуките ги донесува со јавно гласање.
(2) За избори на член на управниот одбор, односно за член на надзорниот одбор или за отповикување на членовите на овие органи гласањето е тајно.
(3) По барање на еден или на повеќе акционери кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите со право на глас, се пристапува кон тајно гласање.
(4) Акционерите можат да гласаат на свикано собрание преку интернет-конференциска врска, ако постојат технички можности таа да се воспостави на самата седница со слика и тон. Акционерот својата намера да гласа преку интернет-врска мора да ја најави на претседателот на управниот или надзорниот одбор најдоцна пет работни дена пред закажаното собрание. Во рок од три работни дена од добиената најава, претседателот на управен или надзорен одбор мора да одговори дали има технички можности за гласање преку интернет-конференциска врска.
(5)Акционерот што гласа преку интернет-конференциска врска се смета за присутен на собранието, односно го сочинува кворумот за работа и за одлучување на собранието.
(6) Ако на сигурен начин не може да се утврди идентитетот на секој акционер, начинот на воспоставување на комуникациска врска меѓу друштвото и акционерот и ако гласањето не биде достапно на секој акционер и не може со
сигурност да се евидентира кворумот и извршеното гласање, гласањето е ништовно.

Член 76

(1) Тајното гласање го спроведуваат двајца бројачи на гласови избрани со одлука на собранието. За бројач на гласови не може да се избере акционер, односно друго лице кое е член на управен, односно на надзорен одбор ниту претседавачот со собранието на коешто се врши тајното гласање. Бројачите на гласови се должни да работат непристрасно и праведно.
(2) Бројачите на гласови ја определуваат содржината на гласачките ливчиња, се грижат за умножување на гласачките ливчиња, ги нумерираат гласачките ливчиња, ги пребројуваат гласовите и поднесуваат писмен извештај за спроведеното тајно гласање.
(3) Гласачкото ливче мора да ги содржи имињата и презимињата на сите кандидати кои се избираат со тајно гласање.
(4) Кога се врши тајно гласање, ливчето за гласање мора да ги содржи прашањата за коишто ќе се гласа, опцијата за гласање „за“, „против“, „воздржани“ за секое
прашање или група на прашања или друга јасна опција, како и објаснување за начинот на кој се врши тајното гласање.

(5) Гласачките ливчиња, извештајот за спроведеното гласање и другиот изборен материјал се чуваат на ист начин како и записниците од собранијата.

Дивиденда

Член 11

(1) По одобрувањето на годишните сметки и утврдувањето на постоењето на добивка за распределба, собранието го определува делот што се распределува во форма на дивиденда.
(2) Управниот одбор може во текот на деловната година да им исплати аванс на акционерите врз основа на веројатната добивка според годишните сметки, под услови и на начин пропишан со закон.

Член 12

(1) Акционерите можат да ја добијат дивидендата односно аконтацијата врз дивидендата во пари или акции, или дел во пари, а дел во акции.
(2) Понудата за плаќање на дивидендата или аконтациите врз дивидендата во акции ја дава управниот одбор на друштвото.

Ликвидација на друштвото

– статутот нема посебни одредби

Откуп на сопствени акции

– статутот нема посебни одредби

5.4. Статистички податоци за тргувањето со акциите на друштвото за период од три години:

Година	Број на тргувани акции	Просечна цена (во денари)
2013 (заклучно со 28.03.2013)	600	260
2012	2.858	265
2011	10.648	362
2010	5.594	381

6. Податоци за органите на управување на издавачот

<u>Надзорен одбор</u>

Надзорниот одбор е составен од 4 члена со мандат од 4 години.
Членовите на надзорен одбор од своите редови избираат претседател кој ги води седниците на надзорниот одбор и заменик кој го заменува претседателот во негово отсуство.
Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со друштвото.
Работењето на надзорен одбор подетално е регулирано со деловникот за работа на надзорен одбор.
Актуелни членови на надзорен одбор се:

1. **Мојсовски Благоја, претседател**

дипл.град инж., член на НО од 04.05.2005

Сегашно задолжение и одговорност

Мојсовски Благоја е претседател на Надзорен одбор и нема оперативна функција во друштвото. По потреба е консултант за управување со квалитет и животна средина.

Работно искуство

2008 - извршен директор на контрола на деловен систем
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1982 - извршен директор на сектор Фабрика
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1980 - раководител на лабараторија
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

2. **Стојановски Боро, заменик претседател**

дипл.правник, член на НО од 20.04.2001

Сегашно задолжение и одговорност

Боро Стојановски е правен советник и полномошник за застапување на АДИНГ АД пред државни органи.

Работно искуство

2007 - правен советник,
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

2004 - раководител на правно биро
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1990 - раководител на правна служба
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1990 - самостоен стручен соработник за правни работи
Охис АДИНГ ПВА

1988 - стручен соработник за правни работи
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1987 - Сектор на работна организација
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1983 - шеф на одделение за општи, управни и правни работи
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1981 - референт за правни работи
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија
Сегашно задолжение и одговорност

3. **Белев Александар, член**

дипл.град инж., член на НО од 04.05.2005
директор за регион

Сегашно задолжение и одговорност

Белев Александар го координира пласманот и активностите во Р.Србија и Р.Хрватска, како и продажната стратегија и квалитетот на услугите и производите.

Работно искуство
2012 – директор за регион
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

2009 - директор на технички пласман со институт
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1995 - водечки менаџер во секторот за Технички пласман со Институт
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1990 - помошник директор
"Devon", Скопје, Р. Македонија

1987 - главен инженер
А.Д. Енхалон, Скопје, Р. Македонија

4. **Вукелиќ Милица, независен член**

дипл.инж.арх, член на НО од 21.05.2009
пензионер

Управен одбор

Управниот одбор има 5 члена со мандат од 4 години. Надзорниот одбор, со одлуката за избор, од членовите на управен одбор именува претседател и заменик претседател на управниот одбор. Управниот одбор управува со друштвото и ги има сите овластувања кои не се во надлежност на собранието или надзорниот одбор. Работењето на управниот одбор е подетално регулирано со деловникот за работа. Актуелни членови на управен одбор се:

1. **Дончев Благоја, претседател на управен одбор и генерален директор на друштвото.**

дипл.град инж., член на УО од 1997

Сегашно задолжение и одговорности
• го застапува и претставува друштвото во односите со трети лица;
• овластен за прашањата на вработените и односите со нив;
• овластен за финансиско, комерцијално и правно работење;
• го координира и соединува работењето на сите членови на управниот одбор;
• овластен за контрола на капиталот на АДИНГ АД и поврзаните друштва;
• овластен за развојните планови за пласманот и инженерингот.

Работно искуство

2011 - генерален директор
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија
и управител
Бизнис Центар Адинг Скопје, Р. Македонија

2006 - генерален директор
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1988 - главен инженер, раководител, директор на техничка примена, инженеринг работи и комерцијала
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1985 - главен инженер во сектор инженеринг
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1983 - раководител на производство
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1980 - инженер во примена и пласман
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1980 - инженер во лабараторија
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

2. **Филипоски Петре, заменик претседател на управен одбор и заменик генерален директор**

дипл.инж.техн, член на УО од 25.06.1997

Сегашно задолжение и одговорност

• во отсуство на претседателот на управен одбор го заменува во вршењето на неговите управувачки и извршни функции;
• координација за развојните планови на производство во земјата и странство, како и за институтот од хемиско технолошки аспект;
• координација на спроведување и одржување на системот за менаџмент со квалитет и системот за менаџмент на животна средина по меѓународните стандарди.

Работно искуство

2006 - заменик генерален директор,
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија и
управител,
АДИНГ Бугарија

2006 - заменик генерален директор,
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

2000 - генерален директор
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1998 - заменик генерален директор
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1994 - директор на Фабрика
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1990 - заменик генерален директор
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1987 - директор на производтсво
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1985 - главен инженер на базно производство
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1983 - самостоен инженер за развој
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1982 - раководител на Фабрика
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1980 - референт за техничка сигурност
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

3. **Петровски Зоран, член на управен одбор и заменик генерален директор**

дипл.инж.арх., член на УО од 25.06.1997

Сегашно задолжение и одговорност

• во отсуство на генералниот директор на друштвото го заменува во вршењето на неговите извршни функции;
• координација за контакти со странски институции и друштва со сродна дејност;
• координација за Институтот, за развој од применски аспект.

Работно искуство

2010 - заменик генерален директор,
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија
и директор на филијала,
АДИНГ АД, Алма Ата, Р. Казахстан

2000 - заменик генерален директор,
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1998 - координатор за работа во странство
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1996 - претставник на Адинг во Алма Ата - Казахстан
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1996 - координатор за работа во странство
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1994 - претставник на Адинг во Либан
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1988 - заменик директор на примена и пласман
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1985 - самостоен инженер за контрола на квалитет
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1983 - претставник на Адинг во Ирак
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1981 - технички инженер за примена и пласман
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1978 - раководител на проект
Г.П. Пелагонија Скопје

4. **Каратуков Дончо, член на управен одбор**

дипл. инж.арх, член на УО од 27.06.2001

Сегашно задолжение и одговорност
• помошник генерален директор овластен за стратешко раководење со поврзаните друштва Бизнис Центар АДИНГ и Инвест А

Работно искуство

2011 - помошник генерален директор,
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија и
управител
ИнвестА дооел Скопје, Р. Македонија

2008 - помошник генерален директор,
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1992 - управител
АБЦ - Адинг - Бортас, денеска Бизнис Центар - АДИНГ

1990 - главен инженер
АДИНГ АД, Скопје, Р. Македонија

1987 – 1989 самостоен технолог, главен технолог
ООЗТ ОХИС РО Адинг – ПВА

1980 - инженер во техничка припрема
раководител на ЕЗТ II група
раководител на ЕЗТ I група
технички раководител на објект I група
ГИРО „Трајко Грковиќ“ Урошевац, Р. Србија.

6.1.2. Не постои поврзаност помеѓу лицата од Надзорен и Упревен Одбор

6.1.3. Деталните податоци за членовите на Назорниот и Управниот одбор се дадени во точката 6.1.1. од Проспектот.

6.1.4. Деталните податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство на членовите на Надзорниот и Управниот одбор се дадени во точката 6.1.1. од Проспектот

6.1.5. Членовите на Управен и Надзорен одбор кои во други друштва биле или се членови на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор или се содружници, односно акционери во последните пет години:

име и презиме	**Друштво и орган (со функција)**
1.Благоја Дончев	1.Бизнис Центар Адинг ДООЕЛ-управител 2. Биро Прес ДОО – претседател на надзорен одбор 3. Биро Проект ДОО- содружник
2.Петровски Зоран	1. БироПроект ДОО-член на надзорен одбор 2. Биро Проект ДОО- содружник
3.Филипоски Петре	1. Адинг Бугарија ЕООД – управител 2. Биро Проект ДОО- содружник
4.Каратуков Дончо	1. Инвест А ДООЕЛ – управител 2. Биро Проект ДОО - член на надзорен одбор 3. Биро Прес ДОО - член на надзорен одбор 4. Биро Проект ДОО- содружник
7.Стојановски Боро	1. Биро Проект ДОО – претседател на надзорен одбор
Сите лица се сè уште членови на органите на управување или содружници.	

6.1.6. Членови на Управен или Надзорен одбор против кои е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години:

Каратуков Дончо - Градител Адинг ДОО – управител. Друштвото е ликвидирано по барање на основачите, со целосно исполнување на сите обврски кон доверителите и платени сите давачки кон државата

6.1.8. Членови на Управен и Надзорен одбор кои имаат сопствено учество во основната главнина на издавачот:

Име и презиме	**Број на акции и гласови (состојба 31.12.2013)**	**Процент на учество**
1. Дончев Благоја	23.460	6,07%
2. Петровски Зоран	32.133	8,32%
3. Филипоски Петре	17.512	4,53%
4. Каратуков Дончо	3.840	0,99%
5. Мојсовски Благоја	6.336	1,64%
6.Стојановски Боро	4.000	1,04%
7. Белев Александар	468	0,12%
8. Ивановска-Вукелиќ Милица	7.760	2,01%

7. Развојни перспективи

7.1. Информација за развојните перспективи во деловното работење, особено во производството, продажбата и трошоците за период од 3 години.
Развојните перспективи во деловното работење на компанијата во наредниот период ќе бидат усмерени во:

- Модернизација, односно целосна автоматизација на производствените процеси во фабриката во Скопје.
- Континуирано зголемување на пласманот на годишно ниво од мин. 8%.
- Намалување на непродуктивните трошоци во компанијата, а со тоа и зголемување на добивката.
- Професионално доусовршување на постојните кадри и прием на нови инженери
- Поголема достапност на нашите производи за широка потрошувачка до крајните корисници
- Креирање на нови производи

7.2. Основните претпоставки и проценка за движење на добивката во наредните 3 години.

Година	Проценка за движење на добивката	
	(денари)	(евра)
2013	12.000.000	195.000
2014	13.000.000	211.000
2015	14.300.000	232.500

8. Финансиски извештаи

Финансиските извештаи ги опфаќаат целосните консолидирани и неконсолидирани годишни ревизорски извештаи за периодот определен во условите за котација на посебните пазарни сегменти, изготвени согласно меѓународните стандарди за финансиско известување или меѓународните стандарди за финансиско известување објавени во Службен весник на Република Македонија, составени од:

- ревизорско мислење,
- ревидиран биланс на состојба,
- ревидиран биланс на успех,
- ревидиран извештај за паричните текови,
- ревидиран извештај за промените во капиталот и
- ревидираните белешки кон финансиските извештаи.

Консолидирани Финансиски Извештаи и Извештај на Независните Ревизори

Адинг АД, Скопје и подружници

31 декември 2012

Содржина

	Страна
Извештај на независните ревизори	1
Консолидиран извештај за финансиската состојба	3
Консолидиран извештај за сеопфатната добивка	4
Консолидиран извештај за промените во капиталот	5
Консолидиран извештај за паричните текови	6
Белешки кон консолидираните финансиски извештаи	7

Извештај на независните ревизори

Grant Thornton DOO
M.H.Jasmin 52 v - 1/7
1000 Skopje
Macedonia

T +389 (2) 3214 700
F +389 (2) 3214 710
www.grant-thornton.com.mk

До Раководството и Акционерите на
Матичното друштво - Адинг АД, Скопје

Извршивме ревизија на придружните консолидирани финансиски извештаи на Друштвото Адинг АД, Скопје (Матичното друштво) и неговите подружници (во понатамошниот текст заедно како "Групата"), составени од Консолидиран извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2012 година, и Консолидиран извештај за сеопфатната добивка, Консолидиран извештај за промените во капиталот, и Консолидиран извештај за паричните текови за годината што тогаш завршува, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки, вклучени на страните 3 до 43.

Одговорност на Раководството за консолидираните финансиски извештаи
Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие консолидирани финансиски извештаи согласно Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на консолидирани финансиски извештаи кои не содржат материјално значајни грешки како резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот
Наша одговорност е да изразиме мислење за овие консолидирани финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување дека консолидираните финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки. Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во консолидираните финансиски извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот, и истите вклучуваат проценка на ризиците од постоење на материјално значајни грешки во консолидираните финансиски извештаи, било поради измама или грешка.

При овие проценки на ризиците ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на консолидираните финансиски извештаи на Групата со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Групата. Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупната презентација на консолидираните финансиски извештаи.
Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази претставуваат задоволителна и соодветна основа за нашето ревизорско мислење.

Мислење
Според наше мислење, консолидираните финансиски извештаи на Групата, во сите материјални аспекти, ја претставуваат објективно финансиската состојба на Групата на ден 31 декември 2012 година, како и резултатите од работењето и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување.

Нагласок врз одредени прашања
Без да го квалификуваме нашето мислење, обрнуваме внимание на следниве прашања:

Како што е објавено во Белешка 8.1 кон придружните консолидирани финансиски извештаи, со состојба на 31 декември 2012 година, Друштвото има евидентирано вложувања во придружени друштва во износ од 35,120 илјади Денари, од кои износот од 21,249 илјади Денари се однесува на основачко вложување во странски правен субјект Адинг Схими Парс Иран, а износот од 1,478 илјади Денари се однесува на основачко вложување во странски правен субјект Адинг Хелас АБЕЕ Тесалоники. До датумот на издавањето на овие консолидирани финансиски извештаи, износот на овие вложувања според сметководствената евиденција на Друштвото не е усогласен со регистарот на директни инвестиции кој се води при Централниот Регистар на Република Македонија. Дополнително, основачкото вложување во странскиот правен субјект Адинг Доо, Белград, Р. Србија кој е предмет на консолидација во овој извештај, до датумот на издавањето на овие консолидирани финансиски извештаи не е усогласен со регистарот на директни инвестиции кој се води при Централниот Регистар на Република Македонија.

Скопје,
29 април 2013 година

Грант Торнтон ДОО

Директор
Ружа Филипчева

Друштво за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје

Овластен ревизор
Марјан Андонов

Консолидиран извештај за финансиската состојба

	Бел.	31 декември 2012 000 МКД	31 декември 2011 000 МКД
СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Недвижности, постројки и опрема	5	209,605	151,329
Вложувања во недвижности за изнајмување	6	20,673	82,040
Вложувања			
- Вложувања во придружени друштва	8.1	35,120	34,163
- Финансиски средства расположливи за продажба	8.2	9,730	9,730
		275,128	**277,262**
Тековни средства			
Залихи	10	46,949	43,597
Купувачи и останати краткорочни побарувања	9	271,042	284,979
Парични средства и еквиваленти	11	5,833	4,185
		323,824	**332,761**
Нетековни средства наменети за продажба	12	2,537	2,520
Вкупно средства		**601,489**	**612,543**
КАПИТАЛ И ОБВРСКИ			
Капитал	13		
Акционерска главнина		211,057	211,057
Премии на емитирани акции		(2,063)	(2,063)
Резерви		50,875	46,469
Нераспределена добивка		83,680	88,953
		343,549	**344,416**
Неконтролно учество		9,027	11,746
Вкупно капитал		**352,576**	**356,162**
Обврски			
Нетековни обврски			
Позајмици	14	76,961	82,115
		76,961	**82,115**
Тековни обврски			
Позајмици	14	81,983	84,087
Добавувачи и останати краткорочни обврски	15	89,969	90,179
		171,952	**174,266**
Вкупно обврски		**248,913**	**256,381**
Вкупно капитал и обврски		**601,489**	**612,543**

Овие консолидирани финансиски извештаи се одобрени од Раководството на Матичното друштво на ден 28 февруари 2013 година и се потпишани во негово име од:

Г-дин Благоја Дончев	Г-ѓа Јелена Гаџа	Г-дин Александар Кралевски
Управител	Финансов Директор	Раководител на Сметководство

Консолидиран извештај за сеопфатната добивка

	Бел.	Година што завршува на 31 декември 2012 000 МКД	2011 000 МКД
Приходи од продажба	16	329,334	396,246
Останати деловни приходи	17	11,871	18,744
Промена на залихите на готови производи и недоврш.п/во		1,964	1,542
Материјали, услуги и набавна вредност на продадени стоки	18	(212,458)	(252,608)
Трошоци за користи на вработените	19	(73,780)	(79,655)
Депрецијација	5, 6	(11,257)	(17,480)
Останати деловни трошоци	20	(30,788)	(38,570)
Добивка од деловни активности		**14,886**	**28,219**
Финансиски приходи	21	1,072	7,179
Финансиски (расходи)	21	(17,341)	(23,689)
Нето финансиски (расходи)		(16,269)	(16,510)
Учество во добивката на придружените друштва	8.1	957	925
(Загуба) / Добивка пред оданочување		**(426)**	**12,634**
Даночен расход	22	(824)	(1,058)
(Загуба) / Добивка за годината		**(1,250)**	**11,576**
Останата сеопфатна (загуба) / добивка за годината		**(634)**	**1,501**
Вкупна сеопфатна(загуба) / добивка за годината		**(1,884)**	**13,077**
(Загуба) / Добивка што им припаѓа на сопствениците на			
Матичното Друштво		(1,403)	10,608
Неконтролно учество		153	968
		(1,250)	**11,576**
Вкупна сеопфатна (Загуба) / Добивка што им припаѓа на сопствениците на:			
Матичното Друштво		(2,037)	12,109
Неконтролно учество		153	968
		(1,884)	**13,077**
Заработувачка по акција за акционерите на Групата			
- Основна (МКД по акција)	23	(3.66)	27.69

Консолидиран извештај за промените во капиталот

	Расположливо на сопствениците на Матичното Друштво						
	Акцион. Главнина 000 МКД	Премии 000 МКД	Резерви 000 МКД	Акумул. Добивка 000 МКД	Вкупно 000 МКД	Неконтр. учество 000 МКД	Вкупно 000 МКД
1 јануари 2012 година	**211,057**	**(2,063)**	**46,469**	**88,953**	**344,416**	**11,746**	**356,162**
Други промени (Белешка 1)	-	-	-	1,170	1,170	(2,872)	(1,702)
Распоред на добивката	-	-	4,406	(4,406)	-	-	-
Трансакции со сопствениците	**-**	**-**	**4,406**	**(3,236)**	**1,170**	**(2,872)**	**(1,702)**
(Загуба)/Добивка за годината	-	-	-	(1,403)	(1,403)	153	(1,250)
Останата сеопфатна добивка:							
Добивки / (загуби) од преведување на странски валути	-	-	-	(634)	(634)	-	(634)
Вкупна сеопфатна добивка	**-**	**-**	**-**	**(2,037)**	**(2,037)**	**153**	**(1,884)**
31 декември 2012 година	**211,057**	**(2,063)**	**50,875**	**83,680**	**343,549**	**9,027**	**352,576**
1 јануари 2011 година	**211,057**	**(2,063)**	**47,051**	**76,993**	**333,038**	**10,778**	**343,816**
Објавена дивиденда	-	-	-	(731)	(731)	-	(731)
Распоред на добивката	-	-	(582)	582	-	-	-
Трансакции со сопствениците	**-**	**-**	**(582)**	**(149)**	**(731)**	**-**	**(731)**
Добивка за годината	-	-	-	10,608	10,608	968	11,576
Останата сеопфатна добивка:							
Добивки / (загуби) од преведување на странски валути	-	-	-	1,501	1,501	-	1,501
Вкупна сеопфатна добивка	**-**	**-**	**-**	**12,109**	**12,109**	**968**	**13,077**
31 декември 2011 година	**211,057**	**(2,063)**	**46,469**	**88,953**	**344,416**	**11,746**	**356,162**

Консолидиран извештај за паричните текови

	Бел.	Година што завршува на 31 Декември 2012 000 МКД	2011 000 МКД
Оперативни активности			
(Загуба) / Добивка пред оданочување		(426)	12,634
Корегирано за:			
Депрецијација		11,257	17,480
Нето приходи / (расходи) од камати		12,584	12,872
Учество во (добивката) / загубата на придружените друштва		(957)	(925)
Отпис и резервирање поради оштетување на побарувања		2,829	4,195
Приходи од дивиденди		(4,436)	(7,376)
Преведување на странски валути		(634)	1,541
Приходи од продажба на материјални средства		(620)	(1,185)
Неотпишана вредност на продад. и расх. материјални средства		999	357
		20,596	39,593
Промени во оперативните средства и обврски			
Купувачи и останати побарувања		11,108	(6,650)
Залихи		(3,352)	15,015
Добавувачи и останати обврски		95	(20,758)
		28,447	26,200
Платени камати		(12,725)	(12,998)
Платен данок од добивка		(276)	(64)
		15,446	**14,138**
Инвестициони активности			
Набавка на материјални средства		(9,375)	(11,402)
Набавка на нетековни средства расположливи за продажба		(17)	(776)
Прилив од продадени основни средства		620	1,185
Вложување во придружени друштва		(1,702)	(6,458)
Прилив од дивиденди		4,436	7,376
Прилив по камати		141	126
		(5,897)	**(9,949)**
Финансиски активности			
(Одливи) по кредити, нето		(7,258)	(1,587)
Исплата на дивиденди		(643)	(5,384)
		(7,901)	**(6,971)**
Нето промена на паричните средства		**1,648**	**(2,782)**
Парични средства и еквиваленти на почетокот	10	4,185	6,967
Парични средства и еквиваленти на крајот	10	**5,833**	**4,185**

Белешки кон консолидираните финансиски извештаи

1 Општи податоци

Адинг ад, Скопје (Матичното Друштво) и неговите подружници (понатаму заедно како Групата) се занимава со производство и пласман на широка палета адитиви и други хемиски материјали, претежно за потребите на градежната индустрија, како и со проектирање, инженеринг и трговија. Групата ги извршува деловните активности на територијата на Република Македонија како и на надворешните пазари, главно во нејзиното соседство (Република Бугарија - земја членка на Европската Унија и Република Србија).

Матичното Друштво - Адинг ад, Скопје е акционерско друштво основано во Република Македонија. Друштвото е регистрирано, согласно одредбите на Законот за Трговските Друштва, кај Основниот Суд Скопје и во Скопје, под Трег.бр. 783/97 од 28.03.1997 година. Седиштето на Друштвото е лоцирано на следната адреса: Скопје, Новоселски Пат бб.

Консолидираните финансиски извештаи на Групата ги вклучуваат финансиските извештаи на Матичното друштво и неговите подружници кои се под негова контрола. Контролата на Матичното Друштво врз неговите подружници се остварува преку способноста Матичното Друштво да управува со финансиските и деловните политики на подружниците, како и да ги користи придобивките од нивните активности.

Следната табела ги прикажува консолидираните подружници и учеството на Матичното друштво во нивниот капитал со состојба на датумот на консолидираниот извештај за финансиска состојба:

				(000 мкд)
			2012	2011
	%	Дејност		
БЦА,дооел,Скопје, РМ	100.00	П/во, инженеринг и тргов.	9,345	9,345
Инвест А дооел, Скопје, РМ	100.00	Проектирање и инжен.	192	192
Адинг Бугарија, ЕООД, Р. Бугарија	100.00	Трговија	18,423	18,423
Адинг доо, Белград, Р.Србија	100.00	Трговија	614	614
Биро Проект доо, Скопје, РМ	65.82	Проектирање	10,350	8,648
			38,924	**37,222**

Во текот на 2012 година Матичното Друштво изврши дополнително вложување во подружницата Биро Проект доо, Скопје во износ од 1,702 илјади Денари.

2 Сметководствени политики

Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики употребени при подготовката на овие консолидирани финансиски извештаи. Овие политики се конзистентно применети на сите прикажани години, освен доколку не е поинаку наведено.

2.1 Основи за подготовка

Овие консолидирани финансиски извештаи се подготвени во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување (МСФИ) издадени од Одборот за меѓународни сметководствени стандарди (ОМСС). Консолидираните финансиски извештаи се подготвени според концептот на историска набавна вредност, освен за финансиските средства расположливи за продажба, и финансиските средства и обврски (вклучувајќи и деривативни инструменти), до колку постојат, кои се мерат по објективната вредност. Основите за нивно мерење се детално опишани во продолжение.

Подготовката на овие консолидирани финансиски извештаи во согласност со МСФИ бара употреба на одредени критични сметководствени проценки. Таа исто така бара од Раководството на Групата примена на проценки во процесот на имплементација на сметководствените политики. Подрачјата што вклучуваат повисок степен на проценка или комплексност, или подрачјата во кои претпоставките и проценките се значајни за консолидираните финансиски извештаи, се обелоденети во Белешка 4: Значајни сметководствени проценки.

Овие консолидирани финансиски извештаи се подготвени со состојба на и за годините што завршуваат на 31 декември 2012 и 2011. Тековните и споредбените податоци прикажани во овие финансиски извештаи се изразени во илјади Денари, освен доколку не е поинаку наведено.

2.2 Промени во сметководствените политики и обелоденувања

(а) Примена на "Презентација на ставки од Останата сеопфатна добивка" (Измени на МСС 1)

Групата изврши примена на "Презентација на ставки од Останатата сеопфатна добивка" (Измени во МСС 1). Измените во МСС 1 стапуваат во сила за годишните периоди кои почнуваат на или по 1 јули 2012 година и бараат ентитетите да ги групираат ставките презентирани во Останата сеопфатна добивка како ставки кои, во согласност со останатите МСФИ, нема да бидат рекласификувани последователно во добивки и загуби и ставки кои ќе бидат рекласификувани последователно во добивки и загуби кога одредени услови ќе бидат исполнети.

Постоечката можност да се презентираат ставките во Останата сеопфатна добивка пред оданочување или по оданочување останува непроменета; сепак, доколку ставките се презентирани пред оданочување, тогаш измените на МСС 1 бараат данокот кој се однесува на секоја од двете групи на Останатата сеопфатна добивка да биде прикажан одделно.

Промени на сметководствените политики и обелоденувања (продолжува)

(б) Стандарди, измени и толкувања на постојните стандарди кои сеуште не се во сила и не се применети пред датумот на стапување во сила од страна на Групата

На датумот на одобрување на овие финансиски извештаи, одредени нови стандарди, измени и толкувања на постојните стандарди се издадени од страна на ОМСС, но сеуште не се во сила и не се применети од страна на Групата пред датумот на стапување во сила (освен за измените на МСС 1 прикажани погоре).

Раководството предвидува дека сите релевантни објави ќе бидат применети во сметководствените политики на Групата во првиот период кој почнува по датумот на стапување во сила на објавата. Подолу се презентирани подетално информациите за новите стандарди, измени и толкувања релевантни за финансиските извештаи на Друштвото. Одредени нови стандарди и толкувања исто така се издадени, но не се очекува да имаат материјално влијание врз консолидираните финансиски извештаи на Друштвото.

МСФИ 9 Финансиски инструменти

ОМСС има за цел целосно да го замени МСС 39 Финансиски инструменти: Признавање и мерење. До денес, се издадени поглавјата кои се однесуваат на признавање, класифицирање, мерење и депризнавање на финансиските средства и обврски. Овие поглавја стапуваат во сила за годишните периоди кои почнуваат на или по 1 јануари 2015 година. Останатите поглавја кои се однесуваат на методологијата за оштетување и сметководство за хеџинг сеуште се во процес на развој. Понатаму, во ноември 2011 година, ОМСС привремено одлучи да направи одредени ограничени модификации на моделот за класификација на финансиските средства според МСФИ 9 со цел да нагласи одредени прашања во врска со примената. Раководството на Групата треба да го процени влијанието на овој нов стандард врз консолидираните финансиски извештаи на Друштвото. Сепак, Раководството не очекува да изврши примена на МСФИ 9 се додека сите негови поглавја не бидат издадени, кога ќе може целосно да се процени влијанието на сите настанати измени.

Стандарди за консолидација

Пакетот на стандарди за консолидација стапува на сила за годишни периоди кои почнуваат на или по 1 јануари 2013 година. Информациите за овие нови стандарди подетално се презентирани подолу. Раководството на Групата сеуште го нема проценето влијанието на овие нови и ревидирани стандарди.

<u>МСФИ 10 Консолидирани финансиски извештаи (МСФИ 10)</u>

МСФИ 10 го заменува МСС 27 Консолидирани и поединечни финансиски извештаи (МСС 27) и ПКТ 12 Консолидација - Ентитети со посебна намена. Овој стандард ја ревидира дефиницијата за контрола и обезбедува ново обемно упатство за негова примена. Овие нови барања можат да влијаат на одлуката за тоа кои од ентитетите во кои е вложено ќе се смета за подружница и според тоа можат да го променат делокругот на консолидацијата. Сепак, барањата за консолидационите процедури, сметководство за измени на неконтролирани учества и сметковоството за губењето на контрола во подружница остануваат непроменети. Првична оценка на Раководството е дека МСФИ 10 нема да ја промени класификацијата (подружници или поинаку) на било кој од постоечките вложувања на Групата со состојба на 31 декември 2012 година.

МСФИ 11 Заеднички Ангажмани (МСФИ 11)

МСФИ 11 го заменува МСС 31 "Учества во заеднички вложувања" (МСС 31). Со овој стандард се усогласува сметководството на вложувачите со нивните права и обврски согласно заедничкиот аранжман. Покрај тоа, можноста во МСС 31 за примена на пропорционална консолидација на заедники вложувања е елиминирана. МСФИ 11 сега бара примена на методот на главнина, кој моментално се користи за вложувања во придружени ентитети.

МСФИ 12 Обелоденување на Учество во останати ентитети (МСФИ 12)

МСФИ 12 ги интегрира и усогласува барањата за обелоденување за различни типови на вложувања, вклучувајќи ги и неконсолидираните структурирани ентитети. Овој стандард воведува нови барања за обелоденување за ризици на кои ентитетот е изложен како резултат на неговата поврзаност со структурирани ентитети.

Упатство за примена на МСФИ 10, 11 и 12

Последователно на издавањето на новите стандарди, ОМСС направи промени на одредбите за примена на МСФИ 10, МСФИ 11 и МСФИ 12. Упатството потврдува дека ентитетот не мора да го применува МСФИ 10 ретроактивно во одредени околности и ги појаснува барањата да се презентираат корегирани споредбени податоци. Упатството исто така прави промени на МСФИ 11 и МСФИ 12 кои обезбедуваат слично ослободување од презентација или корекција на споредбени податоци за периоди пред непосредно претходниот период. Понатаму, обезбедува дополнително ослободување отсранувајќи го барањето да се презентираат компаративни податоци за обелоденувања кои се однесуваат на неконсолидирани структурирани ентитети за било кој период пред почетниот годишен период за кој МСФИ 12 се применува. Новото упатство исто така стапува во сила за годишните периоди на или по 1 јануари 2013 година.

Последователни измени на МСС 27 Поединечни финансиски извештаи и *МСС 28 Вложувања во придружени ентитети и заеднички вложувања (МСС 28)*

МСС 27 сега исклучително се однесува на поединечни финансиски извештаи. МСС 28 ги воведува вложувањата во заеднички вложувања во својот делокруг. Сепак, методот на главнина според МСС 28 останува непроменет.

МСФИ 13 Мерење на објективна вредност (МСФИ 13)

МСФИ 13 ја појаснува дефиницијата за објективна вредност и дава поврзано упатство и подобрени обелоденувања за мерењето на објективната вредност. МСФИ 13 нема влијание на тоа кои ставки е потребно да бидат мерени по објективна вредност. Истиот е применлив проспективно за годишни периоди кои почнуваат на или по 1 јануари 2013 година. Раководството на Групата е во процес на ревидирање на своите методологии на проценка заради нивно усогласување со новите барања и сеуште не го проценило нивното влијание врз консолидираните финансиски извештаи на Групата.

Промени на сметководствени политики и обелоденувања (продолжува)
(б) Стандарди, измени и толкувања на постојните стандарди кои сеуште не се во сила и не се применети пред датумот на стапување во сила од страна на Групата

Измени на МСС 19 "Користи за вработените" (Измени на МСС 19)

Измените на МСС 19 вклучуваат одреден број на целни подобрувања во стандардот. Воглавно, промените се однесуваат на планови за дефинирани користи. Тие:

- го отстрануваат "методот коридор" и бараат ентитетите да ги признаат сите актуарски добивки и загуби кои настануваат во период на известување
- го менуваат начинот на мерење и презентирање на одредени компоненти од плановите за дефинирани трошоци
- ги зајакнуваат барањата за обелоденување, вклучувајќи ги и информациите за карактеристиките на плановите за дефинирани користи и ризици на кои ентитетите се изложени преку учество во истите.

Измените на МСС 19 стапуваат во сила за годишните периоди кои почнуваат на или по 1 јануари 2013 година и ќе се применуваат ретроспективно.

Пребивање на финансиски средства и финансиски обврски (Измени на МСС 32)

Измените на МСС 32 вклучуваат упатство за примена со цел да се појаснат неконзистентностите во примената на МСС 32 критериумот за пребивање на финансиските средства и финансиските обврски во следниве две области:

- значењето на"тековно има законски извршно право за пребивање"
- дека одредени системи за бруто пребивање може да се сметаат како нето пребивање.

Измените на МСС 32 стапуваат во сила за годишните периоди кои почнуваат на или по 1 јануари 2014 година и ќе се применуваат ретроспективно. Раководството не предвидува овие измени да имаат материјално значајно влијание врз консолидираните финансиски извештаи на Групата.

Обелоденувања - Пребивање на финансиски средства и финансиски обврски (Измени на МСФИ 7)

Во рамките на МСФИ 7 Финансиски инструменти: Обелоденувања (МСФИ 7) беа додадени одредени квалитативни и квантитативни обелоденувања кои се однесуваат на бруто и нето износите на признаените финансиски инструменти кои се: (а) пребиениво извештајот за финансиската состојба и (б) предмет на извршено пребивање од главни договори за пребивање и слични договори, дури и ако не е пребиено во извештајот за финансиската состојба. Измените стапуваат во сила за годишните периоди кои почнуваат на или по 1 јануари 2013 година како и меѓупериодично во рамките на тие годишни периоди. Раководството не предвидува материјално значајно влијание на овие измени врз консолидираните финансиски извештаи на Групата.

Годишни Подобрувања 2009-2011 (Годишни Подобрувања)

Годишните Подобрувања 2009-2011 (Годишни Подобрувања) извршија одредени мали измени во голем број на МСФИ. Измените кои се однесуваат на Групата се прикажани подолу:

Појаснување на барањата за почетен извештај за финансиската состојба:

- појаснување дека соодветен датум за почетниот извештај за финансиската состојба е почетокот на претходниот период (при што не е повеќе потребно да бидат презентирани придружни белешки)

Промени на сметководствени политики и обелоденувања (продолжува)
(б) Стандарди, измени и толкувања на постојните стандарди кои сеуште не се во сила и не се применети пред датумот на стапување во сила од страна на Групата

- потенцира споредбени барања за почетниот извештај за финансиската состојба кога ентитетот прави промена во сметководствените политики или прави ретроспективни повторни прикажувања или рекласификации, во согласност во МСС 8.

Појаснување на барањата за споредбени информации кои ги надминуваат минималните барања:

- појаснување дека не е потребно да бидат презентирани дополнителни информации за финансискиот извештај во форма на целосен сет на финансиски извештаи за периоди кои ги надминуваат минималните барања
- барања дека било кои дополнителни информации треба да бидат презентирани во согласност со МСФИ и дека ентитетот треба да презентира споредбени информации во придружните белешки за тие дополнителни информации.

Даночен ефект од распределбата на сопствениците на инструменти на капиталот:

- потенцира согледана недоследност помеѓу МСС 12 Данок на добивка (МСС 12) и МСС 32 Финансиски инструменти: Презентација (МСС 32) во однос на признавање на влијанието на данокот на добивка кое се однесува на распределбите на сопствениците на инструменти на капиталот и на трансакциските трошоци кои произлегуваат од трансакција со капиталот.
- појаснување дека намерата на МСС 32 е да ги следи барањата на МСС 12 за сметководство на данокот на добивка кое се однесува на распределбите на сопствениците на инструменти на капиталот и на трансакциските трошоци кои произлегуваат од трансакција со капиталот.

Сегментни информации за вкупни средства и обврски:

- појаснување дека вкупните средства и обврски за одреден известувачки сегмент треба да бидат објавени, ако и само ако: (а) мерење на вкупните средства или вкупните обврски (или двете заедно) е редовно доставено до раководството; (б) постои материјална значајна измена од мерењата кои биле објавени во последните годишни финансиски извештаи за тој известувачки сегмент.

Годишните Подобрувања презентирани погоре стапуваат во сила за годишните периоди кои почнуваат на или по 1 јануари 2013 година. Раководството не предвидува материјално значајно влијание на овие измени врз консолидираните финансиски извештаи на Групата.

2.3 Консолидација

Подружници

Финансиските извештаи на подружниците се вклучени во консолидираните финансиски извештаи од датумот на пренесување на контролата до датумот на престанокот на истата. Стекнувањето на подружниците е евидентирано според методот на набавна вредност, при што трошокот за стекнувањето претставува објективна вредност на дадените средства, издадените акции или превземените обврски на датумот на стекнувањето, вклучително и непосредните расходи направени за целите на стекнувањето. Вишокот на трошокот на стекнувањето над неговата објективна вредност претставува гудвил.

Консолидација (продолжува)

Интеркомпаниските трансакции, салда и нереализирани добивки од трансакциите помеѓу деловните субјекти се елиминирани. Нереализираите загуби се елиминирани исто така, освен во случај кога трошокот не може да биде надоместен.

Придружени друштва

Придружени друштва се субјекти врз кои Матичното друштво има значително влијание но не ги контролира истите и каде учеството во капиталот се движи помеѓу 20 и 50% од гласачките права. Вложувањата во придружените друштва се евидентирани според методот на главнина. Нереализираните добивки или загуби од трансакциите помеѓу Групата и придружените друштва се елиминирани согласно обемот на учеството на Групата во овие ентитети. При елиминирање на нереализираните загуби, средствата се тестираат за загуби поради оштетување.

2.4 Деловни комбинации

Групата го применува методот на стекнување во сметководството за деловни комбинации. Пренесениот надомест, од страна на Групата за да стекне контрола на подружница, се пресметува како збир од објективни вредности на пренесените средства, настанатите обврски и сопственичките учествата од страна на Групата на датумот на стекнување, кои вклучуваат објективна вредност на средство или обврска кои произлегуваат од превземениот ангажман на надомест. Трошоците за стекнување се признаваат во периодот кога настанале.

Групата признава стекнати средства кои можат да се идентификуваат и потенцијални обврски во деловната комбинација, без оглед на тоа дали тие биле претходно признаени во финансиските извештаи на стекнувачот пред периодот на стекнување. Стекнатите средства и потенцијалните обврски обично се мерат по објективна вредност на датумот на стекнување.

Гудвилот се евидентира по одделното признавање на нематеријалните средства кои може да се идентификуваат. Гудвилот се пресметува како вишок над збирот на а) објективнатата вредност на пренесениот надомест, б) признатиот износ на неконтролираното учество на стекнувачот и в) објективната вредност на сите постоечки сопственички учества на стекнувачот на датумот на стекнување, над објективни вредности на нето средствата кои може да се идентификуваат на датумот на стекнување. Доколку објективните вредности на нето средствата кои може да се идентификуваат го надминуваат погоре пресметаниот збир, вишокот износ (т.е. добивка направена при поволна набавка) претставува добивка од поволна набавка. Пред признавање на добивка од поволна набавка, стекнувачот треба повторно да процени дали правилно ги идентификувал сите стекнати средства, превземени обврски како и било кои дополнително утврдени средства или обврски идентификувани во текот на процесот на ревидирање, како и на процедурите кои се користени при мерење на износите кои треба да бидат признаени на датумот на стекнување. Добивката треба да му биде припишана на стекнувачот.

2.5 Известување по сегменти

Деловен сегмент претставува група на средства и деловни активности за обезбедување на производи и услуги, кои се подложни на ризици различни од оние кај други деловни сегменти. Географскиот сегмент пак обезбедува производи и услуги во рамки на одредено економско опкружување подложно на ризици различни од оние кај другите географски сегменти.

2.6 Странски валути

Функционална и презентациона валута

Трансакциите деноминирани во странска валута се искажани во Македонски Денари со примена на официјалниот среден курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските деноминирани во странска валута се искажани во Македонски Денари ("Денари") по средниот курс на Народната Банка на Република Македонија на последниот ден од пресметковниот период. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики прикажани се во Консолидираниот извештај за сеопфатната добивка како приходи или расходи од финансирање во периодот на нивното настанување. Средните девизни курсеви кои беа применети за прикажување на позициите на Консолидираниот извештај за финансиската состојба деноминирани во странска валута, се следните:

Средните девизни курсеви кои беа применети за прикажување на позициите на консолидираниот извештај за финансиска состојба деноминирани во странска валута, се следните:

	31 декември 2012	31 декември 2011
1 УСД	46.6510 Денари	47.5346 Денари
1 ЕУР	61.5000 Денари	61.5050 Денари
100 ЦХФ	50.9106 Денари	50.5964 Денари

Членки на групата

Резултатите и финансиската состојба на сите членки на Групата чија функционална валута е различна од валутата на презентација се преведени како што следи:

- Средствата и обврските се пресметани според средниот курс на датумот на Извештајот на финансиската состојба,
- Приходите и расходите се преведени со употреба на просечниот курс за периодот на известување (освен ако просечниот курс не претставува разумна основа за изразување на кумулативниот ефект на курсевите на денот на трансакцијата, во кој случај е користен курсот на трансакцијата), и
- Курсните разлики произлезени од погоренаведеното се прикажани како посебна ставка во останатата сеопфатна добивка.

2.7 Недвижности, постројки и опрема

Недвижностите, постројките и опремата се евидентираат по набавна вредност или по претпоставена набавна вредност намалена за акумулираната депрецијација и резервирањето поради оштетување, доколку постои. Набавната вредност вклучува трошоци кои директно се однесуваат на набавката на средствата.

Претпоставената набавна вредност претставува ревалоризирана набавна вредност на одредени ставки на недвижностите, постројките и опремата кои се ревалоризирани во периодите пред 2003 година, по пат на примена на коефициенти за индексирање утврдувани од страна на Државниот Завод за Статистика.

Цената на чинење на средствата, изградени во сопствена режија, се состои од трошокот за материјал, директна работна сила и соодветни општи производни трошоци.

Недвижности, постројки и опрема (продолжува)

Трошоците по камати за позајмици кои се користат за финансирање на изградба на недвижностите, постројките и опремата се капитализираат, за време на периодот кој е потребен да се завршат и подготват средствата за нивно ставање во употреба. Останатите трошоци по основ на позајмици се евидентирани како трошок.

Последователните набавки се вклучени во евидентираната вредност на средството или се признаваат како посебно средство, соодветно, само кога постои веројатност од прилив на идни економски користи за Групата поврзани со ставката и кога набавната вредност на ставката може разумно да се измери.

Сите други редовни одржувања и поправки се евидентираат како расходи во консолидираниот извештај за сеопфатната добивка во текот на финансискиот период во кој се јавуваат.

Не се пресметува депрецијација на земјиштето и инвестициите во тек. Депрецијацијата на останатите ставки на недвижностите и опремата се пресметува правопропорционално, со цел, да се распредели набавната или претпоставената набавна вредност до нивните резидуални вредности низ проценетиот век на употреба, како што следи:

Проценетиот век на употреба на ставките на недвижностите и опремата, е како што следи:

Згради	40 години
Погонска опрема	10 години
Останата опрема и моторни возила	4-5 години

Резидуалните вредности како и векот на употреба на средствата се проверуваат и доколку е потребно се корегираат, на секој датум на консолидираниот извештај за финансиска состојба. Евидентираната вредност на средствата се намалува веднаш до нивната надоместлива вредност во случај кога евидентираната вредност ја надминува надоместливата вредност (Белешка 2.7).

Приходите или расходите поврзани со отуѓувања или ставање вон употреба се одредуваат по пат на споредба на приливите од отуѓување со евидентираниот износ и се евидентираат во консолидираниот извештај за сеопфатна добивка како деловни приходи.

2.8 Вложувања во недвижности за изнајмување

Недвижностите, сопственост на Групата, кои се чуваат, пред се, со цел остварување приход од нивно изнајмување, наместо за употреба во редовниот тек на деловните активности, за административни потреби или за нивна продажба, се признаени како вложувања во недвижности за изнајмување.

Недвижностите за изнајмување, кои се состојат од деловен простор, се евидентирани според нивната набавна вредност, намалена за соодветната исправка на вредноста и евентуалното резервирање поради оштетување.

Вложувања во недвижности за изнајмување (продолжува)

Депрецијацијата на ставките на овие недвижности се пресметува правопропорционално, со цел, да се распредели набавната или претпоставената набавна вредност до нивните резидуални вредности низ проценетиот век на употреба.

2.9 Оштетување на нефинансиските средства

Недвижностите, постројките и опремата, се проверуваат од можни оштетувања секогаш кога одредени настани или промени укажуваат дека евидентираниот износ на средствата не може да се надомести. Секогаш кога евидентираниот износ на средствата го надминува нивниот надоместлив износ, се признава загуба од оштетување во консолидираниот извештај за сеопфатна добивка. Надоместливиот износ претставува повисокиот износ помеѓу нето продажната цена и употребната вредност на средствата.

Нето продажната цена е износ кој се добива од продажба на средство во трансакција помеѓу добро известени субјекти, додека употребната вредност е сегашната вредност на проценетите идни готовински приливи што се очекува да произлезат од континуираната употреба на средствата и од нивното отуѓување на крајот од употребниот век. Надоместливите износи се проценуваат за поединечни средства или, ако е тоа неможно, за целата група на средства која генерира готовина.

2.10 Нетековни средства наменети за продажба

Кога Групата има намера да продаде едно нетековно средство и доколку постои таква веројатност за продажба во следните 12 месеци средството се класифицира како "наменето за продажба" и се презентира посебно во Консолидираниот извештај за финансиска состојба.

Средствата класифицирани како "наменети за продажба" се признаваат по пониската помеѓу евидентираната и нивната објективна вредност намалена за трошоците за продажба, во моментот на нивната класификација. Последователно, вака класифицираните средства не се подложни на амортизација или депрецијација.

2.11 Финансиски средства

Групата ги класифицира своите финансиски средства во следните категории: финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби, финансиски средства кои се чуваат до доспевање, кредити и побарувања и финансиски средства расположиви за продажба. Класификацијата зависи од целите за набавка на финансиските средства. Раководството ги класифицира финансиските средства во моментот на нивното првично признавање.

Финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби

Финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби се финансиски средства наменети за тргување. Едно финансиско средство се класифицира како средство наменето за тргување доколку се стекнува со цел да се продаде во краток рок. Средствата во оваа категорија се класифицираат како тековни средства. Групата нема класифицирано средства во оваа категорија на датумот на консолидираниот Извештај за финансиската состојба.

Финансиски средства (продолжува)

Финансиски средства кои се чуваат до доспевање

Вложувања чувани до доспевање се не-дериватвни финансиски инструменти со фиксни периоди на отплата и со фиксен период на доспевање кои Групата има намера и можност да ги чува до периодот на доспевање. Со состојба на 31 декември 2012 година Групата нема класифицирано средства во оваа категорија на датумот на консолидираниот Извештај за финансиската состојба.

Кредити и побарувања

Кредитите и побарувањата се не-дериватвни финансиски средства со фиксни или одредени плаќања кои не котираат на активен пазар. Тие се вклучени во тековните средства, освен за оние кои доспеваат во период подолг од 12 месеци од датумот на известување. Кредитите и побарувањата на Групата на датумот на известување се состојат од побарувања од купувачи и останати побарувања, дадени позајмици како и парични средства и парични еквиваленти.

Финансиски средства расположливи за продажба

Финансиски средства расположливи за продажба се не-дериватви, кои се било креирани во оваа категорија или пак не се класифицирани во било која од останатите категории. Тие се вклучени во нетековни средства освен ако раководството нема намера да го отуѓи вложувањето во рок од 12 месеци од датумот на консолидираниот Извештај за финансиската состојба.

Признавање и мерење на финансиски средства

Набавките и продажбите на финансиските средства се евидентираат на датумот на трансакцијата - датумот на кој што Друштвото има обврска да го купи или продаде средството. Финансиските средства кои се признаваат според објективна вредност преку добивки или загуби почетно се признаваат според нивната објективна вредност, при што трошоците на трансакциите се признаваат во Извештајот за сеопфатната добивка. Финансиските средства престануваат да се признаваат по истекот на правата за примање на паричните текови од финансиските средства или по нивното пренесување, а Друштвото ги пренело значително сите ризици и користи од сопственоста. Финансиските средства расположливи за продажба и финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби последователно се евидентирани по нивната објективна вредност. Кредитите и побарувањата се последователно евидентирани по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна камата.

Сите финансиски средства кои не се признаваат според објективна вредност преку добивки и загуби почетно се признаваат по нивната објективна вредност зголемена за трошоците на трансакциите. Добивките или загубите од промената на објективната вредност на средствата по објективна вредност преку добивки и загуби се вклучуваат во консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка како останати нето добивки / загуби во периодот кога настануваат. Приходите од дивиденди од финансиските средства преку добивки и загуби се признаваат во консолидираниот Извештај за сеопфатна добивка како дел од останатите приходи во моментот кога Групата има воспоставено право на прилив од дивиденда.

Промените на објективната вредност на монетарните и не-монетарните вложувања класифицирани како расположливи за продажба се признаени во останатата сеопфатна добивка.

Финансиски средства (продолжува)

Кога хартиите од вредност класифицирани како расположливи за продажба се продаваат или се оштетени, акумулираната корекција на објективната вредност признаена во останатата сеопфатна добивка се вклучува во консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка како добивка или загуба од вложувања во хартии од вредност. Каматите од средствата расположливи за продажба, пресметани врз основа на ефективната каматна стапка се признаваат во консолидираниот Извештај на сеопфатна добивка како финансиски приходи. Приходи од дивидени од финансиските средства расположливи за продажба се признаваат во консолидираниот Извештај за сеопфатна добивка како дел од останатите приходи во моментот кога Групата има воспоставено право на прилив од дивиденда.

Оштетување на финансиски средства

а. Средства евидентирани по амортизирана набавна вредност

На секој датум на консолидираниот Извештај за финансиска состојба, Групата проценува дали постои објективен доказ за оштетување на едно финансиско средство или група на финансиски средства. Финансиското средство или групата на финансиски средства, се оштетени, и загуба поради оштетување се евидентира само ако постои објективен доказ за оштетување како резултат на еден или повеќе настани кои се случиле по првичното признавање на средствата и дека настанот има влијание на очекуваните идни парични текови на финансиското средство или групата на финансиски средства кои можат веродостојно да се проценат.

Како докази за оштетување може де се земат идикациите дека должникот или групата должници имаат значајни финансиски тешкотии, доцнење при исплата на главница и камата, веројатност дека ќе влезат во стечај или друга регорганизација, и каде што постојат видливи индикации за намалување на идните парични текови како што се промените во економските услови кои кореспондираат со загубата.

За категоријата кредити и побарувања износот на загубата поради оштетување претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансиското средство. Евидентираниот износ на средството се намалува и износот на загубата истовремено се признава во консолидираниот Извештај на сеопфатна добивка. Доколку кредитот или средството кое се чува до доспевање е со променлива каматна стапка, тековната ефективна каматна стапка утврдена според договорот претставува стапката на мерење на било која загуба од оштетување. На пример, Групата може да го измери оштетувањето на средството врз основа на објективната вредност на инструментот, користејќи пазарна цена.

Доколку во некој последователен период износот на оштетувањето се намали и тоа намалување може обејктивно да се поврзе со настан кој настанал после признавањето на оштетувањето (како на пример подобрување на кредитниот рејтинг на должникот), претходно признаената загуба ќе биде вратена со корекција во консолидираниот Извешај на сеопфатна добивка.

Финансиски средства (продолжува)

б. Финансиски средства расположливи за продажба

На секој датум на консолидираниот Извештај за финансиска состојба, Групата проценува дали постои објективен доказ за оштетување на едно финансиско средство или група на финансиски средства. За должнички хартии од вредност, Групата ги користи критериумите наведени во подточка (а). Кај сопственички хартии од вредност расположливи за продажба, значителното или пролонгирано опаѓање на објективната вредност на хартиите од вредност под нивната набавна вредност претставува индикатор дека средството е оштетено. Доколку постои таков доказ за финансиските средства расположливи за продажба, кумулативната загуба - измерена како разлика меѓу набавната вредност и тековната објективна вредност, намалена за загубата поради оштетување претходно признаена во консолидираниот Извештај за финансиската состојба, се отстранува од капиталот и се признава во консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка.

Загубите поради оштетување признаени во консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка за вложувањата во инструменти на капиталот не се коригираат преку консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка.

Доколку во некој последователен период објективната вредност на должничките инструменти евидентирани како финансиски средства расположливи за продажба се зголеми и зголемувањето може обејктивно да се поврзе со некој настан по датумот на евидентирањето на оштетувањето во добивките или загубите, претходно признаената загуба ќе биде вратена со корекција во консолидираниот Извешај на сеопфатна добивка.

2.12 Залихи

Залихите се евидентирани по пониската помеѓу набавната вредност односно цената на чинење и нето продажната вредност. Нето продажната вредност претставува продажна вредност во секојдневниот тек на работата, намалена за трошоците за комплетирање, маркетинг и дистрибуција. Цената на чинење на залихите ги вклучува трошоците на директните материјали, директната работна сила, останатите директни трошоци и поврзани на нив општи производни трошоци.

2.13 Побарувања од купувачи и останати побарувања

Побарувања од купувачите претставуваат износи од купувачи за продадени стоки или извршени стоки во нормалниот тек на работењето. Доколку наплатата на побарувањата се очекува за една или помалку од една година (или во временска рамка на еден оперативен циклус дококлку е подолг), побарувањата се класифицирани како тековни средства. Доколку не го исполнуваат наведениот услов, истите се класифицираат како не-тековни побарувања.

Побарувањата од купувачи иницијално се признаваат по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка, нето од резервирањето поради оштетување. Резервирање поради оштетување се признава кога постои објективен доказ дека Групата нема да може да ги наплати сите доспеани побарувања според нивните оригинални услови на плаќање.

Побарувања од купувачи и останати побарувања (продолжува)

Значителни финансиски потешкотии на должникот, веројатноста за стечај или финансиско реорганизирање како и пролонгирање или неможност за плаќање претставуваат индикатори дека побарувањата од купувачи се оштетени. Значајните должници се тестираат за оштетување на индивидуална основа. Останатите побарувања со слични карактеристики на кредитен ризик се проценуваат групно.

Износот на резервирањето претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансиското средство.

Средствата со краткорочно доспевање не се дисконтираат. Евидентираниот износ на средството со признавање на поврзаните загуби преку сметка за резервирање поради оштетување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради оштетување во тековниот консолидиран Извештај за сеопфатната добивка. Во случај на ненаплатливост на побарувањето истото се отпишува наспроти неговото резервирање. Последователната наплата на претходно отпишаните износи се признава како тековна добивка во консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка.

2.14 Пребивање на финасиските инструменти

Финансиските средства и обврски се пребиваат и нето вредноста се презентира во Извештајот за финансиска состојба, кога постои законско извршно право за пребивање на признаените вредности и постои можност да се порамнат на нето основа или пак истовремено да се реализираат средствата и подмират обврските.

2.15 Парични средства и еквиваленти

Паричните средства и еквиваленти вклучуваат готовина во благајна, депозити по видување во банки и други краткорочни високоликвидни вложувања кои доспеваат во периоди не подолги од 3 месеци.

2.16 Капитал, резерви и акумулирани добивки

(а) Акционерски капитал

Акционерскиот капитал ја претставува номиналната вредност на емитираните акции.

(б) Трошоци поврзани со емисија на акции

Трошоците поврзани со емисија на нови акции, опции или стекнувањето на деловна активност се презентирани во капиталот како намалување на приливите.

(в) Сопствени акции

Кога Групата откупува свој акционерски капитал, платените надоместоци, вклучувајќи ги надворешните трошоци кои се директно поврзани, се одземаат од вкупниот акционерски капитал како сопствени акции се додека истите не се отуѓат. Кога таквите акции последователно се продаваат, примените надоместоци се евидентирани во акционерскиот капитал.

(г) Резерви

Резервите, кои се состојат од реваоризациони, задолжителни и резерви за сопствени акции се создадени во текот на периодите врз основа на добивки/загуби од реваоризација на материјалните средства и финансиските средства расположливи за продажба, во случајот со реваоризациони резерви како и по пат на распределба на акумулираните добивки врз основа на законска регулатива и одлуките на раководството и акционерите на Групата.

(д) Акумулирани добивки
Акумулираните добивки ги вклучуваат задржаните добивки од тековниот и претходните периоди.

2.17 Обврски спрема добавувачи

Обврските кон добавувачи се обврски за плаќање за стоки или услуги кои се стекнати во нормалниот тек на работењето. Обврските се евидентираат како тековни доколку плаќањето на истите се изврши во рок една година или помалку од една година (или во временска рамка на еден оперативен циклус дококлку е подолг). Доколку не го исполнуваат наведниот услов, истите се класифицираат како не-тековни обврски.

Обврските кон добавувачи се евидентирани по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка.

2.18 Позајмици

Позајмиците иницијално се евидентирани според нивната објективна вредност, намалена за трошоците на трансакција. Последователно, позајмиците се евидентираат според нивната амортизирана набавна вредност; разликите помеѓу примањата (намалени за трошоците на трансакцијата) и надоместливиот износ се признаваат во консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка за времетраењето на позајмиците, користејќи го методот на ефективна каматна стапка.

Надоместоците кои се плаќаат за воспоставување на кредитни линии се признаваат како трошок за трансакцијата на позајмицата доколку постои веројатност дека дел или целата линија ќе се повлече. Во овој случај, надоместокот се одложува до моментот на повлекувањето.

Доколку не постои доказ дека ќе се повлече одреден дел или сите кредитни линии, надоместокот се капитализира како однапред извршени плаќања за ликвидност и се амортизира за периодот на аранжманот. Позајмиците се класифицирани како тековни обврски освен доколку Групата има безусловно право за подмирување на обврската за најмалку 12 месеци по датумот на консолидираниот Извештај за финансиската состојба.

2.19 Трошоци за позајмување

Општите и посебните трошоци за позајмици директно поврзани со стекнување, изградба или производство на квалификувани средства, кои претставуваат средства за кои е потребен значителен период на време да се подготват за нивната наменска употреба или продажба, се додаваат на набавната вредност на тие средства, до моментот кога средствата се значително подготвени за нивната наменска употреба или продажба.

Приходите од вложувања стекнати од привремена инвестиција на специфични обврски по кредити каде се очекуваат трошоците за квалификувани средства се одземаат од трошоците за позајмување кои можат да се квалификуваат за капитализација.

Сите останати трошоци за позајмици се признаени во добивки или загубите во периодот во кој настанале.

2.20 Тековен и одложен даночен расход

Согласно Тековен даночен расход, по стапка од 10%, се пресметува на непризнаените расходи за даночни цели корегирани за даночниот кредит и на помалку искажани приходи, како и на распределената добивка за дивиденди на правни лица - нерезиденти и на физички лица. Нераспределената добивка не се оданочува.

Одложениот даночен расход се евидентира во целост, користејќи ја методата на обврска, за времените разлики кои се јавуваат помеѓу даночната основа на средствата и обврските и износите по кои истите се евидентирани за целите на финансиското известување.

При утврдување на одложениот даночен расход се користат тековните важечки даночни стапки. Одложениот даночен расход се задолжува или одобрува во консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка, освен доколку се однесува на ставки кои директно го задолжуваат или одобруваат капиталот, во кој случај одложениот данок се евидентира исто така во капиталот.

Одложените даночни средства се признаваат во обем во кој постои веројатност за искористување на времените разлики наспроти идната расположлива оданочива добивка.

Со состојба на 31 декември 2012 и 2011 година, Групата нема евидентирано одложени даночни средства или обврски, бидејќи не постојат временски разлики на овие датуми.

2.21 Надомести за вработените

Придонеси за пензиско осигурување

Групата има пензиски планови согласно домашната регулатива за социјално осигурување според која плаќа придонеси за пензиско осигурување на своите вработени. Придонесите, врз основа на платите, се плаќаат во првиот и вториот пензиски столб кои се одговорни за исплата на пензиите. Не постојат дополнителни обврски во врска со овие пензиски планови.

Краткорочни користи за вработените

Краткорочните користи за вработените се мерат на недисконтирана основа и се признаваат кога соодветната услуга ќе се добие. Групата признава обврска и расход за износот кој што се очекува да биде исплатен како краткорочен бонус во пари или како удел во добивката и доколку Групата има сегашна правна или изведена обврска да врши такви исплати како резултат на услуги дадени во минатиот период и доколку обврската може да се процени веродостојно.

Обврски при пензионирање на вработените

Групата, согласно соодветните домашни законски одредби, исплаќа на вработените посебна минимална сума при пензионирањето во износ еднаков на двомесечна просечна плата. Групата нема извршено резервирање за пресметан посебен минимален износ за пензионирање на вработените, бидејќи овој износ не е од материјално значење за консолидираните финансиски извештаи.

2.22 Резервирања

Резервирање се признава кога Групата има тековна обврска како резултат на настан од минатото и постои веројатност дека ќе биде потребен одлив на средства кои вклучуваат економски користи за подмирување на обврската, а воедно ќе биде направена веродостојна проценка на износот на обврската. Резервирањата се проверуваат на секој датум на консолидираниот извештај за финансиска состојба и се корегираат со цел да се рефлектира најдобрата тековна проценка. Кога ефектот на времената вредност на парите е материјален, износот на резервирањето претставува сегашна вредност на трошоците кои се очекува да се појават за подмирување на обврската.

2.23 Признавање на приходите и расходите

Приходите се мерат според објективната вредност на примениот надомест, односно надоместот што треба да се прими за продадените производи и стоки односно обезбедените услуги, нето од данокот на додадена вредност и евентуално одобрените продажни попусти. Приходите се признаваат кога сумата од приходите може прецизно да се измерат и се очекува дека економските користи од извршената трансакција ќе има прилив во Групата, кога направените трошоци или идни трошоци може прецизно да се измерат и се исполнети критериумите за различните активности на Групата.

Приходи од продажба на производи и стоки

Приходот од продажба на производи и стоки се признава во моментот на испорака до корисникот, кога корисникот ги прифаќа стоките, а наплатливоста на поврзаните побарувања е разумно обезбедена.

Приходи од договори за изградба

Приходите од договорите за изградба се признаваат во согласност со сметководствената политика за договори во изградба (види Белешка 2.24).

Приходи од обезбедување на услуги

Приходот од обезбедување на услуги се евидентира според степенот на завршување кога истиот може со сигурност да биде измерен. Степенот на завршување се одредува врз основа на проверка на извршената работа.

Приходи од камата

Приходот од каматата се евидентира пропорционално на времето што го рефлектира ефективниот принос на средствата.

Приходи од авторски права

Приходот од авторски права се евидентира во времето на настанување во согласност со предметот на соодветниот договор.

Приходи од дивиденди

Приходот од дивиденди се признава кога ќе се обезбеди правото за примање на исплата.

Расходи од деловното работење

Расходите од деловното работење се признаваат во моментот на искористувањето на услугите односно во периодот на нивното настанување.

Признавање на приходите и расходите (продолжува)

Пребивање на приходите и расходите

Во текот на своето редовно работење, Групата учествува во други трансакции кои не генерираат приходи, туку се инцидентни во однос на главните активности кои генерираат приходи. Групата ги презентира резулатите од таквите трансакции преку пребивање на секој приход со соодветните расходи кои произлегуваат од истата трансакција, кога ова презентирање ја одразува суштината на трансакциите или настаните.

2.24 Договори за изградба

Кога резултатот од договорот за изградба може веродостојно да се измери, приходите и трошоците се признаваат според степенот на комплетирање на договорените активности на датумот на консолидираниот извештај за финансиска состојба, измерен врз основа на проверка на извршената работа. Кога резултатот од договорот за изградба не може веродостојно да се измери, приходот од договорот за изградба се признава во висина на фактички настанатите трошоци, за кои постои веројатност дека ќе бидат надоместени.

Трошоците од договорот за изградба се признаваат во моментот на нивното настанување. Кога е веројатно дека вкупните трошоци по договорот ќе ги надминат вкупните приходи, очекуваните загуби се признаваат веднаш на товар на тековната добивка.

2.25 Распределба на дивиденди

Распределбата на дивиденди на акционерите на Групата е евидентирана како обврска во консолидираните финансиски извештаи во периодот кога тие се одобрени од акционерите на Групата.

2.26 Превземени и неизвесни обврски

Не се евидентирани неизвесни обврски во консолидираните финансиски извештаи. Тие се објавуваат доколку постои веројатност за одлив на средства кои вклучуваат економски користи. Исто така, неизвесни средства не се евидентирани во консолидираните финансиски извештаи, но се објавуваат кога постои веројатност за прилив на економски користи. Износот на неизвесна загуба се евидентира како резервирање доколку е веројатно дека идните настани ќе потврдат постоење на обврска на денот на консолидираниот извештај за финансиска состојба и кога може да се направи разумна проценка на износот на загубата.

2.27 Трансакции со поврзани субјекти

Поврзани субјекти се оние каде едниот субјект го контролира другиот субјект или има значајно влијание во донесувањето на финансиските и деловните одлуки на другиот субјект. Трансакциите на Групата со поврзани субјекти се однесуваат на трансакциите во редовниот тек на работењето.

2.28 Настани по датумот на известување

Настаните по датумот на известување кои обезбедуваат дополнителни информации во врска со состојбата на субјектот на денот на консолидираниот иззвештај за финансиска состојба (настани за кои може да се врши корегирање) се рефлектирани во консолидираните финансиски извештаи. Настаните по датумот на известување за кои не може да се врши корегирање се прикажуваат во белешките во случај кога се материјално значајни.

3 Управување со финансиски ризици

3.1 Фактори на финансиски ризици

Деловните активности на Групата се изложени на различни ризици од финансиски карактер, вклучувајќи ризик од кредитирање и ризици поврзани со ефектите од промените во девизните курсеви и каматните стапки. Управувањето со ризиците на Групата се фокусира на непредвидливоста на пазарите и се стреми кон минимализирање на потенцијалните негативни ефекти врз успешноста на деловното работење на Групата.

Управувањето со ризиците на Групата го врши Раководството на матичното друштво врз основа на претходно одобрени писмени политики и процедури кои го опфаќаат целокупното управување со ризиците, како и специфичните подрачја, како што се ризикот од курсни разлики, ризикот од каматни стапки, ризикот од кредитирање, употребата на вложувањата и пласманите на вишокот ликвидни средства.

3.2 Пазарни ризици

Ризик од курсни разлики

Групата има деловни активности на меѓународните пазари, и е изложена на ризик од курсни разлики кој се јавува од изложеноста кон различни валути, посебно во однос на Еврото, Доларот, Швајцарскиот Франк, Бугарскиот Лев и Српскиот Динар. Групата не користи инструменти за обезбедување од ризик од курсни разлики "хеџинзи". Раководството врши непосредна секојдневна контрола врз нето позицијата на Групата за секоја валута поединечно, како и вкупно за сите валути.

Сметководствената вредност на монетарните средства и обврски на Групата деноминирани во странски валути е како што следи:

		2012 000 МКД	2011 000 МКД
Средства			
Парични средства и еквиваленти	ЕУР	4,608	1,938
Парични средства и еквиваленти	РСД	289	1,743
Парични средства и еквиваленти	БГЛ	346	94
Странски купувачи	ЕУР	84,011	97,065
Странски купувачи	РСД	31,557	22,849
Странски купувачи	БГЛ	11,226	12,453
		132,037	**136,142**
Обврски			
Странски добавувачи	ЕУР	18,315	27,157
Странски добавувачи	РСД	518	1,977
Странски добавувачи	БГЛ	4,175	1,258
Странски добавувачи	УСД	466	-
Кредити	ЕУР	37,570	57,484
Кредити	БГЛ	5,440	5,943
Кредити	РСД	938	517
Кредити	ЦХФ	30,266	41,618
		97,688	**135,954**

Пазарни ризици (продолжува)
Ризик од курсни разлики (продолжува)

Следната табела ја прикажува осетливоста на Групата на 1% промена на курсот на еврото и 5% промена на курсот на останатите странските валути во однос на Денарот. Анализата на сензитивноста ги вклучува единствено монетарните ставки деноминирани во странска валута на крајот на годината, при што се врши корекција на нивната вредност при промена на курсот на еврото за 1% и 5% за останатите странските валути.

Позитивниот односно негативниот износ означува зголемување/намалување на добивката или останатиот капитал, кој што се јавува во случај доколку Денарот ја намали/зголеми својата вредност во однос на еврото за +/-1% и за останатите странските валути за +/- 5%.

Анализа на сензитивноста на странски валути

					2012
	Нето износи	1%	-1%	5%	-5%
ЕУР	32,734	327	(327)	-	-
УСД	(466)	-	-	(23)	23
БГЛ	1,957	-	-	98	(98)
РСД	30,390	-	-	1,520	(1,520)
ЦХФ	(30,266)	-	-	(1,513)	1,513
Добивка/(Загуба)	34,349	327	(327)	82	(82)

					2011
	Нето износи	1%	-1%	5%	-5%
ЕУР	14,362	144	(144)	-	-
УСД	-	-	-	-	-
БГЛ	5,346	-	-	267	(267)
РСД	22,098	-	-	1,105	(1,105)
ЦХФ	(41,618)	-	-	(2,081)	2,081
Добивка/(Загуба)	188	144	(144)	(709)	709

Ризик од каматни стапки врз готовинските текови и објективната вредност

Ризик од каматни стапки претставува ризикот дека објективната вредност или идните парични текови на финансиските инструменти ќе имаат промени поради промени во вредноста на пазарните каматни стапки. Групата е изложена на ризици поради промени на пазарните каматни стапки најмногу поради долгорочните обврски на Групата по основ на долг со варијабилни каматни стапки. Раководството на Групата е во најголема мера одговорно за дневно следење на состојбата на ризикот од нето каматни стапки и одредува лимити за намалување на потенцијалот од каматна неусогласеност. Следната табела ја прикажува изложеноста на Групата на ризици од каматни стапки:

	2012 000 МКД	2011 000 МКД
Финансиски средства		
Некаматоносни:		
Финансиски средства расположливи за продажба	9,730	9,730
Побарувања од купувачи и останати побарувања	269,766	281,711
Парични средства и еквиваленти	30	120
Каматоносни (фиксна каматна стапка):		
Парични средства и еквиваленти	5,803	4,065
Вкупно	**285,329**	**295,626**

Пазарни ризици (продолжува)
Ризик од каматни стапки врз готовинските текови и објективната вредност (продолжува)

	2012 000 МКД	2011 000 МКД
Финансиски обврски		
Некаматоносни:		
Обврски кон добавувачи и останати обврски	88,939	88,174
Позајмици	5,565	2,386
Каматоносни (со фиксна каматна стапка):		
Позајмици	122,629	117,687
Каматоносни (со променлива каматна стапка):		
Позајмици	30,750	46,129
Вкупно	**247,883**	**254,376**

Анализа на сензитивноста на каматни стапки

	Нето износ	2%	2012 -2%
Со променлива каматна стапка	(30,750)	(615)	615

	Нето износ	2%	2011 -2%
Со променлива каматна стапка	(46,129)	(923)	923

Позитивниот односно негативниот износ означува зголемување/намалување на добивката или останатиот капитал, кој што се јавува во случај доколку каматните стапки би биле повисоки/пониски за 2%.

3.3 Кредитен ризик

Групата нема значителна концентрација на кредитен ризик. Групата има политики со цел да обезбеди дека продажбата на производи и услуги се врши на клиенти со соодветна кредитна историја и кои го ограничуваат износот на кредитната изложеност на неговите клиенти. Максималната изложеност на Групата на ризик од кредитирање е претставена со евидентираниот износ на секое финансиско средство во консолидираниот извештај за финансиска состојба, како што следи:

	2012	2011
Класи на финансиски средства – евидентирана вредност		
Финансиски средства расположливи за продажба	9,730	9,730
Парични средства и еквиваленти	5,833	4,185
Побарувања од купувачи и останати побарувања	269,766	281,711
Вкупно	**285,329**	**295,626**

Кредитниот ризик за паричните средства и еквиваленти е материјално незначаен затоа што средствата се депонирани во реномирани банки со висок кредитен рејтинг.

Анализата на кредитниот квалитет на портфолиото на побарувањата од купувачи е обелоденета во Белешка 9.

3.4 Ризик од ликвидност

Претпазливо управување со ризик од ликвидност имплицира одржување на доволно готовина и ликвидни хартии од вредност, потоа расположливост на извори на средства преку соодветно обезбедување на кредити и можност за навремена наплата на износите на побарувања од купувачи во рамките на договорените услови. Како резултат на динамичниот карактер на дејноста на Групата, Раководството настојува да обезбеди флексибилни извори на средства преку расположливи кредитни линии.

Ризик од ликвидност (продолжува)

Табелите во продолжение ја прикажуваат преостанатата договорена доспеаност на финансиските обврски на Групата. Табелите се подготвени врз основа на недисконтираните готовински текови на финансиските обврски.

	Тековни		Не тековни	
	до 12 месеци	1до 5 години	Покасно од 5 години	Вкупно
Со состојба на 31 декември 2012	000 МКД	000 МКД	000 МКД	000 МКД
Позајмици без камата	5,565	-	-	5,565
Позајмици со варијабилна камата	15,375	15,375	-	30,750
Позајмици со фиксна камата	61,043	60,375	1,211	122,629
Обврски спрема добавувачи	88,939	-	-	88,939
	170,922	**75,750**	**1,211**	**247,883**

	Тековни		Не тековни	
	до 12 месеци	1до 5 години	Покасно од 5 години	Вкупно
Со состојба на 31 декември 2011	000 МКД	000 МКД	000 МКД	000 МКД
Позајмици без камата	2,386	-	-	2,386
Позајмици со варијабилна камата	15,376	30,753	-	46,129
Позајмици со фиксна камата	66,325	50,494	868	117,687
Обврски спрема добавувачи	88,174	-	-	88,174
	172,261	**81,247**	**868**	**254,376**

Наведените суми го означуваат договорниот ненамален паричен тек кој може да се разликува по евидентираната вредност на расходите на датумот на консолидираниот извештај за финансиска состојба.

3.5 Ризик при управување со капитал

Целите на Групата при управување со капиталот се овозможување истата да продолжи со понатамошна континуирана работа со цел да обезбеди приход за акционерите и бенефициии за други заинтересирани лица, како и да одржи оптимална структура на капиталот со цел намалување на трошокот на капиталот.

Со цел да ја одржи или прилагоди структурата на својот капитал, Групата може да изврши корекција на износот на дивиденди исплатени на акционерите, да врати капитал на акционерите, да издаде нови акции или да продаде средства за да го намали долгот.

Показател на задолженост

Структурата на изворите на финансирање на Групата се состои од обврски, кои ги вклучуваат позајмиците со камата, пари и парични еквиваленти и главнина, која се состои од уплатен капитал, резерви и нераспределена добивка.

Раководството ја анализира структурата на изворите на финансирање на годишна основа како однос на нето обврските по позајмици во однос со вкупниот капитал. Нето обврските по позајмици се пресметани како вкупни обврски по позајмици намалени за износот на паричните средства и паричните еквиваленти.

Ризик при управување со капитал (продолжува)

Показателот на задолженоста на крајот на годината е прикажан како што следи:

	2012	2011
Позајмици	158,944	166,202
Парични средства и еквиваленти	(5,833)	(4,185)
Нето обврски	153,111	162,017
Капитал	352,576	356,162
	0.43	0.45

3.6 Утврдување на објективна вредност

Објективна вредност претставува вредност за која едно средство може да биде заменето или некоја обврска подмирена под нормални комерцијални услови. Објективната вредност се одредува врз основа на претпоставка на раководството, зависно од видот на средството или обврската.

3.6.1 Финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност

Финансиските средства измерени според објективната вредност во извештајот за финансиска состојба се прикажуваат во согласност со хиерархијата на објективната вредност која ги групира финансиските средства и обврски во три нивоа кои се базираат на значајноста на влезните податоци користени при мерењето на објективната вредност на финансиските средства. Хиерархијата според објективната вредност е одредена како што следи:

- Ниво 1: котирани цени (некорегирани) на активните пазари за идентични средства или обврски;
- Ниво 2: останати влезни податоци, покрај котираните цени, вклучени во Ниво 1 кои се достапни за набљудување за средството или обврската, или директно (т.е. како цени) или индиректно (т.е. изведени од цени); и
- Ниво 3: влезни податоци за средството или обврската кои не се базираат на податоци достапни за набљудување од пазарот.

Финансиските средства кои се евидентирани по објективна вредност во консолидираниот извештај за финансиска состојба се групирани според нивото на хиерархија на објективната вредност како што следи (во илјади Денари):

	Ниво 1	Ниво 2	Ниво 3	Вкупно
Средства				
Финансиски средства расположливи за продажба	9,730	-	-	9,730

Финансиските средства расположливи за продажба се состојат од вложувања во хартии од вредност - акции кај домашни некотирани финансиски институции како и вложувања во домашни и странски некотирани друштва. Евидентирани се по нивната објективна вредност врз основа на нивната пазарна цена на датумот на извештајот.

Утврдување на објективна вредност(продолжува)

3.6.2 Финансиски инструменти кои не се евидентирани по објективна вредност

Споредбата меѓу сметководствената вредност и објективната вредност на оние финансиски средства и обврски кои во консолидираниот извештај за финансиска состојба не се евидентирани според објективна вредност се прикажани во табелата подолу:

	Евидентирана вр.		Објективна вр.	
	2012	2011	2012	2011
Средства				
Купувачи и останати краткорочни побарувања	269,766	281,711	269,766	281,711
Парични средства и еквиваленти	5,833	4,185	5,833	4,185
Вкупни средства	**275,599**	**285,896**	**275,599**	**285,896**
Обврски				
Позајмици	158,944	166,202	158,944	166,202
Добавувачи и останати краткорочни обврски	88,939	88,174	88,939	88,174
Вкупни обврски	**247,883**	**254,376**	**247,883**	**254,376**

Кредити и побарувања

Кредитите и побарувањата се евидентираат по амортизирана набавна вредност намалена за резервирање поради оштетување. Нивната објективна вредност соодветствува на евидентираната вредност поради нивното краткорочно доспевање.

Останати финансиски средства

Објективната вредност на монетарните средства што вклучуваат парични средства и еквиваленти се смета дека е приближна на нивната сметководствена вредност поради тоа што се со доспеаност помала од 3 месеци.

Обврски спрема доверителите и обврски по кредити

Сметководствената вредност на обврските спрема доверителите и обврските по кредити соодветствува на нивната објективна вредност поради нивното краткорочно доспевање.

4 Значајни сметководствени проценки

При примената на сметководствените политики на Групата, опишани во Белешка 2 кон овие консолидирани финансиски извештаи, од Раководството се бара да врши проценки и прави претпоставки за евидентираните износи на средствата и обврските кои не се јасно воочливи од нивните извори на евидентирање. Проценките и придружните претпоставки се засновуваат на минати искуства и други фактори, за кои се смета дека се релевантни. При тоа, фактичките резултати може да одстапуваат од таквите проценки.

Проценките и главните претпоставки се проверуваат тековно. Ревидираните сметководствени проценки се признаваат во периодот во кој истите се ревидирани доколку таквото ревидирање влијае само за или во тој период, како и за идни периоди, доколку ревидирањата влијаат за тековниот и идните периоди.

Несигурност во проценките

Оштетување кај нефинансиски средства

Загуби од оштетување се признаваат во износ за кој евидентираната вредност на средството или единицата што генерира готовина го надминува надоместливиот износ. При утврдување на надоместливиот износ, Раководството ги проценува очекуваните цени, готовинските токови од секоја единица што генерира готовина и утврдува соодветна каматна стапка при пресметка на сегашната вредност на тие готовински текови.

Оштетување кај финансиски средства

Оштетување на побарувања од купувачи и останати побарувања

Групата пресметува оштетување за побарувања од купувачи и останати побарувања врз основа на проценка на загуби кои резултираат од неможноста купувачите да ги подмират своите обврски. При проценка на соодветноста на загубата поради оштетување за побарувањата од купувачи и останатите побарувања, проценката се темели врз доспевањето на салдото на сметката за побарувања и минатото искуство на отписи, кредитоспособноста на клиентите и промените во условите за плаќање за клиентите. Ова подразбира правење претпоставки за идните однесувања на клиентите, како и за идните приливи на парични средства. Доколку финансиските услови на клиентите се влошат, реалните отписи на тековно постоечките побарувања може да бидат повисоки од очекуваното, и може да го надминат нивото на загубите поради оштетување кои се досега признати.

Употребен век на средствата што се амортизираат

Раководството врши редовна проверка на употребниот век на средствата што се амортизираат на 31 декември 2012 година. Раководството проценува дека утврдениот употребен век на средствата ја претставува очекуваната употребливост (корисност) на средствата. Евидентираните вредности на овие средства се анализирани во Белешка 5 и 6. Фактички резултати, сепак, може да се разликуваат поради технолошка застареност.

Залихи

Залихи се евидентираат по пониската помеѓу набавната вредност (цена на чинење) и нето реализационата вредност. При проценката на нето реализационата вредност се земаат најобјективните докази / податоци кои се на располагање во периодот кога се правени проценките.

5 Недвижности, постројки и опрема

	Градежни Објекти	Опрема	Инвестиции во тек	Вкупно
На 31 декември 2010 година				
Набавна вредност	163,235	137,489	89,814	390,538
Исправка на вредност	(60,715)	(111,172)	-	(171,887)
Нето евидентирана вредност	**102,520**	**26,317**	**89,814**	**218,651**
Промени во текот на 2011 година				
Почетна нето евидентирана вредност	102,520	26,317	89,814	218,651
Набавки на недвижности и опрема, нето од инвестиции во тек	11,311	3,629	(3,538)	11,402
Пренос во вложувања во недвижности за изнајмување	-	-	(63,108)	(63,108)
Отписи и продажби, нето	-	(357)	-	(357)
Курсни разлики од преведување	(588)	642	(94)	(40)
Депрецијација за годината	(5,001)	(10,218)	-	(15,219)
Крајна нето евидентирана вредност	**108,242**	**20,013**	**23,074**	**151,329**
На 31 декември 2011 година				
Набавна вредност	173,958	135,718	23,074	332,750
Исправка на вредност	(65,716)	(115,705)	-	(181,421)
Нето евидентирана вредност	**108,242**	**20,013**	**23,074**	**151,329**
Промени во текот на 2012 година				
Почетна нето евидентирана вредност	108,242	20,013	23,074	151,329
Набавки на недвижности и опрема	157	3,189	6,029	9,375
Пренос од инвестиции во тек	7,494	309	(8,269)	(466)
Пренос во вложувања во недвижности за изнајмување	59,557	-	-	59,557
Отписи и продажби, нето	-	(999)	-	(999)
Курсни разлики од преведување	(100)	(110)	-	(210)
Депрецијација за годината	(4,103)	(4,878)	-	(8,981)
Крајна нето евидентирана вредност	**171,247**	**17,524**	**20,834**	**209,605**
На 31 декември 2012 година				
Набавна вредност	244,152	138,047	20,834	403,033
Исправка на вредност	(72,905)	(120,523)	-	(193,428)
Нето евидентирана вредност	**171,247**	**17,524**	**20,834**	**209,605**

Компонентите на инвестициите во тек се како што следи:

	2012	2011
Вложувања во:		
- Магацин за прашкасти материјали	12,376	11,752
- Постројка за суви малтери	-	3,597
- Софтвер	3,208	3,208
- Локал 6 – Автокоманда	1,408	1,152
- Хала за базно производство	1,209	1,209
- Земјиште	-	952
-Настрешница над отворен магацин	708	708
- Останато	1,925	496
	20,834	**23,074**

Расход и продажба на недвижности, постројки и опрема

Во текот на 2012 година, Групата продаде дел од својата опрема со нето сегашна вредност од 655 илјади Денари и оствари приход од продажба на опрема во вредност од 620 илјади Денари (2011: 1,185 илјади Денари) (види Бел.17).

Понатаму, во текот на 2012 година, Групата расходува дел од своите недвижности, постројки и опрема чија нето евидентирана вредност изнесува 344 илјади Денари.

Недвижности, постројки и опрема (продолжува)

Залог врз недвижностите, постројките и опремата

Со состојба на ден 31 декември 2012 година, Групата има дадено заложни права - хипотеки врз дел од своите недвижности (деловни објекти и земјиште), како гаранција за исполнување на обврските по позајмици (види Бел.14). Проценетата вредност на овие недвижности, со состојба на датумот на Консолидираниот извештај за финансиска состојба, изнесува 3,409,800 Евра (види Бел.25).

6 Вложувања во недвижности за изнајмување

	Градежни Објекти
На 31 декември 2010 година	
Набавна вредност	27,726
Исправка на вредност	(6,533)
Нето евидентирана вредност	**21,193**
Промени во текот на 2011 година	
Почетна нето евидентирана вредност	21,193
Пренос од инвестиции во тек	63,108
Депрецијација за годината	(2,261)
Крајна нето евидентирана вредност	**82,040**
На 31 декември 2011 година	
Набавна вредност	90,834
Исправка на вредност	(8,794)
Нето евидентирана вредност	**82,040**
Промени во текот на 2012 година	
Почетна нето евидентирана вредност	82,040
Пренос од инвестиции во тек	466
Интерни трансфери од/во недвижности, постројки и опрема	(59,557)
Депрецијација за годината	(2,276)
Крајна нето евидентирана вредност	**20,673**
На 31 декември 2012 година	
Набавна вредност	28,657
Исправка на вредност	(7,984)
Нето евидентирана вредност	**20,673**

7 Финансиски инструменти по категории

Евидентираните вредности на финансиските средства и обврски на Групата признаени на датумот на известувањето можат исто така да бидат категоризирани на следниов начин:

	Кредити и побарувања	Ср. по обј.вр.преку добивки и загуби	Расположливи за продажба	Вкупно
31 декември 2012				
Средства според консолидираниот извештај за финансиска состојба				
Финансиски средства расположливи за прод.	-	-	9,730	9,730
Купувачи и останати побарувања	-	269,766	-	269,766
Парични средства и еквиваленти	-	5,833	-	5,833
	9,730	**275,599**	**-**	**285,329**

	Обв.по обј.вр.преку добивки и загуби	Останати финансиски обврски	Вкупно
Обврски според консолидираниот извештај за финансиска состојба			
Позајмици	-	158,944	158,944
Добавувачи и останати обврски	-	88,939	88,939
	-	**247,883**	**247,883**

	Кредити и побарувања	Ср. по обј.вр.преку добивки и загуби	Расположливи за продажба	Вкупно
31 декември 2011				
Средства според консолидираниот извештај за финансиска состојба				
Финансиски средства расположливи за прод.	-	-	9,730	9,730
Купувачи и останати побарувања	281,711	-	-	281,711
Парични средства и еквиваленти	4,185	-	-	4,185
	285,896	**-**	**9,730**	**295,626**

	Обв.по обј.вр.преку добивки и загуби	Останати финансиски обврски	Вкупно
Обврски според консолидираниот извештај за финансиска состојба			
Позајмици	-	166,202	166,202
Добавувачи и останати обврски	-	88,174	88,174
	-	**254,376**	**254,376**

8 Вложувања

8.1 Вложувања во придружени друштва

Вложувањата во придружените друштва се состојат од удели во капиталот на некотирани домашни и странски правни субјекти.

	%	Дејност	Земја на основање	2012	2011
Л.А. Хемија дооел, Скопје, РМ	40.36	Трговија	РМ	12,393	11,436
Адинг Градител	49.00	Инженеринг	РМ	-	-
Адинг Схими Парс, Иран	49.00	Трговија	Иран	21,249	21,249
Адинг Хелас АБЕЕ Тесалоники	40.00	П/во и трг. со град.мат.	Грција	1,478	1,478
				35,120	**34,163**

Вложувања(продолжува)
Вложувања во придружени друштва (продолжува)

Промените во сметката на вложувањата во придружените друштва во текот на 2012 и 2011 година е како што следи:

	2012	2011
На 1 јануари	34,163	26,780
Зголемување на вложување	-	6,458
Учество во добивката / (загубата) на придружените друштва	957	925
На 31 декември	**35,120**	**34,163**

Сумаризираните податоци за придружените друштва во разгледуваните периоди се како што следи:

	2012	2011
Средства	53,595	49,315
Обврски	19,072	19,379
Приходи	63,359	84,299
Добивка	2,371	2,057
Добивка која припаѓа на Групата	957	925

8.2 Финансиски средства расположливи за продажба

На 31 декември 2012 година, овие вложувања, во износ од 9,730 илјади Денари (2011: исто), се состојат од вложувања во хартии од вредност - акции кај домашни финансиски институции во износ од 214 илјади денари како и во домашни и странски некотирани друштва во износ од 9,516 илјади денари.

9 Купувачи и останати краткорочни побарувања

	2012	2011
Купувачи		
Во земјата	133,396	141,455
Во странство	120,886	128,814
Побарувања од придружени друштва	7,038	6,067
	261,320	276,336
Намалено за: резервирање поради оштетување	(4,523)	(4,528)
	256,797	**271,808**
Останати побарувања		
Побарувања од вработените	14,107	11,021
Претплати по даноци, акцизи и други давачки кон државата	813	2,526
Позајмици со и без камата на домашни субјекти	20	40
Аванси на добавувачи	-	21
Останати претплати	463	721
	15,403	14,329
Намалено за: резервирање поради оштетување	(1,158)	(1,158)
	14,245	**13,171**
	271,042	**284,979**

Анализата на старосната структура на побарувањата од купувачите со состојба на 31 декември 2012 година е како што следи:

	Домашни	Странски	Вкупно
До 30 дена	18,615	10,724	29,339
Од 1 - 3 месеци	13,247	11,705	24,952
Од 3 - 6 месеци	12,463	19,488	31,951
Од 6 - 12 месеци	8,587	12,652	21,239
Над 1 година	81,554	72,285	153,839
	134,466	**126,854**	**261,320**
Намалено за резервирање поради оштетување	(4,463)	(60)	(4,523)
	130,003	**126,794**	**256,797**

Купувачи и останатикраткорочни побарувања (продолжува)

Анализата на старосната структура на побарувањата од купувачите со состојба на 31 декември 2011 година е како што следи:

	Домашни	Странски	Вкупно
До 30 дена	17,657	18,939	36,596
Од 1 - 3 месеци	28,182	32,353	60,535
Од 3 - 6 месеци	20,920	16,696	37,616
Од 6 - 12 месеци	21,260	19,958	41,218
Над 1 година	55,950	44,421	100,371
	143,969	**132,367**	**276,336**
Намалено за резервирање поради оштетување	(4,463)	(65)	(4,528)
	139,506	**132,302**	**271,808**

Салдото на побарувањата од купувачите на 31 декември 2012 може да се анализира според следниве категории на кредитен ризик:

	Недоспеани неоштетени	Доспеани неоштетени	Оштетени	Вкупно
Набавна вредност	29,339	227,458	4,523	261,320
Исправка на вредност			(4,523)	(4,523)
Нето евидентирана вредност	**29,339**	**227,458**	**-**	**256,797**

Салдото на побарувањата од купувачите на 31 декември 2011 може да се анализира според следниве категории на кредитен ризик:

	Недоспеани неоштетени	Доспеани неоштетени	Оштетени	Вкупно
Набавна вредност	36,596	235,212	4,528	276,336
Исправка на вредност	-	-	(4,528)	(4,528)
Нето евидентирана вредност	**36,596**	**235,212**	**-**	**271,808**

Промените во сметката на резервирање поради оштетување за разгледуваниот период е како што следи:

	2012	2011
На 1 јануари	4,528	4,654
Резервирање поради оштетување	-	-
Курсни разлики од преведување	(5)	-
Отпис на целосно резервирани побарувања	-	(126)
На 31 декември	**4,523**	**4,528**

Во текот на 2012 година Групата изврши непосреден отпис на побарувањата поради нивната целосна ненаплатливост, на товар на добивката за тековната година, во износ од 2,829 илјади денари (2011: 4,195 илјади Денари) (види Бел.20).

10 Залихи

	2012	2011
Суровини и други материјали	24,822	22,737
Готови производи	9,265	7,301
Трговски стоки	12,862	13,559
	46,949	**43,597**

11 Парични средства и еквиваленти

	2012	2011
Денарски и девизни сметки кај домашни банки	5,803	4,065
Готовина во благајна	30	120
	5,833	**4,185**

12 Нетековни средства наменети за продажба

Промените на сметката на нетековни средства наменети за продажба за разгледуваните периоди е како што следи:

	2012	2011
На 1 јануари	2,520	1,744
Набавки	17	776
На 31 декември	**2,537**	**2,520**

Овие средства се стекнати по пат на компензација (размена) на побарувањата кои произлегуваат од редовните деловни активности на Матичното друштво со своите деловни коминтенти.

13 Капитал

Акционерска главнина

Со состојба на 31 декември 2012 и 2011 година и согласно Судската регистрација број П.Трег.2430/05 од 12 декември 2005 година, акционерската главнина на Матичното друштво изнесува 3,857,636 Евра, чија денарска противвредност, на датумот на регистрацијата изнесува 212,898 илјади Денари. Истата е поделена на 386,400 обични акции. Номиналната вредност по акција изнесува 9.983 Евра (2011: исто). Вкупниот број на емитирани акции се во целост платени.

Прегледот на движењето на издадените акции во текот на 2012 и 2011 година е како што следи:

	Број на акции	Обични 000 мкд	Премии 000 мкд	Вкупно 000 мкд
На 1 јануари 2011	383,058	211,057	(2,063)	208,994
На 31 декември 2011	**383,058**	**211,057**	**(2,063)**	**208,994**
На 1 јануари 2012	383,058	211,057	(2,063)	208,994
На 31 декември 2012	**383,058**	**211,057**	**(2,063)**	**208,994**
Вкупно откупени сопствени акции	**3,342**	**(1,841)**	**(2,063)**	**(3,904)**

На 31 декември 2012 година Матичното друштво поседува 3,342 откупени сопствени акции во износ од 1,841 илјади Денари (2011: исто).

Резерви

Резервите, кои со состојба на ден 31 декември 2012 година изнесуваат 50,875 илјади Денари (2011: 46,469 илјади Денари), се создадени иницијално врз основа на домашната законска регулатива и последователно зголемувани во текот на годините по пат на распределба на нето добивката по оданочување.

Дивиденди и надоместоци

Во текот на 2012 година и до датумот на овие финансиски извештаи, Групата не распредели од својата акумулирана добивка за дивиденди на акционерите (2011: Групата распредели дел од својата акумулирана добивка за дивиденди на акционерите во вкупен износ од 731 илјади Денари).

Во текот на 2012 година, Друштвото исплати дивиденди и надоместоци во износ од 643 илјади Денари (2011: 5,384 илјади Денари).

14 Позајмици

	2012	2011
Долгорочни позајмици со камата		
Комерцијална банка ад, Скопје:		
ЕУР 196,034; рок на враќање 1 август 2013; кам.стапка од 9% годишно;	498	1,246
ЕУР 287,750; Рок на враќање 11 декември 2015; кам.стапка од 9% годишно;	5,384	7,179
ЦХФ 540,000; Рок на враќање 3 октомври 2014; кам.стапка од 8% годишно;	6,484	9,960
ЦХФ 250,000; Рок на враќање 21 декември 2014; кам.стапка од 8% годишно;	3,595	5,288
ЕУР 294,246; Рок на враќање 31 декември 2011; кам.стапка од 8% годишно;	-	504
ЦХФ 405,000; Рок на враќање 30 јуни 2016; кам.стапка од 8% годишно;	7,715	9,858
ЦХФ 317,500; Рок на враќање 5 јуни 2016; кам.стапка од 8% годишно;	8,841	11,238
ЦХФ 237,000; Рок на враќање 22 јануари 2015; кам.стапка од 8% годишно;	3,631	5,274
ЕУР 1,000,000; Рок на враќање 18 декември 2014; кам.стапка од 6% првата година, потоа 3 месечен ЕУРИБОР + 5%;	30,750	46,129
МКД 12,000,000; Рок на враќање 31 декември 2013; променлива кам.стапка од 8,5% годишно	8,898	12,000
МКД 10,000,000; Рок на враќање 30 септември 2013; променлива кам.стапка од 8,5% годишно	6,022	9,333
МКД 3,000,000; Рок на враќање 31 јануари 2014; променлива кам.стапка од 8,5% годишно	1,729	2,636
МКД 6,000,000; Рок на враќање 31 март 2014; променлива кам.стапка од 8,5% годишно	5,030	6,000
МКД 9,500,000; Рок на враќање 07 февруари 2015; кам.стапка од 8,5% годишно	8,928	-
МКД 6,000,000; Рок на враќање 05 јули 2015; кам.стапка од 8,5% годишно	6,000	-
МКД 12,000,000; Рок на враќање 26 април 2017; кам.стапка од 8,5% годишно	12,000	-
МКД 4,000,000; Рок на враќање 28 декември 2017; кам.стапка од 8,5% годишно	4,000	-
ТТК банка ад, Скопје		
МКД 18,000,000; Рок на враќање 25 март 2018; кам.стапка од 8% годишно	18,000	-
ПроКредит банка: ЕУР 70,000; Рок на враќање 2 јули 2013; кам.стапка од 9,5% годишно	938	2,427
ЛЕВ 150,000; Рок на враќање 5 август 2018; кам.стапка од 9.45% годишно;	5,440	5,943
Вкупно долгорочни позајмици	**143,883**	**135,015**
Намалено за тековна доспеаност	(66,922)	(52,900)
Долгорочен дел на долгорочните позајмици	**76,961**	**82,115**

Позајмици со камата		
Комерцијална Банка ад, Скопје:		
МКД 54,724,000; каматни стапки 7.5-10.5% годишно;	-	2,267
МКД 844,313; каматна стапка 9.5% годишно	545	989
МКД 500,000; каматна стапка 9% годишно	211	319
ПроКредит банка		
МКД 3,720,000; 8% год.; рок на враќање 29 мај 2012	-	3,500
	5,200	-
ТТК Банка ад, Скопје:		
МКД 5,000,000; 8% годишно	-	5,000
МКД 3,000,000; 8% годишно	-	3,000
МКД 8,000,000; 8% годишно	-	8,000
МКД 2,000,000; 8% годишно	-	2,000
Останати позајмици со камата од финансиски институции	1,640	1,459
Позајмици од домашни друштва со камата	1,900	2,267
Позајмици од домашни друштва без камата	5,565	2,386
Вкупно краткорочни позајмици	**15,061**	**31,187**
Тековна доспеаност на долгорочните кредити	66,922	52,900
Краткорочни позајмици и тековна доспеаност	**81,983**	**84,087**

Позајмици (продолжува)

Планот за отплата на долгорочните позајмици е како што следи:

	2012	2011
Во рок од 12 месеци	66,922	52,900
Една до две години	42,997	41,962
По две години	33,964	40,153
	143,883	**135,015**

Во продолжение дадена е анализа на позајмиците со камата и без камата:

	2012	2011
Променлива каматна стапка	30,750	46,129
Фиксна каматна стапка	122,629	117,687
Бескаматни позајмици	5,565	2,386
На 31 декември	**158,944**	**166,202**

Позајмиците со камата од финансиските институции се обезбедени преку хипотеки на дел од недвижностите на Групата (види исто Бел.5 и Бел.25).

15 Добавувачи и останати краткорочни обврски

	2012	2011
Добавувачи		
Во земјата	51,881	41,198
Во странство	23,474	29,854
Придружени друштва	352	3,124
	75,707	**74,176**
Останати обврски		
Обврски по дивиденди	7,632	9,119
Обврски за неисплатени бруто плати	5,476	4,879
Обврски по даноци и придонеси	512	1,489
Пресметани трошоци	518	516
Останати обврски	124	-
	14,262	**16,003**
	89,969	**90,179**

16 Приходи од продажба

	2012	2011
Готови производи	227,970	271,878
Инженеринг	34,888	41,815
Трговски стоки	26,898	54,308
Услуги и останати приходи од продажба	39,578	28,245
	329,334	**396,246**
Од кои:		
Приходи од продажба на домашен пазар	135,316	224,345
Приходи од продажба на странски пазари	192,059	165,422
Приходи од продажба на придружени друштва	1,959	6,479
	329,334	**396,246**

17 Останати деловни приходи

	2012	2011
Приходи од дивиденди	4,436	7,376
Приходи од наемнини	4,323	5,423
Приходи од награди, пенали	729	1,715
Приходи од продажба на материјални средства	620	1,185
Отпис на обврски и вишоци по попис	155	719
Наплата на целосно резервирани побарувања	8	8
Останати приходи	1,600	2,318
	11,871	**18,744**

18 Материјали, услуги и набавна вредност на продадени стоки

	2012	2011
Материјали	143,605	168,650
Услуги од надворешни субјекти	32,387	44,488
Набавна вредност на продадени стоки	36,466	39,470
	212,458	**252,608**

19 Трошоци за користи за вработените

	2012	2011
Нето плати и надоместоци на плати	42,180	43,439
Персонален данок и придонеси од плати	17,217	17,661
Други лични примања на вработените	6,865	12,058
Дневници за службени патувања	7,518	6,497
	73,780	**79,655**

20 Останати деловни трошоци

	2012	2011
Правни, консултантски и др.интелектуални услуги	11,224	16,350
Промоција, пропаганда и реклама	8,146	8,327
Отпис и резервирање поради оштетување на побарувања	2,829	4,195
Премии за осигурување	2,958	3,338
Банкарски услуги и членарини	1,849	1,882
Даноци и придонеси независни од резултатот	1,036	973
Неотпишана вредност на отуѓени и расход. материјални средства	999	357
Кусоци	135	82
Награди на членовите на УО	128	78
Останати трошоци	1,484	2,988
	30,788	**38,570**

21 Финансиски приходи и расходи

	2012	2011
Приходи		
Камати	141	126
Позитивни курсни разлики	931	7,053
	1,072	7,179
Расходи		
Камати	(12,725)	(12,998)
Негативни курсни разлики	(3,040)	(8,813)
Одобрени попусти	(1,576)	(1,878)
	(17,341)	((23,689)
Нето финансиски (расходи)	**(16,269)**	**(16,510)**

22 Даночен расход

	2012	2011
Тековен данок	824	1,058
Одложен данок	-	-
	824	**1,058**

Усогласувањето на данокот од добивка со добивката според консолидираниот извештај за сеопфатна добивка е како што следи:

	2012	**2011**
- Непризнати расходи	8,010	10,580
Тековен даночен трошок по стапка од 10%	801	1,058
Данок од странски подружници	23	-
Даночен расход	**824**	**1,058**

23 Заработувачка по акција

Основна

Основна заработувачка по акција се пресметува по пат на делење на добивката која припаѓа на имателите на обични акции (по намалувањето за делот од добивката по одаточување за имателите на приоритетни акции), со пондерираниот просечен број на обични акции во оптек во текот на годината.

	2012	2011
Заработувачка која припаѓа на имателите на обични акции на Групата	(1,403)	10,608
Пондериран просечен број на обични акции во оптек	383,058	383,058
Основна заработувачка по акција (денари по акција)	**(3.66)**	**27.69**

24 Трансакции со поврзани субјекти

За потребите на овие консолидирани финансиски извештаи, поврзани субјекти, со кои Групата има трансакции во нормалниот тек од деловното работење, се придружените друштва Л.А. Хемија доо, Скопје, Градител - Адинг доо, Скопје и Адинг Схими Парс, Иран.

Салдата и обемот на трансакциите на Групата со погоре наведените субјекти со состојба на и за годината што завршуваат на 31 декември 2012 и 2011, се:

	2012	2011
Побарувања	7,038	6,067
Обврски	352	3,124
Приходи	1,959	6,479
Расходи	1,603	8,514

25 Неизвесни обврски

Хипотеки и гаранции

Прегледот на дадените хипотеки со состојба на 31 декември 2012 година е како што следи:

Опис на недвижноста	Еур	000 мкд
Деловен центар на улица Кузман Шапкарев бр.5	850,000	52,275
Производна комплекс и земјиште во Ѓорче Петров	1,700,000	104,550
Административен простор на улица Иво Лола Рибар бр.58	450,000	27,675
Производен погон во Бугарија	225,300	13,856
Постројки и опрема во сопственост на Друштвото	184,500	11,347
	3,409,800	**209,703**

Гаранции

Со состојба на 31 декември 2012 година Групата има обврски за издадени краткорочни гаранции во износ од 2,045 илјади Денари (2011: 2,488 илјади Денари), издадени од страна на Комерцијална Банка АД Скопје. Корисник на гаранцијата е еден коминтент на Групата.

Судски спорови

Со состојба на 31 декември 2012 година, проценетата денарска противвредност на судските постапки покренати против Групата изнесува вкупно 2,045 илјади Денари (2011: 2,488 илјади Денари). Не се антиципирани материјално значајни обврски кои би произлегле од овие судски постапки бидејќи професионалните правни совети покажуваат дека нема веројатност за појава на значителни загуби.

Неизвесни обврски (продолжува)

Даночни обврски

Даночните книги и евиденцијата на Групата за 2012 година не се ревидирани од страна на даночните власти, поради што евидентираните даночни обврски во овие консолидирани финансиски извештаи не може да се сметаат за конечни. Дополнителните даноци и евентуалните санкции кои би можеле да произлезат доколку биде извршена таква даночна инспекција не може да се утврдат со разумна сигурност.

26 Финансиски обврски

Согласно член 21 од Договорот за под – кредит за финансирање од кредитната линија на Европска Инвестициона Банка (ЕИБ) (склучен меѓу ЕИБ и Македонска Банка за Поддршка на Развојот (МБПР) на ден 25 јуни 2009 година на вкупен износ од 100,000,000 Евра за кредитирање на мали и средни претпријатија и приоритетни проекти), склучен на 16 неомври 2009 година, заем бр. 12-520-41275 помеѓу Комерцијална Банка АД Скопје и Адинг АД Скопје, Матичното друштво е обврзано за времетраење на под-кредитот, да одржува адекватни финансиски коефициенти, како што следи:

а. Коефициент на долг (вкупен долг во однос на капитал) - максимум од 7:3 (односно 2.334), при што под долг се подразбира збир на сите краткорочни и долгорочни обврски без обврски кон добавувачи,

б. Степен на сервисирање на долгот – како показател за покритие на долгот (нето приход плус амортизација во однос на камата и доспеана главница по кредити) не понизок од 1, и

в. Проектот во периодот на користење и отплата на под кредитот треба да покажува минимална интерна стапка на рентабилност од 15% и позитивен готовински тек.

Следната табела ги прикажува остварените коефициенти согласно одредбите од претходно споменатиот договор.

Коефициент	2012	2011
а. Коефициент на долг (вкупен долг во однос на капитал)	0.46	0.49
б. Степен на сервисирање на долгот	0.35	0.68

27 Настани по датумот на известување

По 31 декември 2012 година - датумот на известувањето, до денот на одобрувањето на овие консолидирани финансиски извештаи, нема настани кои би предизвикале корекција на консолидираните финансиски извештаи, ниту пак настани кои се материјално значајни за објавување во овие консолидирани финансиски извештаи.

28 Одобрување на финансиските извештаи

Консолодираните финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2012 година (вклучувајќи ги и компаративните информации) се одобрени од Раководството на Матичното Друштво на ден 28 февруари 2013 година и се потпишани во негово име од:

Г-дин Благоја Дончев	Г-ѓа Јелена Гаџа	Г-дин Александар Кралевски
Управител	Финансов Директор	Раководител на Сметководство

Grant Thornton

www.grant-thornton.com.mk

Консолидирани Финансиски Извештаи и Извештај на Независните Ревизори

Адинг АД, Скопје и подружници

31 декември 2011

Содржина

	Страна
Извештај на независните ревизори	1
Консолидиран извештај за финансиската состојба	3
Консолидиран извештај за сеопфатната добивка	4
Консолидиран извештај за промените во капиталот	5
Консолидиран извештај за паричните текови	6
Белешки кон консолидираните финансиски извештаи	7

Извештај на независните ревизори

Grant Thornton DOO
M.H.Jasmin 52 v - 1/7
1000 Skopje
Macedonia

T +389 (2) 3214 700
F +389 (2) 3214 710
www.grant-thornton.com.mk

До Раководството и Акционерите на
Матичното друштво - Адинг АД, Скопје

Извршивме ревизија на придружните консолидирани финансиски извештаи на Друштвото Адинг АД, Скопје (Матичното друштво) и неговите подружници (во понатамошниот текст заедно како "Групата"), составени од Консолидиран извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2011 година, и Консолидиран извештај за сеопфатната добивка, Консолидиран извештај за промените во капиталот, и Консолидиран извештај за паричните текови за годината што тогаш завршува, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки, вклучени на страните 3 до 40.

Одговорност на Раководството за консолидираните финансиски извештаи
Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие консолидирани финансиски извештаи согласно Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на консолидирани финансиски извештаи кои не содржат материјално значајни грешки како резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот
Наша одговорност е да изразиме мислење за овие консолидирани финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување дека консолидираните финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки. Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во консолидираните финансиски извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот, и истите вклучуваат проценка на ризиците од постоење на материјално значајни грешки во консолидираните финансиски извештаи, било поради измама или грешка.

При овие проценки на ризиците ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на консолидираните финансиски извештаи на Групата со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Групата. Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупната презентација на консолидираните финансиски извештаи.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази претставуваат задоволителна и соодветна основа за нашето ревизорско мислење.

Мислење

Наше мислење е дека консолидираните финансиски извештаи на Групата ја претставуваат објективно нејзината финансиска состојба на ден 31 декември 2011 година, како и резултатот од нејзиното работење и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување.

Нагласок врз одредени прашања

Без да го квалификуваме нашето мислење, обрнуваме внимание на следниве прашања:

Како што е објавено во Белешка 8.1 кон придружните консолидирани финансиски извештаи, со состојба на 31 декември 2011 година, Друштвото има евидентирано Вложувања во придружени друштва во износ од 34,163 илјади Денари, од кои 21,249 илјади денари се однесува на основачко вложување во странски правен субјект Адинг Схими Парс Иран и 1,478 илјади Денари се однесува на основачко вложување во странски правен субјект Адинг Хелас АБЕЕ Тесалоники. До датумот на издавањето на овие финансиски извештаи, износот на овие вложувања според сметководствената евиденција на Друштвото не е усогласено со регистарот на директни инвестиции кои се води при Централниот Регистар на Република Македонија.

Скопје,
30 април 2012 година

Грант Торнтон ДОО

Друштво за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје

Директор
Ружа Филипчева

Овластен ревизор
Марјан Андонов

Консолидиран извештај за финансиската состојба

	Бел.	31 декември 2011 000 МКД	31 декември 2010 000 МКД
СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Недвижности, постројки и опрема	5	151,329	218,651
Вложувања во недвижности за изнајмување	6	82,040	21,193
Вложувања			
- Вложувања во придружени друштва	8.1	34,163	26,780
- Финансиски средства расположливи за продажба	8.2	9,730	9,730
		277,262	**276,354**
Тековни средства			
Залихи	10	43,597	58,612
Купувачи и останати краткорочни побарувања	9	284,979	283,300
Парични средства и еквиваленти	11	4,185	6,967
		332,761	**348,879**
Нетековни средства наменети за продажба	12	2,520	1,744
Вкупно средства		**612,543**	**626,977**
КАПИТАЛ И ОБВРСКИ			
Капитал	13		
Акционерска главнина		211,057	211,057
Премии на емитирани акции		(2,063)	(2,063)
Резерви		46,469	47,051
Нераспределена добивка		88,953	76,993
		344,416	**333,038**
Неконтролно учество		11,746	10,778
Вкупно капитал		**356,162**	**343,816**
Обврски			
Нетековни обврски			
Позајмици	14	82,115	100,530
		82,115	**100,530**
Тековни обврски			
Позајмици	14	84,087	67,259
Добавувачи и останати краткорочни обврски	15	90,179	115,372
		174,266	**182,631**
Вкупно обврски		**256,381**	**283,161**
Вкупно капитал и обврски		**612,543**	**626,977**

Овие консолидирани финансиски извештаи се одобрени од Раководството на Матичното друштво на ден 31 март 2012 година и се потпишани во негово име од:

Г-дин Благоја Дончев,
Претседател на Управниот Одбор

Консолидиран извештај за сеопфатната добивка

	Бел.	Година што завршува на 31 декември 2011 000 МКД	2010 000 МКД
Приходи од продажба	16	396,246	353,551
Останати деловни приходи	17	18,744	10,526
Промена на залихите на готови производи и недоврш.п/во		1,542	68,653
Материјали, услуги и набавна вредност на продадени стоки	18	(252,608)	(268,142)
Трошоци за вработените	19	(79,655)	(87,941)
Амортизација	5, 6	(17,480)	(16,151)
Останати деловни трошоци	20	(38,570)	(27,651)
Добивка од деловни активности		**28,219**	**32,845**
Финансиски приходи	21	7,179	4,818
Финансиски (расходи)	21	(23,689)	(31,632)
Нето финансиски (расходи)		(16,510)	(26,814)
Учество во добивката/(загубата) на придружените друштва	8.1	925	(581)
Добивка пред оданочување		**12,634**	**5,450**
Даночен расход	22	(1,058)	(702)
Добивка за годината		**11,576**	**4,748**
Останата сеопфатна добивка за годината		**1,501**	**(684)**
Вкупна сеопфатна добивка за годината		**13,077**	**4,064**
Добивка што им припаѓа на сопствениците на Матичното Друштво		10,608	4,147
Неконтролно учество		968	601
		11,576	**4,748**
Заработувачка по акција за акционерите на Групата - Основна (МКД по акција)	22	27.69	10.83

Консолидиран извештај за промените во капиталот

	Расположливо на сопствениците на Матичното Друштво						
	Акцион. Главнина 000 МКД	Премии 000 МКД	Резерви 000 МКД	Акумул. Добивка 000 МКД	Вкупно 000 МКД	Неконтр. учество 000 МКД	Вкупно 000 МКД
1 јануари 2011 година	**211,057**	**(2,063)**	**47,051**	**76,993**	**333,038**	**10,778**	**343,816**
Објавена дивиденда	-	-	-	(731)	(731)	-	(731)
Распоред на добивката	-	-	(582)	582	-	-	-
Трансакции со сопствениците	**-**	**-**	**(582)**	**(149)**	**(731)**	**-**	**(731)**
Добивка за годината	-	-	-	10,608	10,608	968	11,576
Останата сеопфатна добивка:							
Добивки / (загуби) од преведување на странски валути	-	-	-	1,501	1,501	-	1,501
Вкупна сеопфатна добивка	**-**	**-**	**-**	**12,109**	**12,109**	**968**	**13,077**
31 декември 2011 година	**211,057**	**(2,063)**	**46,469**	**88,953**	**344,416**	**11,746**	**356,162**

1 јануари 2010 година	**211,057**	**(2,063)**	**44,997**	**75,584**	**329,575**	**10,177**	**339,752**
Распоред на добивката	-	-	2,054	(2,054)	-	-	-
Трансакции со сопствениците	**-**	**-**	**2,054**	**(2,054)**	**-**	**-**	**-**
Добивка за годината	-	-	-	4,147	4,147	601	4,748
Останата сеопфатна добивка:							
Добивки / (загуби) од преведување на странски валути	-	-	-	(684)	(684)	-	(684)
Вкупна сеопфатна добивка	**-**	**-**	**-**	**3,463**	**3,463**	**601**	**4,064**
31 декември 2010 година	**211,057**	**(2,063)**	**47,051**	**76,993**	**333,038**	**10,778**	**343,816**

Консолидиран извештај за паричните текови

	Бел.	Година што завршува на 31 Декември 2011 000 МКД	2010 000 МКД
Оперативни активности			
Добивка пред оданочување		12,634	5,450
Корегирано за:			
Амортизација		17,480	16,151
Нето приходи / (расходи) од камати		12,872	16,373
Учество во (добивката) / загубата на придружените друштва		(925)	581
Отпис и резервирање поради оштетување на побарувања		4,195	1,123
Приходи од дивиденди		(7,376)	-
Преведување на странски валути		1,541	-
Приходи од продажба на материјални средстав		(1,185)	(7)
Неотпишана вредност на продад. и расх. материјални средства		357	15
		39,593	39,686
Промени во оперативните средства и обврски			
Купувачи и останати побарувања		(6,650)	(61,285)
Залихи		15,015	10,255
Добавувачи и останати обврски		(21,534)	7,679
		26,424	(3,665)
Платени камати		(12,998)	(16,461)
Платен данок од добивка		(64)	(171)
		13,362	**(20,297)**
Инвестициони активности			
Набавка на материјални средства		(11,402)	(13,489)
Прилив од продадени основни средства		1,185	104
Вложување во придружени друштва		(6,458)	(7,152)
Прилив од дивиденди		7,376	-
Прилив по камати		126	88
		(9,173)	**(20,449)**
Финансиски активности			
(Одливи) / Прилив по кредити, нето		(1,587)	19,245
Исплата на дивиденди		(5,384)	-
		(6,971)	**19,245**
Нето промена на паричните средства		**(2,782)**	**(21,501)**
Парични средства и еквиваленти на почетокот	10	6,967	28,468
Парични средства и еквиваленти на крајот	10	**4,185**	**6,967**

Белешки кон консолидираните финансиски извештаи

1 Општи податоци

Адинг ад, Скопје (Матичното Друштво) и неговите подружници (понатаму заедно како Групата) се занимава со производство и пласман на широка палета адитиви и други хемиски материјали, претежно за потребите на градежната индустрија, како и со проектирање, инженеринг и трговија. Групата ги извршува деловните активности на територијата на Република Македонија како и на надворешните пазари, главно во нејзиното соседство (Република Бугарија - земја членка на Европската Унија и Република Србија).

Матичното Друштво - Адинг ад, Скопје е акционерско друштво основано во Република Македонија. Друштвото е регистрирано, согласно одредбите на Законот за Трговските Друштва, кај Основниот Суд Скопје и во Скопје, под Трег.бр. 783/97 од 28.03.1997 година. Седиштето на Друштвото е лоцирано на следната адреса: Скопје, Новоселски Пат бб.

Консолидираните финансиски извештаи на Групата ги вклучуваат финансиските извештаи на Матичното друштво и неговите подружници кои се под негова контрола. Контролата на Матичното Друштво врз неговите подружници се остварува преку способноста Матичното Друштво да управува со финансиските и деловните политики на подружниците, како и да ги користи придобивките од нивните активности.

Следната табела ги прикажува консолидираните подружници и учеството на Матичното друштво во нивниот капитал со состојба на датумот на консолидираниот извештај за финансиска состојба:

				(000 мкд)
			2011	2010
	%	Дејност		
БЦА,дооел,Скопје, РМ	100.00	П/во, инженеринг и тргов.	9,345	9,345
Инвест А дооел, Скопје, РМ	100.00	Проектирање и инжен.	192	192
Адинг Бугарија, ЕООД, Р. Бугарија	100.00	Трговија	18,423	18,423
Адинг доо, Белград, Р.Србија	100.00	Трговија	614	614
Биро Проект доо, Скопје, РМ	55.00	Проектирање	8,648	8,648
			37,222	**37,222**

2 Сметководствени политики

2.1 Основи за подготовка

Овие консолидирани финансиски извештаи се подготвени во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување (МСФИ). Консолидираните финансиски извештаи се подготвени со примена на основите за мерење, специфицирани во МСФИ за секој поединечен вид на средство, обврска, приход и расход. Основите за нивно мерење детално се објаснети во продолжение на оваа белешка.

Подготовката на овие консолидирани финансиски извештаи во согласност со МСФИ бара употреба на одредени критични сметководствени проценки. Таа исто така бара од Раководството на Групата примена на проценки во процесот на имплементација на сметководствените политики. Подрачјата што вклучуваат повисок степен на проценка или комплексност, или подрачјата во кои претпоставките и проценките се значајни за консолидираните финансиски извештаи, се обелоденети во Белешка 4: Значајни сметководствени проценки.

Овие консолидирани финансиски извештаи се подготвени со состојба на и за годините што завршуваат на 31 декември 2011 и 2010. Тековните и споредбените податоци прикажани во овие консолидирани финансиски извештаи се изразени во илјади Денари. Онаму каде што е неопходно направени се одредени рекласификации во споредбените податоци, заради усогласување со начинот на презентација на податоците за тековната година. Направените рекласификации се подетално опишани во Белешка 2.24.

2.2 Промени во сметководствените политики и обелоденувања

(а) Усвојување на подобрувањата на МСФИ во 2010 година

Со подобрувањата на МСФИ во 2010 година направени се неколку мали измени на одреден број на МСФИ. Единствената измена релевантна за Групата се однесува на МСС 1 Презентирање на финансиски извештаи. Групата претходно го презентираше усогласувањето на секоја компонента од останата сеопфатна добивка во извештајот за промените во капиталот. Групата сега ги презентира овие усогласувања во белешките кон консолидираните финансиски извештаи, како што е дозволено со измената. Ова ја намалува можноста од повторување на обелоденувањата и појасно ги презентира целокупните промени во капиталот. Споредбените податоци од предходните периоди се прикажани соодветно.

(б) Стандарди, измени и толкувања на постојните стандарди кои сеуште не се во сила и не се применети пред датумот на стапување во сила од страна на Групата

На датумот на одобрување на овие консолидирани финансиски извештаи, одредени нови стандарди, измени и толкувања на постојните стандарди се издадени од страна на ОМСС, но сеуште не се во сила и не се применети пред датумот на стапување во сила од страна на Групата.

Раководството предвидува дека сите релевантни објави ќе бидат применети во сметководствените политики на Групата во првиот период кој почнува по датумот на стапување во сила на објавата. Информациите за новите стандарди, измени и толкувања релевантни за финансиските извештаи на Групата подетално се презентирани подолу. Одредени нови стандарди и толкувања исто така се издадени, но не се очекува да имаат материјално влијание врз консолидираните финансиски извештаи на Групата.

Промени на сметководствените политики и обелоденувања (продолжува)
Стандарди, измени и толкувања на постојните стандарди кои сеуште не се во сила и не се применети пред датумот на стапување во сила од страна на Групата (продолжува)

МСФИ 9 Финансиски инструменти (МСФИ 9)

ОМСС има за цел целосно да го замени МСС 39 Финансиски инструменти: Признавање и мерење. МСФИ 9 се објавува во фази. До денес, поглавјата кои се однесуваат на признавање, класифицирање, мерење и депризнавање на финансиските средства и обврски се издадени. Овие поглавја стапуваат во сила за годишните периоди кои почнуваат на или по 1 јануари 2013 година. Останатите поглавја кои се однесуваат на оштетување и сметководство за хеџинг сеуште се во процес на развој. Раководството на Групата сеуште го нема проценето влијанието на овој нов стандард врз консолидираните финансиски извештаи на Групата. Сепак, Раководството не очекува имплементација на МСФИ 9 се додека сите негови поглавја не бидат издадени, кога ќе може целосно да се процени влијанието на сите настанати измени.

Стандарди за консолидација

Пакетот на стандарди за консолидација стапува на сила за годишни периоди кои почнуваат на или по 1 јануари 2013 година. Информациите за овие нови стандарди подетално се презентирани подолу. Раководството на Групата сеуште го нема проценето влијанието на овие нови и ревидирани стандарди врз консолидираните финансиски извештаи на Групата.

МСФИ 10 Консолидирани финансиски извештаи (МСФИ 10)
МСФИ 10 го заменува МСС 27 Консолидирани и поединечни финансиски извештаи (МСС 27) и ПКТ 12 Консолидација - Ентитети со посебна намена. Овој стандард ја ревидира дефиницијата за контрола како и придружното упатство за идентификување на учество во подружница. Сепак, барањата и механизмите на консолидација и сметководство за неконтролирани учества и измени во контролата остануваат непроменети.

МСФИ 11 Заеднички Ангажмани (МСФИ 11)
МСФИ 11 го заменува МСС 31 Учества во заеднички вложувања (МСС 31). Со овој стандард се усогласува сметководството од страна на вложувачите со нивните права и обврски согласно заедничкиот ангажман. Покрај тоа, можноста во МСС 31 за примена на пропорционална консолидација на заеднички вложувања е елиминирана. МСФИ 11 бара примена на методот на главнина, кој моментално се користи за вложувања во придружени ентитети.

МСФИ 12 Обелоденување на Учество во останати ентитети (МСФИ 12)
МСФИ 12 ги интегрира и усогласува барањата за обелоденување за различни типови на вложувања, вклучувајќи ги и неконсолидираните структурирани ентитети. Воведува нови барањата за обелоденување за ризици на кои ентитетот е изложен како резултат на неговата поврзаност со структурирани ентитети.

Последователни измени на МСС 27 и МСС 28 Вложувања во придружени ентитети и заеднички вложувања (МСС 28)
МСС 27 сега исклучително се однесува на поединечни финансиски извештаи. МСС 28 ги воведува вложувањата во заеднички вложувања во својот делокруг. Сепак, методот на главнина останува непроменет.

МСФИ 13 Мерење на објективна вредност (МСФИ 13)

МСФИ 13 нема влијание на тоа кои ставки е потребно да бидат мерени по објективна вредност, но ја појаснува дефиницијата за објективната вредност и дава упатство и подобрени обелоденувања за мерење по објективна вредност. Ова е применливо за годишни периоди кои почнуваат на или по 1 јануари 2013 година. Раководството на Групата сеуште не го проценило влијанието на овој нов стандард.

Промени на сметководствените политики и обелоденувања (продолжува)
Стандарди, измени и толкувања на постојните стандарди кои сеуште не се во сила и не се применети пред датумот на стапување во сила од страна на Групата (продолжува)

Измени на МСС 1 Презентирање на финансиски извештаи (Измени на МСС 1)
Измените на МСС 1 бараат ентитетот да ги групира ставките презентирани во останата сеопфатна добивка во оние кои, во согласност со останатите МСФИ: (а) нема да бидат рекласифицирани последователно во добивки или загуби и
(б) ќе бидат рекласифицирани последователно во добивки или загуби кога одредени услови се исполнети. Ова е применливо за годишни периоди кои почнуваат на или по 1 јули 2012 година. Раководството на Групата очекува да настанат измени во сегашното презентирање на ставки во останата сеопфатна добивка, но сепак, тоа нема да влијание на мерењето или признавањето на таквите ставки.

Измени на МСС 19 Користи за вработените (Измени на МСС 19)
Измените на МСС 19 вклучуваат одреден број на целни подобрувања во Стандардот. Воглавно промените се однесуваат на планови за дефинирани користи. Тие:

- го отстрануваат "методот коридор" и бараат ентитетите да ги признаат сите добивки и загуби кои настануваат во период на известување
- го рационализираат презентирањето на промените во планот на средства и обврски
- ги зајакнуваат барањата за обелоденување, вклучувајќи ги и информациите за карактеристиките на плановите за дефинирани користи и ризици на кои ентитетите се изложени преку учество во истите.

Измените на МСС 19 стапуваат во сила за финансиските години кои почнуваат на или по 1 јануари 2013 година. Раководството на Групата сеуште не го проценило влијанието на ревидираниот стандард за консолидираните финансиски извештаи на Групата.

2.3 Консолидација

Подружници

Подружници се сите субјекти врз кои Групата има моќ да управува со финансиските и деловните политики, придружено генерално со акционерско учество поголемо од една половина од правото на глас. Финансиските извештаи на подружниците се вклучени во консолидираните финансиски извештаи од датумот на пренесување на контролата до датумот на престанокот на истата. Стекнувањето на подружниците е евидентирано според методот на набавна вредност, при што трошокот за стекнувањето претставува објективна вредност на дадените средства, издадените акции или превземените обврски на датумот на стекнувањето, вклучително и непосредните расходи направени за целите на стекнувањето. Вишокот на трошокот на стекнувањето над неговата објективна вредност претставува гудвил.

Интеркомпаниските трансакции, салда и нереализирани добивки од трансакциите помеѓу деловните субјекти се елиминирани. Нереализираите загуби се елиминирани исто така, освен во случај кога трошокот не може да биде надоместен.

Консолидација (продолжува)

Придружени друштва

Придружени друштва се субјекти врз кои Матичното друштво има значително влијание но не ги контролира истите и каде учеството во капиталот се движи помеѓу 20 и 50% од гласачките права. Вложувањата во придружените друштва иницијално се признаени по нивната набавна вредност и последователно се евидентирани според капиталниот метод.

Учеството на Групата во последователните добивки / загуби е признаено во тековниот консолидиран извештај за сеопфатна добивка. Кумулативните последователни движења се корегирани наспроти евидентираната вредност на вложувањата. Кога уделот на Групата во загубата на придруженото друштво е еднакво или пак го надминува износот на вложувањето, Групата престанува да ги признава понатаму загубите.

2.4 Странски валути

Функционална и презентациона валута

Ставките вклучени во консолидираните финансиски извештаи на секој субјект во рамките на Групата се измерени со употреба на валутата на примарното економско опкружување во кое субјектот ги извршува своите деловни активности (т.н. функционална валута). Консолидираните финансиски извештаи се презентирани во илјади македонски денари (000 мкд) која всушност претставува функционална и презентациона валута.

Трансакции и салда

Трансакциите деноминирани во странска валута се искажани во Македонски Денари - функционалната валута со примена на официјалниот среден курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските деноминирани во странска валута се искажани во Македонски Денари ("Денари") по средниот курс на Народната Банка на Република Македонија на последниот ден од пресметковниот период. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики прикажани се во консолидираниот извештај за сеопфатна добивка како приходи или расходи од финансирање во периодот на нивното настанување.

Средните девизни курсеви кои беа применети за прикажување на позициите на консолидираниот извештај за финансиска состојба деноминирани во странска валута, се следните:

	31 декември 2011	31 декември 2010
1 УСД	47.5346 Денари	46.3140 Денари
1 ЕУР	61.5050 Денари	61.5050 Денари
100 ЦХФ	50.5964 Денари	49.3026 Денари

Странски валути (продолжува)

Членки на групата

Резултатите и финансиската состојба на сите членки на Групата чија функционална валута е различна од валутата на презентација се преведени како што следи:

- Средствата и обврските се пресметани според средниот курс на датумот на Извештајот на финансиската состојба,
- Приходите и расходите се преведени со употреба на просечниот курс за периодот на известување (освен ако просечниот курс не претставува разумна основа за изразување на кумулативниот ефект на курсевите на денот на трансакцијата, во кој случај е користен курсот на трансакцијата), и
- Курсните разлики произлезени од погоренаведеното се прикажани како посебна ставка во остатанатата сеопфатна добивка.

2.5 Недвижности, постројки и опрема

Недвижностите, постројките и опремата се евидентираат по набавна вредност или по проценета набавна вредност намалена за соодветната исправка на вредноста и резервирање поради оштетување, доколку постои. Проценетата набавна вредност претставува ревалоризирана набавна вредност на одредени ставки од имотот, зградите и опремата кои се ревалоризирани во периодите пред 2002 година, по пат на примена на коефициенти за индексирање утврдени од страна на Државниот Завод за Статистика.

Цената на чинење на недвижностите, изградени во сопствена режија, се состои од трошокот за материјал, директна работна сила и соодветни општи производни трошоци.

Амортизацијата се пресметува правопропорционално со цел алокација на набавната вредност на имотот, зградите и опремата до нивната резидуална вредност во текот на нивниот проценет век на употреба. Изградените средства се амортизираат од моментот на нивното ставање во употреба. Амортизација не се пресметува на инвестициите во тек.

Проценетиот век на употреба на ставките на недвижностите и опремата, е како што следи:

Згради	40 години
Погонска опрема	10 години
Останата опрема и моторни возила	4-5 години

Резидуалните вредности како и векот на употреба на средствата се проверуваат и доколку е потребно се корегираат, на секој датум на консолидираниот извештај за финансиска состојба. Евидентираната вредност на средствата се намалува веднаш до нивната надоместлива вредност во случај кога евидентираната вредност ја надминува надоместливата вредност (Белешка 2.7).

Приходите или расходите поврзани со отуѓувања или ставање вон употреба се одредуваат по пат на споредба на приливите од отуѓување со евидентираниот износ и се евидентираат во консолидираниот извештај за сеопфатна добивка како деловни приходи.

Недвижности, постројки и опрема (продолжува)

Трошоците по камати за позајмици кои се користат за финансирање на изградба на имот, згради и опрема се капитализираат, за време на периодот кој е потребен да се завршат и подготват средствата за нивно ставање во употреба. Останатите трошоци по основ на позајмици се евидентирани како трошок.

Трошоците за редовно одржување и поправки се евидентираат како деловни расходи во моментот на нивното настанување. Унапредувањата во постоечките средства се капитализираат во моментот на нивното настанување.

2.6 Вложувања во недвижности за изнајмување

Недвижностите, сопственост на Друштвото, кои се чуваат, пред се, со цел остварување приход од нивно изнајмување, наместо за употреба во редовниот тек на снабдување со стоки и услуги, за административни потреби или за нивна продажба, се признаени како вложувања во недвижности за изнајмување.

Недвижностите за изнајмување, кои воглавно се состојат од магацински и деловен простор, се евидентирани според нивната набавна или претпоставена набавна вредност, намалена за соодветната исправка на вредноста и евентуалното резервирање поради оштетување. Моделот на објективна вредност не е прифатен поради неможноста за нејзино веродостојно утврдување. Имено, споредливите пазарни трансакции за овие ставки на недвижности се ретки и при тоа, не постојат ниту алтернативни проценки, засновани на проекциите за дисконтирани парични текови.

Амортизацијата на ставките на овие недвижности се пресметува правопропорционално, со цел, да се распредели набавната или претпоставената набавна вредност до нивните резидуални вредности низ проценетиот век на употреба.

2.7 Оштетување на нефинансиските средства

Недвижностите, постројките и опремата, се проверуваат од можни оштетувања секогаш кога одредени настани или промени укажуваат дека евидентираниот износ на средствата не може да се надомести. Секогаш кога евидентираниот износ на средствата го надминува нивниот надоместлив износ, се признава загуба од оштетување во консолидираниот извештај за сеопфатна добивка. Надоместливиот износ претставува повисокиот износ помеѓу нето продажната цена и употребната вредност на средствата.

Нето продажната цена е износ кој се добива од продажба на средство во трансакција помеѓу добро известени субјекти, додека употребната вредност е сегашната вредност на проценетите идни готовински приливи што се очекува да произлезат од континуираната употреба на средствата и од нивното отуѓување на крајот од употребниот век. Надоместливите износи се проценуваат за поединечни средства или, ако е тоа неможно, за целата група на средства која генерира готовина.

2.8 Нетековни средства наменети за продажба

Кога Групата има намера да продаде едно нетековно средство и доколку постои таква веројатност за продажба во следните 12 месеци средството се класифицира како "наменето за продажба" и се презентира посебно во Консолидираниот извештај за финансиска состојба.

Средствата класифицирани како "наменети за продажба" се признаваат по пониската помеѓу евидентираната и нивната објективна вредност намалена за трошоците за продажба, во моментот на нивната класификација. Последователно, вака класифицираните средства не се подложни на амортизација или депрецијација.

2.9 Финансиски средства

Групата ги класифицира своите финансиски средства во следните категории: финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби, кредити и побарувања и финансиски средства расположливи за продажба. Раководството ги класифицира своите вложувања во моментот на нивното првично признавање.

Финансиски средства (продолжува)

Финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби

Финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби се финансиски средства наменети за тргување. Едно финансиско средство се класифицира како средство наменето за тргување доколку се стекнува со цел да се продаде во краток рок. Средствата во оваа категорија се класифицираат како тековни средства. Групата нема класифицирано средства во оваа категорија на датумот на консолидираниот извештај за финансиска состојба.

Кредити и побарувања

Кредитите и побарувањата се не-деривативни финансиски средства со фиксни или одредени плаќања кои не котираат на активен пазар. Тие се вклучени во тековните средства, освен за оние кои доспеваат во период подолг од 12 месеци од датумот на консолидираниот извештај за финансиска состојба. Кредитите и побарувањата на Групата на датумот на консолидираниот извештај за финансиска состојба се состојат од побарувања од купувачи и останати побарувања како и парични средства и еквиваленти.

Финансиски средства расположливи за продажба

Финансиски средства расположливи за продажба се не-деривативи, кои се креирани во оваа категорија или пак не се класифицирани во било која од останатите категории. Тие се вклучени во не-тековните средства освен ако раководството нема намера да го отуѓи вложувањето во рок од 12 месеци од датумот на издавање на консолидираниот извештај за финансиска состојба.

Признавање и мерење на финансиските средства

Набавките и продажбите на финансиските средства се евидентираат на датумот на трансакцијата - датумот на кој што Групата има обврска да го купи или продаде средството.

Сите финансиски средства различни од средствата по објективна вредност преку добивки и загуби почетно се признаваат според објективната вредност зголемена за трошоците на трансакциите.

Средствата по објективна вредност преку добивки и загуби почетно се признаваат според нивната објективна вредност, при што трошоците на трансакциите се признаваат во консолидираниот извештај за сеопфатна добивка. Финансиските средства престануваат да се признаваат по истекот на правата за примање на паричните текови од финансиските средства или по нивното пренесување, а Групата ги пренела значително сите ризици и користи од сопственоста.

Последователно мерење

Финансиските средства расположливи за продажба и финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби последователно се евидентирани по нивната објективна вредност. Кредитите и побарувањата се евидентирани по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна камата.

Финансиски средства (продолжува)

Добивките и загубите од промената на објективната вредност на средствата по објективна вредност преку добивки и загуби се вклучуваат во консолидираниот извештај за сеопфатна добивка како останати нето добивки / загуби. Промените на објективната вредност на монетарните и не-монетарните вложувања класифицирани како расположливи за продажба се признаени во капиталот.

Кога вложувањата класифицирани како расположливи за продажба се продаваат или се оштетени, акумулираната корекција на објективната вредност признаена во капиталот се вклучува во консолидираниот извештај за сеопфатна добивка како добивка / загуба од вложувања.

Каматите на вложувањата во хартии од вредност расположливи за продажба се пресметани со употреба на методата на ефективна камата и се признаени во консолидираниот извештај за сеопфатна добивка како дел од останатите приходи. Дивидендите на вложувањата во инструменти на капиталот расположливи за продажба се признаени во консолидираниот извештај за сеопфатна добивка како дел од останатите приходи и кога Групата има воспоставено право на прилив од дивиденди.

Објективните вредности на котираните вложувања се базираат на тековните цени на котација. Доколку пазарот за некое финансиско средство не е активен (и за некотирани хартии од вредност), Групата утврдува објективна вредност по пат на употреба на техники на проценка.

Оштетување на финансиски средства

На секој датум на консолидираниот извештај за финансиска состојба, Групата проценува дали постои објективен доказ за оштетување на едно финансиското средство или група на финансиски средства. Кај вложувањата расположливи за продажба, значителното или пролонгирано опаѓање на објективната вредност на финансиското средство под неговата набавна вредност претставува индикатор дека средството е оштетено. Доколку постои таков доказ за финансиските средства расположливи за продажба, кумулативната загуба - измерена како разлика меѓу набавната вредност и тековната објективна вредност, намалена за загубата поради оштетување претходно признаена во консолидираниот извештај за сеопфатна добивка, се отстранува од капиталот и се признава во консолидираниот извештај за сеопфатна добивка.

Загубите поради оштетување признаени во консолидираниот извештај за сеопфатна добивка за вложувањата во инструменти на капиталот не се надоместуваат преку консолидираниот извештај за сеопфатна добивка. Тестирањето за оштетување на побарувањата од купувачите е објаснето во продолжение на оваа белешка.

2.10 Залихи

Залихите се евидентирани по пониската помеѓу набавната вредност односно цената на чинење и нето продажната вредност. Нето продажната вредност претставува продажна вредност во секојдневниот тек на работата, намалена за трошоците за комплетирање, маркетинг и дистрибуција. Цената на чинење на залихите ги вклучува трошоците на директните материјали, директната работна сила, останатите директни трошоци и поврзани на нив општи производни трошоци.

2.11 Побарувања од купувачи и останати побарувања

Побарувањата од купувачи иницијално се признаваат по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка, нето од резервирањето поради оштетување. Резервирање поради оштетување се пресметува кога постои објективен доказ дека Групата нема да може да ги наплати сите побарувања според нивните оригинални услови на побарувања. Значителни финансиски потешкотии на должникот, веројатноста за стечај или финансиско реорганизирање како и пролонгирање или неможност за плаќање претставуваат индикатори дека побарувањата од купувачи се оштетени.

Износот на резервирањето претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансискто средство. Средствата со краткорочно доспевање не се дисконтираат.

Евидентираниот износ на средството се намалува преку употребата на сметка за резервирање поради оштетување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради оштетување во тековниот консолидиран извештај за сеопфатна добивка. Во случај на ненаплатливост на побарувањето истото се отпишува наспроти неговото резервирање. Последователната наплата на претходно отпишаните износи се признава како тековна добивка во Консолидираниот извештај за сеопфатна добивка.

2.12 Парични средства и еквиваленти

Паричните средства и еквиваленти вклучуваат готовина во благајна, депозити по видување во банки и други краткорочни високоликвидни вложувања кои доспеваат во периоди не подолги од 3 месеци.

2.13 Капитал, резерви и нераспределена добивка

(а) Акционерски капитал

Акционерскиот капитал ја претставува номиналната вредност на емитираните акции.

(б) Трошоци поврзани со емисија на акции

Трошоците поврзани со емисија на нови акции, опции или стекнувањето на деловна активност се презентирани во капиталот како намалување на приливите.

(в) Сопствени акции

Кога Групата откупува свој акционерски капитал, платените надоместоци, вклучувајќи ги надворешните трошоци кои се директно поврзани, се одземаат од вкупниот акционерски капитал како сопствени акции се додека истите не се отуѓат. Кога таквите акции последователно се продаваат, примените надоместоци се евидентирани во акционерскиот капитал.

Капитал, резерви и нераспределена добивка (продолжува)

(г) Резерви

Резервите, кои се состојат од ревалоризациони, задолжителни и резерви за сопствени акции се создадени во текот на периодите врз основа на добивки/загуби од ревалоризација на материјалните средства и финансиските средства расположливи за продажба, во случајот со ревалоризациони резерви како и по пат на распределба на акумулираните добивки врз основа на законска регулатива и одлуките на раководството и акционерите на Групата.

(д) Нераспределена добивка

Нераспределената добивка ги вклучува задржаните добивки од тековниот и претходните периоди.

2.14 Обврски спрема добавувачи

Обврските спрема добавувачи се евидентирани по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка.

2.15 Позајмици

Позајмиците иницијално се евидентирани според нивната објективна вредност, намалена за трошоците на трансакција. Последователно, позајмиците се евидентираат според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка. Позајмиците се класифицирани како тековни обврски освен доколку Групата има неусловено право за подмирување на обврската за не помалку од 12 месеци од датумот на Консолидираниот извештај за финансиска состојба.

2.16 Тековен и одложен даночен расход

Тековен даночен расход, по стапка од 10%, се пресметува на непризнаените расходи за даночни цели корегирани за даночниот кредит, како и на распределената добивка за дивиденди на правни лица - нерезиденти и на физички лица. Нераспределената добивка не се оданочува.

Одложениот даночен расход се евидентира во целост, користејќи ја методата на обврска, за времените разлики кои се јавуваат помеѓу даночната основа на средствата и обврските и износите по кои истите се евидентирани за целите на финансиското известување. При утврдување на одложениот даночен расход се користат тековните важечки даночни стапки. Одложениот даночен расход се задолжува или одобрува во Извештајот за сеопфатната добивка, освен доколку се однесува на ставки кои директно го задолжуваат или одобруваат капиталот, во кој случај одложениот данок се евидентира исто така во капиталот.

Одложените даночни средства се признаваат во обем во кој постои веројатност за искористување на времените разлики наспроти идната расположлива оданочива добивка.

Со состојба на 31 декември 2011 и 2010 година, Групата нема евидентирано одложени даночни средства или обврски, бидејќи не постојат временски разлики на овие датуми.

2.17 Надомести за вработените

Придонеси за пензиско осигурување

Групата има пензиски планови согласно локалната регулатива за социјално осигурување според која плаќа придонеси за пензиско осигурување на своите вработени. Придонесите, врз основа на платите, се плаќаат во првиот и вториот пензиски столб кои се одговорни за исплата на пензиите. Не постојат дополнителни обврски во врска со овие пензиски планови.

Обврски при пензионирање на вработените

Групата исплаќа на вработените посебна минимална сума при пензионирањето во износ утврден согласно законската регулатива. Групата нема извршено резервирање за пресметан посебен минимален износ за пензионирање на вработените, бидејќи овој износ не е од материјално значење за консолидираните финансиски извештаи.

Надомест за прекин на работниот однос

Надомест за прекин на работниот однос се плаќа кога работниот однос е прекинат пред редовниот датум на пензионирање, или кога вработениот доброволно прифаќа прекин на работниот однос во замена за овој надомест. Не постојат дополнителни обврски во врска со овие надомести на вработените.

2.18 Резервирања

Резервирање се признава кога Групата има тековна обврска како резултат на настан од минатото и постои веројатност дека ќе биде потребен одлив на средства кои вклучуваат економски користи за подмирување на обврската, а воедно ќе биде направена веродостојна проценка на износот на обврската. Резервирањата се проверуваат на секој датум на консолидираниот извештај за финансиска состојба и се корегираат со цел да се рефлектира најдобрата тековна проценка. Кога ефектот на времената вредност на парите е материјален, износот на резервирањето претставува сегашна вредност на трошоците кои се очекува да се појават за подмирување на обврската.

2.19 Признавање на приходите и расходите

Приходите се состојат од приходи од продадени производи и трговски стоки и извршени услуги и се прикажани во Белешка 16. Приходите се мерат според објективната вредност на примениот надомест, односно надоместот што треба да се прими за продадените производи и трговски стоки и обезбедените услуги, нето од данокот на додадена вредност и евентуално одобрените продажни попусти.

Приходите се признаваат кога износот на приходот може веродостојно да се измери, постои веројатност за прилив на идни економски користи поврзани со трансакцијата, настанатите трошоци или трошоците кои ќе настанат можат веродостојно да се измерат и кога критериумите за признавање на секоја поодделна категорија на приходи се задоволени. Приходите се признаени како што следи:

Приходи од продажба на производи и стоки

Приходот од продажба на производи и стоки се признава во моментот на испорака до корисникот, кога корисникот ги прифаќа стоките, а наплатливоста на поврзаните побарувања е разумно обезбедена.

Признавање на приходите и расходите (продолжува)

Приходи од договори за изградба

Приходите од договорите за изградба се признаваат во согласност со сметководствената политика за договори во изградба (види Белешка 2.20).

Приходи од обезбедување на услуги

Приходот од обезбедување на услуги се евидентира според степенот на завршување кога истиот може со сигурност да биде измерен. Степенот на завршување се одредува врз основа на проверка на извршената работа.

Приходи од камата

Приходот од каматата се евидентира пропорционално на времето што го рефлектира ефективниот принос на средствата.

Приходи од авторски права

Приходот од авторски права се евидентира во времето на настанување во согласност со предметот на соодветниот договор.

Приходи од дивиденди

Приходот од дивиденди се признава кога ќе се обезбеди правото за примање на исплата.

Расходи од деловното работење

Расходите од деловното работење се признаваат во моментот на искористувањето на услугите односно во периодот на нивното настанување.

2.20 Договори за изградба

Кога резултатот од договорот за изградба може веродостојно да се измери, приходите и трошоците се признаваат според степенот на комплетирање на договорените активности на датумот на консолидираниот извештај за финансиска состојба, измерен врз основа на проверка на извршената работа. Кога резултатот од договорот за изградба не може веродостојно да се измери, приходот од договорот за изградба се признава во висина на фактички настанатите трошоци, за кои постои веројатност дека ќе бидат надоместени.

Трошоците од договорот за изградба се признаваат во моментот на нивното настанување. Кога е веројатно дека вкупните трошоци по договорот ќе ги надминат вкупните приходи, очекуваните загуби се признаваат веднаш на товар на тековната добивка.

2.21 Распределба на дивиденди

Распределбата на дивиденди на акционерите на Групата е евидентирана како обврска во консолидираните финансиски извештаи во периодот кога тие се одобрени од акционерите на Групата.

2.22 Превземени и неизвесни обврски

Не се евидентирани неизвесни обврски во консолидираните финансиски извештаи. Тие се објавуваат доколку постои веројатност за одлив на средства кои вклучуваат економски користи. Исто така, неизвесни средства не се евидентирани во консолидираните финансиски извештаи, но се објавуваат кога постои веројатност за прилив на економски користи. Износот на неизвесна загуба се евидентира како резервирање доколку е веројатно дека идните настани ќе потврдат постоење на обврска на денот на консолидираниот извештај за финансиска состојба и кога може да се направи разумна проценка на износот на загубата.

2.23 Настани по датумот на известување

Настаните по датумот на известување кои обезбедуваат дополнителни информации во врска со состојбата на субјектот на денот на консолидираниот иззвештај за финансиска состојба (настани за кои може да се врши корегирање) се рефлектирани во консолидираните финансиски извештаи. Настаните по датумот на известување за кои не може да се врши корегирање се прикажуваат во белешките во случај кога се материјално значајни.

2.24 Рекласификации на компаративните финансиски информации

Недвижностите, сопственост на Друштвото, кои се чуваат, пред се, со цел остварување приход од нивно изнајмување, наместо за употреба во редовниот тек на деловните активности, за административни потреби или за нивна продажба, во предходната година се признаени како недвижности, постројки и опрема во износ 21,193 илјади Денари. Понатаму, вложувањето во странскиот правен субјект Адинг Схими Парс, Иран во износ од 7,424 илјади Денари беше прикажан како побарување од купувачи и останати краткорочни побарувања. Поради тоа, во финансиските извештаи со состојба на 31 декември 2011, овие износи од компаративните податоци се рекласифицирани за да одговараат на прикажувањата во тековната година. Рекласификациите се прикажани како што следи:

Рекласификации на компаративните финансиски информации (продолжува)

	Претходно пријавени 000 мкд	Рекласифи-кации 000 мкд	Годината што завршува на 31 декември 2010 Повторно искажани 000 мкд
Консолидиран извештај за финансиската состојба			
СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Недвижности, постројки и опрема	239,844	(21,193)	218,651
Вложувања во недвижности за изнајмување	-	21,193	21,193
Вложувања			
- Вложувања во придружени друштва	17,878	8,902	26,780
- Финансиски средства расположливи за продажба	11,208	(1,478)	9,730
	268,930	**7,424**	**276,354**
Тековни средства			
Залихи	58,612	-	58,612
Купувачи и останати краткорочни побарувања	290,724	(7,424)	283,300
Парични средства и еквиваленти	6,967	-	6,967
	356,303	**(7,424)**	**348,879**
Нетековни средства наменети за продажба	1,744		1,744
Вкупно средства	**626,977**	**-**	**626,977**
КАПИТАЛ И ОБВРСКИ			
Капитал			
Акционерска главнина	211,057	-	211,057
Премии на емитирани акции	(2,063)	-	(2,063)
Резерви	47,051	-	47,051
Нераспределена добивка	76,993	-	76,993
	333,038	**-**	**333,038**
Неконтролирано учество	10,778	-	10,778
Вкупно цапитал	**343,816**	**-**	**343,816**
Обврски			
Нетековни обврски			
Позајмици	100,530	-	100,530
	100,530	**-**	**100,530**
Тековни обврски			
Позајмици	67,259	-	67,259
Добавувачи и останати краткорочни обврски	115,372	-	115,372
	182,631	**-**	**182,631**
Вкупно обврски	**283,161**	**-**	**283,161**
Вкупно капитал и обврски	**626,977**	**-**	**626,977**

3 Управување со финансиски ризици

3.1 Фактори на финансиски ризици

Деловните активности на Групата се изложени на различни ризици од финансиски карактер, вклучувајќи ризик од кредитирање и ризици поврзани со ефектите од промените во девизните курсеви и каматните стапки. Управувањето со ризиците на Групата се фокусира на непредвидливоста на пазарите и се стреми кон минимализирање на потенцијалните негативни ефекти врз успешноста на деловното работење на Групата.

Управувањето со ризиците на Групата го врши Раководството на матичното друштво врз основа на претходно одобрени писмени политики и процедури кои го опфаќаат целокупното управување со ризиците, како и специфичните подрачја, како што се ризикот од курсни разлики, ризикот од каматни стапки, ризикот од кредитирање, употребата на вложувањата и пласманите на вишокот ликвидни средства.

3.2 Пазарни ризици

Ризик од курсни разлики

Групата има деловни активности на меѓународните пазари, и е изложена на ризик од курсни разлики кој се јавува од изложеноста кон различни валути, посебно во однос на Еврото, Доларот, Швајцарскиот Франк, Бугарскиот Лев и Српскиот Динар. Групата не користи инструменти за обезбедување од ризик од курсни разлики "хеџинзи". Раководството врши непосредна секојдневна контрола врз нето позицијата на Групата за секоја валута поединечно, како и вкупно за сите валути.

Сметководствената вредност на монетарните средства и обврски на Групата деноминирани во странски валути е како што следи:

		2011 000 МКД	2010 000 МКД
Средства			
Парични средства и еквиваленти	ЕУР	1,938	4,686
Парични средства и еквиваленти	РСД	1,743	1,267
Парични средства и еквиваленти	БГЛ	94	63
Странски купувачи	ЕУР	97,065	85,609
Странски купувачи	РСД	22,849	13,476
Странски купувачи	БГЛ	12,453	11,621
		136,142	**116,722**
Обврски			
Странски добавувачи	ЕУР	27,157	26,345
Странски добавувачи	РСД	1,977	1,264
Странски добавувачи	БГЛ	1,258	1,117
Кредити	ЕУР	57,484	82,797
Кредити	БГЛ	5,943	6,006
Кредити	РСД	517	757
Кредити	ЦХФ	41,618	51,796
		135,954	**170,082**

Пазарни ризици (продолжува)
Ризик од курсни разлики (продолжува)

Следната табела ја прикажува осетливоста на Групата на 10% промена на курсот на странските валути во однос на Денарот. Анализата на сензитивноста ги вклучува единствено монетарните ставки деноминирани во странска валута на крајот на годината, при што се врши корекција на нивната вредност при промена на курсот на странските валути за 10%.

Позитивниот односно негативниот износ означува зголемување/намалување на добивката или останатиот капитал, кој што се јавува во случај доколку Денарот ја намали/зголеми својата вредност во однос на странските валути за +/- 10%.

Анализа на сензитивноста на странски валути

			2011
	Нето износ	+10%	-10%
(Загуба) / добивка	188	19	(19)

			2010
	Нето износ	+10%	-10%
(Загуба) / добивка	(53,360)	(5,336)	5,336

Ризик од каматни стапки врз готовинските текови и објективната вредност

Ризик од каматни стапки претставува ризикот дека објективната вредност или идните парични текови на финансиските инструменти ќе имаат промени поради промени во вредноста на пазарните каматни стапки. Групата е изложена на ризици поради промени на пазарните каматни стапки најмногу поради долгорочните обврски на Групата по основ на долг со варијабилни каматни стапки. Раководството на Групата е во најголема мера одговорно за дневно следење на состојбата на ризикот од нето каматни стапки и одредува лимити за намалување на потенцијалот од каматна неусогласеност. Следната табела ја прикажува изложеноста на Групата на ризици од каматни стапки:

	2011 000 МКД	2010 000 МКД
Финансиски средства		
Некаматоносни:		
Финансиски средства расположливи за продажба	9,730	9,730
Побарувања од купувачи и останати побарувања	281,711	280,633
Парични средства и еквиваленти	120	105
Каматоносни (фиксна каматна стапка):		
Парични средства и еквиваленти	4,065	6,862
Вкупно	**295,626**	**297,330**

	2011 000 МКД	2010 000 МКД
Финансиски обврски		
Некаматоносни:		
Обврски кон добавувачи и останати обврски	88,174	114,795
Позајмици	2,386	-
Каматоносни (со фиксна каматна стапка):		
Позајмици	87,718	106,284
Каматоносни (со променлива каматна стапка):		
Позајмици	76,098	61,505
Вкупно	**254,376**	**282,584**

Пазарни ризици (продолжува)
Ризик од каматни стапки врз готовинските текови и објективната вредност (продолжува)

Анализа на сензитивноста на каматни стапки

			2011
	Нето износ	2%	-2%
Со променлива каматна стапка	(76,098)	(1,522)	1,522

			2010
	Нето износ	2%	-2%
Со променлива каматна стапка	(61,505)	(1,230)	1,230

Позитивниот односно негативниот износ означува зголемување/намалување на добивката или останатиот капитал, кој што се јавува во случај доколку каматните стапки би биле повисоки/пониски за 2%.

3.3 Ризик од кредитирање

Групата нема значителна концентрација на ризик од кредитирање. Групата има политики со цел да обезбеди дека продажбата на производи и услуги се врши на клиенти со соодветна кредитна историја и кои го ограничуваат износот на кредитната изложеност на неговите клиенти. Максималната изложеност на Групата на ризик од кредитирање е претставена со евидентираниот износ на секое финансиско средство во консолидираниот извештај за финансиска состојба, како што следи:

	2011	2010
Класи на финансиски средства – евидентирана вредност		
Финансиски средства расположливи за продажба	9,730	9,730
Парични средства и еквиваленти	4,185	6,967
Побарувања од купувачи и останати побарувања	281,711	280,633
Вкупно	**295,626**	**297,330**

Кредитниот ризик за паричните средства и еквиваленти е материјално незначаен затоа што средствата се депонирани во реномирани банки со висок кредитен рејтинг.

Анализата на кредитниот квалитет на портфолиото на побарувањата од купувачи е обелоденета во Белешка 9.

3.4 Ризик од ликвидност

Претпазливо управување со ризик од ликвидност имплицира одржување на доволно готовина и ликвидни хартии од вредност, потоа расположливост на извори на средства преку соодветно обезбедување на кредити и можност за навремена наплата на износите на побарувања од купувачи во рамките на договорените услови. Како резултат на динамичниот карактер на дејноста на Групата, Раководството настојува да обезбеди флексибилни извори на средства преку расположливи кредитни линии.

Табелите во продолжение ја прикажуваат преостанатата договорена доспеаност на финансиските обврски на Групата. Табелите се подготвени врз основа на недисконтираните готовински текови на финансиските обврски.

Ризик од ликвидност (продолжува)

Со состојба на 31 декември 2011	Тековни до 12 месеци 000 МКД	1до 5 години 000 МКД	Не тековни Покасно од 5 години 000 МКД	Вкупно 000 МКД
Позајмици без камата	2,386	-	-	2,386
Позајмици со варијабилна камата	42,309	33,789	-	76,098
Позајмици со фиксна камата	39,392	47,458	868	87,718
Обврски спрема добавувачи	88,174	-	-	88,174
	172,261	**81,247**	**868**	**254,376**

Со состојба на 31 декември 2010	Тековни до 12 месеци 000 МКД	1до 5 години 000 МКД	Не тековни Покасно од 5 години 000 МКД	Вкупно 000 МКД
Позајмици со варијабилна камата	15,376	46,129	-	61,505
Позајмици со фиксна камата	51,883	52,139	2,262	106,284
Обврски спрема добавувачи	114,795	-	-	114,795
	182,054	**98,268**	**2,262**	**282,584**

Наведените суми го означуваат договорниот ненамален паричен тек кој може да се разликува по евидентираната вредност на расходите на датумот на консолидираниот извештај за финансиска состојба.

3.5 Ризик при управување со капитал

Целите на Групата при управување со капиталот се овозможување истата да продолжи со понатамошна континуирана работа со цел да обезбеди приход за акционерите и бенефициии за други заинтересирани лица, како и да одржи оптимална структура на капиталот со цел намалување на трошокот на капиталот.

Со цел да ја одржи или прилагоди структурата на својот капитал, Групата може да изврши корекција на износот на дивиденди исплатени на акционерите, да врати капитал на акционерите, да издаде нови акции или да продаде средства за да го намали долгот.

Показател на задолженост

Структурата на изворите на финансирање на Групата се состои од обврски, кои ги вклучуваат позајмиците со камата, пари и парични еквиваленти и главнина, која се состои од уплатен капитал, резерви и нераспределена добивка.

Раководството ја анализира структурата на изворите на финансирање на годишна основа како однос на нето обврските по позајмици во однос со вкупниот капитал. Нето обврските по позајмици се пресметани како вкупни обврски по позајмици намалени за износот на паричните средства и паричните еквиваленти.

Ризик при управување со капитал (продолжува)

Показателот на задолженоста на крајот на годината е прикажан како што следи:

	2011	2010
Позајмици	166,202	167,789
Парични средства и еквиваленти	(4,185)	(6,967)
Нето обврски	162,017	160,822
Капитал	356,162	343,816
	0.45	0.47

3.6 Утврдување на објективна вредност

Објективна вредност претставува вредност за која едно средство може да биде заменето или некоја обврска подмирена под нормални комерцијални услови. Објективната вредност се одредува врз основа на претпоставка на раководството, зависно од видот на средството или обврската.

3.6.1 Финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност

Финансиските средства измерени според објективната вредност во извештајот за финансиска состојба се прикажуваат во согласност со хиерархијата на објективната вредност која ги групира финансиските средства и обврски во три нивоа кои се базираат на значајноста на влезните податоци користени при мерењето на објективната вредност на финансиските средства. Хиерархијата според објективната вредност е одредена како што следи:

- Ниво 1: котирани цени (некорегирани) на активните пазари за идентични средства или обврски;
- Ниво 2: останати влезни податоци, покрај котираните цени, вклучени во Ниво 1 кои се достапни за набљудување за средството или обврската, или директно (т.е. како цени) или индиректно (т.е. изведени од цени); и
- Ниво 3: влезни податоци за средството или обврската кои не се базираат на податоци достапни за набљудување од пазарот.

Финансиските средства кои се евидентирани по објективна вредност во консолидираниот извештај за финансиска состојба се групирани според нивото на хиерархија на објективната вредност како што следи (во илјади Денари):

	Ниво 1	Ниво 2	Ниво 3	Вкупно
Средства				
Финансиски средства расположливи за продажба	9,730	-	-	9,730

Финансиските средства расположливи за продажба се состојат од вложувања во хартии од вредност - акции кај домашни некотирани финансиски институции како и вложувања во домашни и странски некотирани друштва. Евидентирани се по нивната објективна вредност врз основа на нивната пазарна цена на датумот на извештајот.

Утврдување на објективна вредност(продолжува)

3.6.2 Финансиски инструменти кои не се евидентирани по објективна вредност

Споредбата меѓу сметководствената вредност и објективната вредност на оние финансиски средства и обврски кои во консолидираниот извештај за финансиска состојба не се евидентирани според објективна вредност се прикажани во табелата подолу:

	Евидентирана вр.		Објективна вр.	
	2011	2010	2011	2010
Средства				
Купувачи и останати краткорочни побарувања	281,711	280,633	281,711	280,633
Парични средства и еквиваленти	4,185	6,967	4,185	6,967
Вкупни средства	**285,896**	**287,600**	**285,896**	**287,600**
Обврски				
Позајмици	166,202	167,789	166,202	167,789
Добавувачи и останати краткорочни обврски	88,174	114,795	88,174	114,795
Вкупни обврски	**254,376**	**282,584**	**254,376**	**282,584**

Кредити и побарувања

Кредитите и побарувањата се евидентираат по амортизирана набавна вредност намалена за резервирање поради оштетување. Нивната објективна вредност соодветствува на евидентираната вредност поради нивното краткорочно доспевање.

Останати финансиски средства

Објективната вредност на монетарните средства што вклучуваат парични средства и еквиваленти се смета дека е приближна на нивната сметководствена вредност поради тоа што се со доспеаност помала од 3 месеци.

Обврски спрема доверителите и обврски по кредити

Сметководствената вредност на обврските спрема доверителите и обврските по кредити соодветствува на нивната објективна вредност поради нивното краткорочно доспевање.

4 Значајни сметководствени проценки

При примената на сметководствените политики на Групата, опишани во Белешка 2 кон овие консолидирани финансиски извештаи, од Раководството се бара да врши проценки и прави претпоставки за евидентираните износи на средствата и обврските кои не се јасно воочливи од нивните извори на евидентирање. Проценките и придружните претпоставки се засновуваат на минати искуства и други фактори, за кои се смета дека се релевантни. При тоа, фактичките резултати може да одстапуваат од таквите проценки.

Проценките и главните претпоставки се проверуваат тековно. Ревидираните сметководствени проценки се признаваат во периодот во кој истите се ревидирани доколку таквото ревидирање влијае само за или во тој период, како и за идни периоди, доколку ревидирањата влијаат за тековниот и идните периоди.

Несигурност во проценките

Оштетување кај нефинансиски средства

Загуби од оштетување се признаваат во износ за кој евидентираната вредност на средството или единицата што генерира готовина го надминува надоместливиот износ. При утврдување на надоместливиот износ, Раководството ги проценува очекуваните цени, готовинските токови од секоја единица што генерира готовина и утврдува соодветна каматна стапка при пресметка на сегашната вредност на тие готовински текови.

Оштетување кај финансиски средства

Оштетување на побарувања од купувачи и останати побарувања

Групата пресметува оштетување за побарувања од купувачи и останати побарувања врз основа на проценка на загуби кои резултираат од неможноста купувачите да ги подмират своите обврски. При проценка на соодветноста на загубата поради оштетување за побарувањата од купувачи и останатите побарувања, проценката се темели врз доспевањето на салдото на сметката за побарувања и минатото искуство на отписи, кредитоспособноста на клиентите и промените во условите за плаќање за клиентите. Ова подразбира правење претпоставки за идните однесувања на клиентите, како и за идните приливи на парични средства. Доколку финансиските услови на клиентите се влошат, реалните отписи на тековно постоечките побарувања може да бидат повисоки од очекуваното, и може да го надминат нивото на загубите поради оштетување кои се досега признати.

Употребен век на средствата што се амортизираат

Раководството врши редовна проверка на употребниот век на средствата што се амортизираат на 31 декември 2011 година. Раководството проценува дека утврдениот употребен век на средствата ја претставува очекуваната употребливост (корисност) на средствата. Евидентираните вредности на овие средства се анализирани во Белешка 5 и 6. Фактички резултати, сепак, може да се разликуваат поради технолошка застареност.

Залихи

Залихи се евидентираат по пониската помеѓу набавната вредност (цена на чинење) и нето реализационата вредност. При проценката на нето реализационата вредност се земаат најобјективните докази / податоци кои се на располагање во периодот кога се правени проценките.

5 Недвижности, постројки и опрема

	Градежни Објекти	Опрема	Инвестиции во тек	Вкупно
На 1 јануари 2010 година				
Набавна вредност	154,848	129,538	97,143	381,529
Исправка на вредност	(61,430)	(99,192)	-	(160,622)
Нето евидентирана вредност	**93,418**	**30,346**	**97,143**	**220,907**
Промени во текот на 2010 година				
Почетна нето евидентирана вредност	93,418	30,346	97,143	220,907
Набавки на недвижности и опрема, нето од инвестиции во тек	15,675	5,143	(7,329)	13,489
Отписи и продажби, нето	(15)	(97)	-	(112)
Трансфер во залихи на ситен инвентар	-	(7)	-	(7)
Интерен трансфер	(2,664)	2,664	-	-
Курсни разлики од преведување	(566)	398	-	(168)
Амортизација за годината	(3,328)	(12,130)	-	(15,458)
Крајна нето евидентирана вредност	**102,520**	**26,317**	**89,814**	**218,651**
На 31 декември 2010 година				
Набавна вредност	163,235	137,489	89,814	390,538
Исправка на вредност	(60,715)	(111,172)	-	(171,887)
Нето евидентирана вредност	**102,520**	**26,317**	**89,814**	**218,651**
Промени во текот на 2011 година				
Почетна нето евидентирана вредност	102,520	26,317	89,814	218,651
Набавки на недвижности и опрема, нето од инвестиции во тек	11,311	3,629	(3,538)	11,402
Пренос во вложувања во недвижности за изнајмување	-	-	(63,108)	(63,108)
Отписи и продажби, нето	-	(357)	-	(357)
Курсни разлики од преведување	(588)	642	(94)	(40)
Амортизација за годината	(5,001)	(10,218)	-	(15,219)
Крајна нето евидентирана вредност	**108,242**	**20,013**	**23,074**	**151,329**
На 31 декември 2011 година				
Набавна вредност	173,958	135,718	23,074	332,750
Исправка на вредност	(65,716)	(115,705)	-	(181,421)
Нето евидентирана вредност	**108,242**	**20,013**	**23,074**	**151,329**

Компонентите на инвестициите во тек се како што следи:

	2011	2010
Вложувања во:		
- Магацин за прашкасти материјали	11,752	9,217
- Постројка за суви малтери	3,597	3,296
- Софтвер	3,208	3,208
- Локал 6 – Автокоманда	1,152	1,152
- Хала за базно производство	1,209	-
- Земјиште	952	952
-Настрешница над отворен магацин	708	708
- Останато	496	808
- Продажно – деловен центар БЦА	-	62,660
- Производна хала	-	7,813
	23,074	**89,814**

Расход и продажба на недвижности, постројки и опрема

Во текот на 2011 година, Групата продаде дел од својата опрема со нето сегашна вредност од 329 илјади Денари. Продажната вредност на продадената опрема изнесува 1,185 илјади Денари (2010: 104 илјади Денари) (види Бел.17).

Понатаму, во текот на 2011 година, Групата расходува дел од своите недвижности, постројки и опрема чија нето евидентирана вредност изнесува 28 илјади Денари.

Недвижности, постројки и опрема (продолжува)

Залог врз недвижностите, постројките и опремата

Со состојба на ден 31 декември 2011 година, Групата има дадено заложни права - хипотеки врз дел од своите недвижности (деловни објекти и земјиште), како гаранција за исполнување на обврските по позајмици (види Бел.14). Проценетата вредност на овие недвижности, со состојба на датумот на Консолидираниот извештај за финансиска состојба, изнесува 3,299,242 Евра (види Бел.25).

6 Вложувања во недвижности за изнајмување

	Градежни Објекти
На 1 јануари 2010 година	
Набавна вредност	27,726
Исправка на вредноста	(5,840)
Нето евидентирана вредност	**21,886**
Промени во текот на 2010 година	
Почетна нето евидентирана вредност	21,886
Амортизација за годината	(693)
Крајна нето евидентирана вредност	**21,193**
На 31 декември 2010 година	
Набавна вредност	27,726
Исправка на вредност	(6,533)
Нето евидентирана вредност	**21,193**
Промени во текот на 2011 година	
Почетна нето евидентирана вредност	21,193
Пренос од инвестиции во тек	63,108
Амортизација за годината	(2,261)
Крајна нето евидентирана вредност	**82,040**
На 31 декември 2011 година	
Набавна вредност	90,834
Исправка на вредност	(8,794)
Нето евидентирана вредност	**82,040**

7 Финансиски инструменти по категории

Евидентираните вредности на финансиските средства и обврски на Групата признаени на датумот на известувањето можат исто така да бидат категоризирани на следниов начин:

	Кредити и побарувања	Ср. по обј.вр.преку добивки и загуби	Расположливи за продажба	Вкупно
31 декември 2011				
Средства според консолидираниот извештај за финансиска состојба				
Финансиски средства расположливи за прод.	-	-	9,730	9,730
Купувачи и останати побарувања	281,711	-	-	281,711
Парични средства и еквиваленти	4,185	-	-	4,185
	285,896	**-**	**9,730**	**295,626**

	Обв.по обј.вр.преку добивки и загуби	Останати финансиски обврски	Вкупно
Обврски според консолидираниот извештај за финансиска состојба			
Позајмици	-	166,202	166,202
Добавувачи и останати обврски	-	88,174	88,174
	-	**254,376**	**254,376**

	Кредити и побарувања	Ср. по обј.вр.преку добивки и загуби	Расположливи за продажба	Вкупно
31 декември 2010				
Средства според консолидираниот извештај за финансиска состојба				
Финансиски средства расположливи за прод.	-	-	9,730	9,730
Купувачи и останати побарувања	280,633	-	-	280,633
Парични средства и еквиваленти	6,967	-	-	6,967
	295,099	**-**	**9,730**	**297,330**

	Обв.по обј.вр.преку добивки и загуби	Останати финансиски обврски	Вкупно
Обврски според консолидираниот извештај за финансиска состојба			
Позајмици	-	167,789	167,789
Добавувачи и останати обврски	-	114,795	114,795
	-	**282,584**	**282,584**

8 Вложувања

8.1 Вложувања во придружени друштва

Вложувањата во придружените друштва се состојат од удели во капиталот на некотирани домашни и странски правни субјекти.

	%	Дејност	Земја на основање	2011	2010
Л.А. Хемија дооел, Скопје, РМ	40.36	Трговија	РМ	11,436	10,511
Адинг Градител	49.00	Инженеринг	РМ	-	-
Адинг Схими Парс, Иран	49.00	Трговија	Иран	21,249	14,791
Адинг Хелас АБЕЕ Тесалоники	40.00	П/во и трг. со град.мат.	Грција	1,478	1,478
				34,163	**26,780**

Вложувања(продолжува)
Вложувања во придружени друштва (продолжува)

Промените во сметката на вложувањата во придружените друштва во текот на 2011 и 2010 година е како што следи:

	2011	2010
На 1 јануари	26,780	12,785
Зголемување на вложување	6,458	14,576
Учество во добивката / (загубата) на придружените друштва	925	(581)
На 31 декември	**34,163**	**26,780**

Сумаризираните податоци за придружените друштва во разгледуваните периоди се како што следи:

	2011	2010
Средства	49,315	49,256
Обврски	19,379	21,377
Приходи	84,299	89,397
Добивка	2,057	2,318
Добивка/ (загуба) која припаѓа на Групата	925	(581)

8.2 Финансиски средства расположливи за продажба

На 31 декември 2011 година, овие вложувања, во износ од 9,730 илјади Денари (2010: исто), се состојат од вложувања во хартии од вредност - акции кај домашни финансиски институции во износ од 214 илјади денари како и во домашни и странски некотирани друштва во износ од 9,516 илјади денари.

9 Купувачи и останати краткорочни побарувања

	2011	2010
Купувачи		
Во земјата	141,455	154,898
Во странство	128,814	107,247
Побарувања од придружени друштва	6,067	3,849
	276,336	265,994
Намалено за: резервирање поради оштетување	(4,528)	(4,654)
	271,808	**261,340**
Останати побарувања		
Позајмици и аванси на вработените	11,021	19,137
Претплати по даноци, акцизи и други давачки кон државата	2,526	2,454
Позајмици со и без камата на домашни субјекти	40	156
Аванси на добавувачи	21	75
Останати претплати	721	138
	14,329	21,960
Намалено за: резервирање поради оштетување	(1,158)	-
	13,171	**21,960**
	284,979	**283,300**

Анализата на старосната структура на побарувањата од купувачите со состојба на 31 декември 2011 година е како што следи:

	Домашни	Странски	Вкупно
До 30 дена	17,657	18,939	36,596
Од 1 - 3 месеци	28,182	32,353	60,535
Од 3 - 6 месеци	20,920	16,696	37,616
Од 6 - 12 месеци	21,260	19,958	41,218
Над 1 година	55,950	44,421	100,371
	143,969	**132,367**	**276,336**
Намалено за резервирање поради оштетување	(4,463)	(65)	(4,528)
	139,506	**132,302**	**271,808**

Купувачи и останатикраткорочни побарувања (продолжува)

Анализата на старосната структура на побарувањата од купувачите со состојба на 31 декември 2010 година е како што следи:

	Домашни	Странски	Вкупно
До 30 дена	35,827	20,532	56,359
Од 1 - 3 месеци	26,656	35,310	61,966
Од 3 - 6 месеци	20,854	28,132	48,986
Од 6 - 12 месеци	16,176	7,989	24,165
Над 1 година	55,576	18,942	74,518
	155,089	**110,905**	**265,994**
Намалено за резервирање поради оштетување	(4,463)	(191)	(4,654)
	150,626	**110,714**	**261,340**

Салдото на побарувањата од купувачите на 31 декември 2011 може да се анализира според следниве категории на кредитен ризик:

	Недоспеани неоштетени	Доспеани неоштетени	Оштетени	Вкупно
Набавна вредност	36,596	235,212	4,528	276,336
Исправка на вредност	-	-	(4,528)	(4,528)
Нето евидентирана вредност	**36,596**	**235,212**	**-**	**271,808**

Салдото на побарувањата од купувачите на 31 декември 2010 може да се анализира според следниве категории на кредитен ризик:

	Недоспеани неоштетени	Доспеани неоштетени	Оштетени	Вкупно
Набавна вредност	56,359	204,981	4,654	265,994
Исправка на вредност	-	-	(4,654)	(4,654)
Нето евидентирана вредност	**56,359**	**204,981**	**-**	**261,340**

Промените во сметката на резервирање поради оштетување за разгледуваниот период е како што следи:

	2011	2010
На 1 јануари	4,654	4,807
Резервирање поради оштетување	-	59
Курсни разлики од преведување	-	(18)
Отпис на целосно резервирани побарувања	(126)	(194)
На 31 декември	**4,528**	**4,654**

Во текот на 2011 година Групата изврши непосреден отпис на побарувањата поради нивната целосна ненаплатливост, на товар на добивката за тековната година, во износ од 3,037 илјади денари (2010: 1,064 илјади Денари) (види Бел.20).

10 Залихи

	2011	2010
Суровини и други материјали	22,737	30,272
Готови производи	7,301	8,843
Трговски стоки	13,559	19,497
	43,597	**58,612**

11 Парични средства и еквиваленти

	2011	2010
Денарски и девизни сметки кај домашни банки	4,065	6,862
Готовина во благајна	120	105
	4,185	**6,967**

12 Нетековни средства наменети за продажба

Промените на сметката на нетековни средства наменети за продажба за разгледуваните периоди е како што следи:

	2011	2010
На 1 јануари	1,744	1,744
Набавки	776	-
На 31 декември	**2,520**	**1,744**

Овие средства се стекнати по пат на компензација (размена) на побарувањата кои произлегуваат од редовните деловни активности на Матичното друштво со своите деловни коминтенти.

13 Капитал

Акционерска главнина

Со состојба на 31 декември 2011 и 2010 година и согласно Судската регистрација број П.Трег.2430/05 од 12 декември 2005 година, акционерската главнина на Матичното друштво изнесува 3,857,636 Евра, чија денарска противвредност, на датумот на регистрацијата изнесува 212,898 илјади Денари. Истата е поделена на 386,400 обични акции. Номиналната вредност по акција изнесува 9.983 Евра (2010: исто). Вкупниот број на емитирани акции се во целост платени.

Прегледот на движењето на издадените акции во текот на 2011 и 2010 година е како што следи:

	Број на акции	Обични 000 мкд	Премии 000 мкд	Вкупно 000 мкд
На 1 јануари 2010	383,058	211,057	(2,063)	208,994
На 31 декември 2010	**383,058**	**211,057**	**(2,063)**	**208,994**
На 1 јануари 2011	383,058	211,057	(2,063)	208,994
На 31 декември 2011	**383,058**	**211,057**	**(2,063)**	**208,994**
Вкупно откупени сопствени акции	**3,342**	**(1,841)**	**(2,063)**	**(3,904)**

На 31 декември 2011 година Матичното друштво поседува 3,342 откупени сопствени акции во износ од 1,841 илјади Денари (2010: исто).

Резерви

Резервите, кои со состојба на ден 31 декември 2011 година изнесуваат 46,469 илјади Денари (2010: 47,051 илјади Денари), се создадени иницијално врз основа на домашната законска регулатива и последователно зголемувани во текот на годините по пат на распределба на нето добивката по оданочување.

Дивиденди и надоместоци

Во текот на 2011 година и до датумот на овие финансиски извештаи, Групата распредели дел од својата акумулирана добивка за дивиденди на акционерите во вкупен износ од 731 илада Денари (2010: -).

Во текот на 2011 година, Групата исплати дивиденди и надоместоци од нераспределената добивка во износ од 5,454 илјади Денари (2010: 2,843 илјади Денари).

14 Позајмици

	2011	2010
Долгорочни позајмици со камата		
Комерцијална банка ад, Скопје:		
ЕУР 196,034; рок на враќање 1 август 2013; кам.стапка од 9% годишно;	1,246	1,994
ЕУР 287,750; Рок на враќање 11 декември 2015; кам.стапка од 9% годишно;	7,179	8,974
ЦХФ 540,000; Рок на враќање 3 октомври 2014; кам.стапка од 8% годишно;	9,960	13,130
ЦХФ 250,000; Рок на враќање 21 декември 2014; кам.стапка од 8% годишно;	5,288	6,824
ЕУР 294,246; Рок на враќање 31 декември 2011; кам.стапка од 8% годишно;	504	6,543
ЦХФ 405,000; Рок на враќање 30 јуни 2016; кам.стапка од 8% годишно;	9,858	11,740
ЦХФ 317,500; Рок на враќање 5 јуни 2016; кам.стапка од 8% годишно;	11,238	13,340
ЦХФ 237,000; Рок на враќање 22 јануари 2015; кам.стапка од 8% годишно;	5,274	6,762
ЕУР 1,000,000; Рок на враќање 18 декември 2014; кам.стапка од 6% првата година, потоа 3 месечен EURIBOR + 5%;	46,129	61,505
МКД 12,000,000; Рок на враќање 31 декември 2013; променлива кам.стапка од 8,5% годишно	12,000	-
МКД 10,000,000; Рок на враќање 30 септември 2013; променлива кам.стапка од 8,5% годишно	9,333	-
МКД 3,000,000; Рок на враќање 31 јануари 2014; променлива кам.стапка од 8,5% годишно	2,636	-
МКД 6,000,000; Рок на враќање 31 март 2014; променлива кам.стапка од 8,5% годишно	6,000	-
ПроКредит банка: ЕУР 70,000; Рок на враќање 2 јули 2013; кам.стапка од 9,5% годишно	2,427	3,781
ЛЕВ 150,000; Рок на враќање 5 август 2018; кам.стапка од 9.45% годишно;	5,943	6,006
Вкупно долгорочни позајмици	**135,015**	**140,599**
Намалено за тековна доспеаност	(52,900)	(40,069)
Долгорочен дел на долгорочните позајмици	**82,115**	**100,530**

Позајмици со камата		
Комерцијална Банка ад, Скопје:		
МКД 54,724,000; каматни стапки 7.5-10.5% годишно;	2,267	6,334
МКД 844,313; каматна стапка 9.5% годишно	989	844
МКД 500,000; каматна стапка 9% годишно	319	242
ПроКредит банка		
МКД 3,720,000; 8% год.; рок на враќање 29 мај 2012	3,500	-
ТТК Банка ад, Скопје:		
МКД 5,000,000; 8% годишно	5,000	5,000
МКД 3,000,000; 8% годишно	3,000	3,000
МКД 8,000,000; 8% годишно	8,000	8,000
МКД 2,000,000; 8% годишно	2,000	-
Останати позајмици со камата од финансиски институции	1,459	770
Позајмици од домашни друштва со камата	2,267	3,000
Позајмици од домашни друштва без камата	2,386	-
Вкупно краткорочни позајмици	**31,187**	**27,190**
Тековна доспеаност на долгорочните кредити	52,900	40,069
Краткорочни позајмици и тековна доспеаност	**84,087**	**67,259**

Планот за отплата на долгорочните позајмици е како што следи:

	2011	2010
Во рок од 12 месеци	52,900	40,069
Една до две години	41,962	31,176
По две години	40,153	69,354
	135,015	**140,599**

Во продолжение дадена е анализа на позајмиците со камата и без камата:

	2011	2010
Променлива каматна стапка	76,098	61,505
Фиксна каматна стапка	87,718	106,284
Бескаматни позајмици	2,386	-
На 31 декември	**166,202**	**167,789**

Позајмици (продолжува)

Позајмиците со камата од финансиските институции се обезбедени преку хипотеки на дел од недвижностите на Групата (види исто Бел.5 и Бел.25).

15 Добавувачи и останати краткорочни обврски

	2011	2010
Добавувачи		
Во земјата	41,198	61,967
Во странство	29,854	30,935
Придружени друштва	3,124	2,278
	74,176	**95,180**
Останати обврски		
Обврски по дивиденди	9,119	13,772
Обврски за неисплатени бруто плати	4,879	5,740
Обврски по даноци и придонеси	1,489	76
Пресметани трошоци	516	501
Останати обврски	-	103
	16,003	**20,192**
	90,179	**115,372**

16 Приходи од продажба

	2011	2010
Готови производи	271,878	178,245
Инженеринг	41,815	84,146
Трговски стоки	54,308	55,688
Услуги и останати приходи од продажба	28,245	35,472
	396,246	**353,551**
Од кои:		
Приходи од продажба на домашен пазар	224,345	209,651
Приходи од продажба на странски пазари	165,422	135,848
Приходи од продажба на придружени друштва	6,479	8,052
	396,246	**353,551**

17 Останати деловни приходи

	2011	2010
Приходи од дивиденди	7,376	-
Приходи од наемнини	5,423	5,037
Приходи од награди, пенали	1,715	1,780
Приходи од продажба на материјални средства	1,185	104
Отпис на обврски и вишоци по попис	719	1,476
Наплата на целосно резервирани побарувања	8	-
Останати приходи	2,318	2,129
	18,744	**10,526**

18 Материјали, услуги и набавна вредност на продадени стоки

	2011	2010
Материјали	168,650	165,185
Услуги од надворешни субјекти	44,488	58,588
Набавна вредност на продадени стоки	39,470	44,369
	252,608	**268,142**

19 Трошоци за вработените

	2011	2010
Нето плати и надоместоци на плати	43,439	43,768
Персонален данок и придонеси од плати	17,661	18,090
Други лични примања на вработените	12,058	16,822
Дневници за службени патувања	6,497	9,261
	79,655	**87,941**

20 Останати деловни трошоци

	2011	2010
Правни, консултантски и др.интелектуални услуги	16,350	10,978
Промоција, пропаганда и реклама	8,327	8,744
Отпис и резервирање поради оштетување на побарувања	4,195	1,123
Премии за осигурување	3,338	2,304
Банкарски услуги и членарини	1,882	1,566
Даноци и придонеси независни од резултатот	973	1,644
Неотпишана вредност на отуѓени и расход. материјални средства	357	112
Кусоци	82	94
Награди на членовите на УО	78	384
Останати трошоци	2,988	702
	38,570	**27,651**

21 Финансиски приходи и расходи

	2011	2010
Приходи		
Камати	126	88
Позитивни курсни разлики	7,053	4,730
	7,179	4,818
Расходи		
Камати	(12,998)	(16,030)
Негативни курсни разлики	(8,813)	(15,171)
Одобрени попусти	(1,878)	(431)
	((23,689)	(31,632)
Нето финансиски (расходи)	**(16,510)**	**(26,814)**

22 Даночен расход

	2011	2010
Тековен данок	1,058	702
Одложен данок	-	-
	1,058	**702**

Усогласувањето на данокот од добивка со добивката според консолидираниот извештај за сеопфатна добивка е како што следи:

	2011	2010
Добивка пред оданочување	12,634	5,450
Данок пресметан по стапки применливи на добивките во соодветните законодавства	-	-
Усогласување за даночниот ефект од:		
- Неодбитни трошоци	1,058	702
- Неоданочива добивка	-	-
- Даночни разлики од консолидација	-	-
	1,058	**702**

23 Заработувачка по акција

Основна

Основна заработувачка по акција се пресметува по пат на делење на добивката која припаѓа на имателите на обични акции (по намалувањето за делот од добивката по оданочување за имателите на приоритетни акции), со пондерираниот просечен број на обични акции во оптек во текот на годината.

	2011	2010
Заработувачка која припаѓа на имателите на обични акции на Групата	10,608	4,147
Пондериран просечен број на обични акции во оптек	383,058	383,058
Основна заработувачка по акција (денари по акција)	**27.69**	**10.83**

24 Трансакции со поврзани субјекти

За потребите на овие консолидирани финансиски извештаи, поврзани субјекти, со кои Групата има трансакции во нормалниот тек од деловното работење, се придружените друштва Л.А. Хемија доо, Скопје, Градител - Адинг доо, Скопје и Адинг Схими Парс, Иран.

Салдата и обемот на трансакциите на Групата со погоре наведените субјекти со состојба на и за годината што завршуваат на 31 декември 2011 и 2010, се:

	2011	2010
Побарувања	6,067	3,849
Обврски	3,124	2,278
Приходи	6,479	8,052
Расходи	8,514	6,178

25 Неизвесни обврски

Хипотеки и гаранции

Прегледот на дадените хипотеки со состојба на 31 декември 2011 година е како што следи:

Опис на недвижноста	Еур	000 мкд
Деловен центар на улица Кузман Шапкарев бр.5	1,000,000	61,505
Производна хала	584,992	35,980
Административен простор-канцеларии Палата Унија	500,000	30,753
Зграда 1 – Административен објект	575,000	35,365
Земјиште	415,000	25,525
Производен погон во Бугарија	155,946	9,591
Возила	17,810	1,095
Залихи	50,494	3,106
	3,299,242	**202,920**

Гаранции

Со состојба на 31 декември 2011 година Групата има обврски за издадени краткорочни гаранции во износ од 2,488 илјади Денари (2010: 2,859 илјади Денари), издадени од страна на Комерцијална Банка АД Скопје. Корисник на гаранцијата е еден коминтент на Групата.

Судски спорови

Со состојба на 31 декември 2011 година, проценетата денарска противвредност на судските постапки покренати против Групата изнесува вкупно 672 илјади Денари (2010: 672 илјади Денари). Не се антиципирани материјално значајни обврски кои би произлегле од овие судски постапки бидејќи професионалните правни совети покажуваат дека нема веројатност за појава на значителни загуби.

Даночни обврски

Даночните книги и евиденцијата на Групата за 2011 година не се ревидирани од страна на даночните власти, поради што евидентираните даночни обврски во овие консолидирани финансиски извештаи не може да се сметаат за конечни. Дополнителните даноци и евентуалните санкции кои би можеле да произлезат доколку биде извршена таква даночна инспекција не може да се утврдат со разумна сигурност.

26 Финансиски обврски

Согласно член 21 од Договорот за под – кредит за финансирање од кредитната линија на Европска Инвестициона Банка (ЕИБ) (склучен меѓу ЕИБ и Македонска Банка за Поддршка на Развојот (МБПР) на ден 25 јуни 2009 година на вкупен износ од 100,000,000 Евра за кредитирање на мали и средни претпријатија и приоритетни проекти), склучен на 16 неомври 2009 година, заем бр. 12-520-41275 помеѓу Комерцијална Банка АД Скопје и Адинг АД Скопје, Матичното друштво е обврзано за времетраење на под-кредитот, да одржува адекватни финансиски коефициенти, како што следи:

а. Коефициент на долг (вкупен долг во однос на капитал) - максимум од 7:3 (односно 2.334), при што под долг се подразбира збир на сите краткорочни и долгорочни обврски без обврски кон добавувачи,

б. Степен на сервисирање на долгот – како показател за покритие на долгот (нето приход плус амортизација во однос на камата и доспеана главница по кредити) не понизок од 1, и

в. Проектот во периодот на користење и отплата на под кредитот треба да покажува минимална интерна стапка на рентабилност од 15% и позитивен готовински тек.

Следната табела ги прикажува остварените коефициенти согласно одредбите од претходно споменатиот договор.

Коефициент	2011	2010
а. Коефициент на долг (вкупен долг во однос на капитал)	0.49	0.55
б. Степен на сервисирање на долгот	0.51	0.26

27 Настани по датумот на известување

По 31 декември 2011 година - датумот на известувањето, до денот на одобрувањето на овие консолидирани финансиски извештаи, нема настани кои би предизвикале корекција на консолидираните финансиски извештаи, ниту пак настани кои се материјално значајни за објавување во овие консолидирани финансиски извештаи.

Grant Thornton

An instinct for growth™

www.grant-thornton.com.mk